بسم الله الرحمن الرحيم

# اترك أثراً
# قبل الرَّحيل

# اترك أثراً قبل الرَّحيل

محمد صالح المنجد

# ОСТАВИ ТРАГА ПРЕД ЗАМИНУВАЊЕ

*Мухаммед Салих ел Мунеџџид*



**Превод и адаптација:**

*АРИФ ЕФ РАМАДАНИ*

**Шеријатска рецензија:**

*ЕМИН ЕФ АЛИЈА*

**Лектура:**

*МУХАММЕД АЈДИНОСКИ*

**Компјутерска обработка:**

*Ебу Медина*

МУХАММЕД САЛИХ ЕЛ МУНЕЏЏИД

# ОСТАВИ ТРАГА ПРЕД ЗАМИНУВАЊЕ

**Ибнул-Кајјим, Аллах да му се смилува, рекол:** „Учениот човек кога ќе го посади своето знаење кај некој друг и потоа умре, неговата награда ќе тече и понатаму, ќе остане неговиот спомен; тоа е второ постоење и друг живот. Тоа треба да биде приоритет за кој ќе се натпреваруваат натпреварувачите и ќе поттикнуваат амбциозните.“

**(Мифтаху дарус-се’аде, 1/148)**

بسم الله الرحمن الرحيم

# ВОВЕД

Благодарноста му припаѓа на Аллах, Господарот на световите, додека салават и селам му донесуваме на најпочестениот од пратениците, нашиот пратеник Мухаммед, на неговото семејство, неговите асхаби и сите следбеници на оваа вера; и потоа:

Од највеличествените дела со кои верникот понесува огромна награда со себе и предизвикуваат најголемо Аллахово задоволство, се оние дела чија корист и ефект преминуваат на другите луѓе, дела кои не се ограничени само на добродетелите, бидејќи нивната корист, награда и одраз не се однесува само на сторителот, туку преоѓаат и на останатите членови на заедницата и општеството, па дури и на животинскиот и растителниот свет, па така користа и ползата се општи за сите созданија.

Од најголемите добри дела кои ќе користат за човекот се оние чија награда ќе тече откако човекот ќе пресели на другиот свет и ќе се најде сам и осамен во својот гроб, затоа за ревносниот муслиман вреди да настојува со сите свои потенцијали да вложи труд за да остави позитивни траги пред негово заминување од овој минлив

дуњалук, за луѓето да се служат со неговите дела и после неговото физичко постоење, да се служат додека тој е преселен на идниот свет. Колку вистинито и реално кажал Возвишениот:

﴿وَمَا تُقَدِّمُوا لأَنفُسِكُم مِّنْ خَيْرٍ تَجِدُوهُ عِندَ اللَّهِ﴾

**„А доброто коешто за себе однапред ќе го дадете ќе го најдете кај Аллах уште подобро и поголемо за награда.“** (Ел-Муземмил, 20)

Поетот рекол:

*Биди маж кога ќе дојдат по него*
*ќе кажат поминал, еве ги трагите!*

Со Аллахова помош, се обидов да ги опфатам сите аспекти од оваа важна тема, па го молам Аллах да ни подари упатство и разборитост!

*Мухаммед Салих ел-Мунеџџид*

بسم الله الرحمن الرحيم

# РАЗЛИКАТА МЕЃУ ОПШТАТА И ЛИЧНАТА КОРИСТ

**Општата корист:** тоа е она дело чија корист ги опфаќа и другите, без оглед дали тоа дело е оносветско како: поучување со наука, повикување на Аллаховиот пат или овосветско дело како: извршување на потребите на луѓето, помагање на обесправениот и друго.

**Лична корист**: се подразбира дело кое неговата корист е ограничена на поединецот и неговата награда се однесува само за него како: пост, ‘итикаф, намаз и друго.

## КОИ ДЕЛА СЕ ПОВРЕДНИ?

Правниците на шеријатската наука посочиле дека општата корист која се однесува на севкупната заедница е со поголема вредност и приоритет од личната и индивидуална корист.

Затоа некои рекле: Највреден ибадет е оној кој најмногу носи корист поради бројните текстови кои се наведуваат во Куранот и суннетот, кои експлицитно алудираат на вредноста на делата кои се однесуваат на општиот интерес на луѓето, вложување напор и труд во носење нивна корист и извршување на нивните потреби. Од најистакнатите и највидливи докази е следново:

Пренесува Ебу Дерда, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Вредноста на учениот човек во однос на просечниот побожник е како вредноста на месечината во однос на сите ѕвезди.“ [1]

Пратениковите, с.а.в.с., зборови на Алија ибн Еби Талиб, р.а.: „Аллах преку тебе да упати еден човек е подобро за тебе отколку да поседуваш црвени камили.“[2]

Пренесува Ебу Хурејре, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Кој ќе повикува на Прав пат ќе има награда како наградите на оние кои ќе го следат и нема ништо од нивната награда да им се намали.“[3]

Оној што прави ибадет кој е личен и индивидуален за себе си кога ќе пресели на ахирет му прекинува делото, додека оној кој прави дело кое е од општа корист нема да му прекине делото по неговата смрт.

---

[1] Го пренесува Ебу Давуд (3641) и тој се наведува во Сахихул-Џами' (4212)

[2] Муслим, (34)

[3] Муслим, (2674)

Возвишениот Аллах ги испрати божјите пратеници со доброчинство до сите созданија, за нивно упатување и да им донесат корист за она што ќе им биде од полза на овој и на оној свет, тие не беа испратени да се осамат и дистанцираат од луѓето, затоа Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, ги критикувал оние тројца побожници од неговите асхаби кои одлучиле да се изолираат во ибадет и нема да се мешаат со луѓето.

Од Енес, р.а.: *„...*Тројца луѓе дошле во домот на Аллаховиот Пратеник, алејхи селлем, при што биле неговите жени, па ги прашале каков е ибадетот на Пратеникот, алејхи селлем, па откако ги известиле, рекле: 'Каде сме ние во споредба со ибадетот на Аллаховиот Пратеник? Нему Аллах Му ги простил изминатите и идните гревови', па едниот од нив рекол: 'Што се однесува до мене, јас непрекинато ќе клањам по цели ноќи.' Другиот рекол: 'Што се однесува до мене јас непрекинато ќе постам, нема да мрсам, воопшто.' Третиот рекол: 'Што се однесува до мене, јас ќе ги оставам жените, никогаш нема да се женам.' Па, дошол Аллаховиот Пратеник, алејхи селлем, и рекол: 'Јас од сите вас најмногу се плашам од Аллах, а јас постам и мрсам, клањам и спијам, и јас се женам, па кој ќе отстапи од мојот суннет не е од мене.*"* (**Бухари, Муслим**)

Ова вреднување се однесува според видот и типот, а не воопштено, дека секое општо дело е повредно од секое лично дело, па намазот, постот, хаџот и други ибадети се лични и индивидуални во основа, но сепак тие се главни столбови на исламот и негови основни принципи.

Затоа некои учени луѓе рекле: „Највреден ибадет е дело кое предизвикува Аллахово задоволство во секое време според она што го налага времето и просторот.“[4]

[4] Медариџус-салихин, 1/85-87.

بسم الله الرحمن الرحيم

# ПОМАГАЊЕ НА ЛУЃЕТО Е СВОЈСТВО НА ПРАТЕНИЦИТЕ И ВЕРОВЕСНИЦИТЕ

Носење корист на луѓето преку општи дела е пат на пратениците и веровесниците, и задача на оние кои го следат нивниот патоказ, чекорат зад нивните траги, па тие се најкорисни луѓе за луѓето, тие се оние кои ги упатуваат луѓето во Аллаховата вера, ги избавуваат од темнина на виделина, со Негова дозвола, на тој начин што ги повикуваат кон Аллаховото едноштво (тевхид), без кое нема ниту среќа ниту углед на овој и на оној свет.

Корисста која им ја донесоа пратениците на луѓето не е ограничена само на ахиретските работи, туку се однесува и на дуњалучките работи:

- Јусуф, а.с., беше раководител на магацините за храна кај управникот во Египет:

﴿قَالَ اجْعَلْنِي عَلَى خَزَائِنِ الأَرْضِ إِنِّي حَفِيظٌ عَلِيمٌ﴾

**„Постави ме“ – рече – „да водам грижа за стовариштата во земјата, јас навистина ќе ги чувам со знаење.“** (Јусуф, 55) Па во вршењето на неговата функција

имаше добробит, корист и спас за луѓето од сушните и гладни години кои ја погодија земјата.

- Муса, а.с., кога дојде до изворите на Медјен, виде како луѓето ги напојуваат своите стада, додека од друга страна забележа две немоќни девојки како чекаат за да ги напојат своите овци, па го крена каменот од бунарот и со тоа им го напои нивното стадо.

- Нашиот Пратеник, с.а.в.с., за кого мајката на верниците, неговата сопруга Хадиџа,, р.а., во неговиот опис, кога се вратил исплашен по првата средба со мелекот Џибрил во пештерата Хира, му рекла: „Никако, се колнам во Аллах, Тој нема да те остави на цедило (понижи), бидејќи ти ги одржуваш роднинските врски, го понесуваш теретот на сирачето, стекнуваш за сиромашните, гостољубив си и им помагаш на оние кои ја застапуваат вистината.“

Оној кој им користи на луѓето, се обидува да смири скарани страни, се труди во нивно поправање, поучување, зближување... Тоа е доказ дека станува збор за вистински верник. Возвишениот Аллах вели:

﴿لَا خَيْرَ فِي كَثِيرٍ مِنْ نَجْوَاهُمْ إِلَّا مَنْ أَمَرَ بِصَدَقَةٍ أَوْ مَعْرُوفٍ أَوْ إِصْلَاحٍ بَيْنَ النَّاسِ وَمَنْ يَفْعَلْ ذَلِكَ ابْتِغَاءَ مَرْضَاةِ اللَّهِ فَسَوْفَ نُؤْتِيهِ أَجْرًا عَظِيمًا﴾

**„Нема никакво добро во состаноците нивни тајни освен оној кој наредува садака или јавно добро или**

**слога меѓу луѓето. А на оној кој ова го работи заради задоволствата Аллахови Ние ќе му дадеме награда голема!“** (Ен-Ниса, 114)

Се пренесува од Ебу Хурејре, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., рекол: „Кој ќе отстрани некаква овосветска неволја на верникот, Аллах нему ќе му отстрани неволја на Судниот ден. Кој ќе му олесни на должникот, Аллах нему ќе му олесни и на овој свет и на оној свет. Кој ќе покрие срамно дело на еден муслиман, Аллах ќе му покрие срамно дело и на овој свет и на оној свет. Аллах е при помош на Својот роб сè додека робот е при помош на својот брат. Оној што ќе тргне на пат да бара наука, Аллах ќе му го олесни патот кон џеннетот. Кога луѓето ќе се зберат в џамија за да ја читаат и изучуваат Книгата (Куранот), Аллах ќе им спушти мир и ќе ги покрие милоста; тогаш мелеките ќе ги опкружат и Аллах ќе го споменуваат кај оние кои се во Неговата близина. А кој ќе забави со своето дело, нема да го забрза неговото потекло.“ **(Муслим, Ибн Маџе)**

Пренесува Ебу Хурејре, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., рекол: „Имало некој човек кој им давал заем на луѓето и на својот слуга му велел: кога ќе ти дојде некој кој е немоќен да го врати, надмини му го, можеби Аллах и нам ќе ни ги надмине (гревовите), па кога го сретнал Аллах, Аллах му ги надминал гревовите.“ **(Ахмед, Несаи, Ибн Хиббан)**

Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., рекол: „Пример на верниците во меѓусебната љубезност, милост и сочувствителност се слични на едно тело. Кога ќе заболи еден

орган сите останати органи ќе му се придружат во несоница и грозница.“ **(Бухари, 6011, Муслим, 2586)**

Раскажува Џабир ибн Сулејм ел-Хуџејми дека дошол кај Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., и му рекол: „Порачај ми нешто, Аллахов Пратениче?“ Рече: „Плаши се од Аллах и немој нешто да омаловажуваш од добрите дела па дури и со својата кофа да му посипеш вода на другиот, па дури и да зборуваш со својот брат со насмеано лице. Чувај се од влечење на облеката по земја бидејќи тоа е знак на горделивост, а Аллах не ја сака горделивоста.“ **(Ахмед, Несаи, сахих)**

Пренесува Енес ибн Малик, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., рекол: „Има луѓе кои се отворачи за добро, а затворачи за лошо. Има луѓе кои се отворачи за зло, затворачи за добро, па блазе на оној кого Аллах го направи отворач на добро, а тешко на оној кого Аллах го направи отворач за зло.“ **(Ибн Маџе, Албани-сахих)**

Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., покажа прекрасни примери во сакање добро за луѓето. Џабир,, р.а., раскажува: „Излегов со Пратеникот а.с., во една битка, а мојата камила забави, па ми дојде Пратеникот, а.с., и ми рече: Џабире! Реков: Да. Рече: Што е проблемот? Реков: Мојата камила се измори и забави па заостанав. Потоа со својот стап ја сопре камилата и ми рече: Качи се! Се качив. Потоа ме праша: Дали си женет? Реков: Да. Рече: Девица или вдовица! Реков: Вдовица. Рече: Како не се ожени со девојка која ќе се поигрува со тебе и ти ќе се поигруваш со неа! Му реков: Имам сестри па си реков да се оженам со вдовица да се грижи за нив. Потоа ме праша: Дали ја

продаваш камилата? Реков: Да. Па ја купи од мене за една еукија (златник) Потоа откако се врати Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., и јас дојдов наутро во џамија, го најдов на вратата од џамијата. Ми рече: Штом сега дојде, остави ја камилата и клањај два рекати. Потоа му нареди на Билал да го мери златникот и тој отежна на вагата. Си реков во себе дека сега ќе ми ја врати камилата, а тоа ми беше нешто што најповеќе го мрзев. Но тој ми рече: „Земи ја камилата и нејзината цена (парите)!“ **(Бухари, Муслим)**

Хузејфе ел-Адеви раскажува за настанот што се случил после Битката на Јермук, источна притока на реката Јордан. Во таа битка, што се случила 20 август 636 година по Иса, а.с., исламската војска што броела околу 25 000 војници, извојувала голема победа над Византијците, иако тие имале над 100 000 војници. Како Халид ибн Велид, којшто командувал со исламската армија, можел да извојува толку голема победа? Едноставно. Неговите борци во своите срца знаеле дека го бранат својот дом и своите идеали, а нивните души оделе по патеките што водат кон совршенство. Сите возвишени и благородни вредности ги нoселе во себе. Хузејфе ел-Адеви сведочел за еден извонреден квалитет на овие борци, за нивната несебичност и доброчинство: „Со мене зедов малку вода и тргнав да го барам ранетиот чичко на военото поле, да го напојам, ако го најдам жив. Превртувајќи ги мртвите, конечно го најдов. Беше тешко ранет. Кога ме здогледа, ми даде знак дека е жеден и дека сака да се напие вода. Додека му ја доближував стомната со вода до усните, офна еден друг ранет војник и замоли да му се даде вода.

Мојот чичко го слушна тоа, па самиот не се напи вода, туку ми даде знак со рака со стомната да појдам кај ранетиот што испушти глас и бара вода. Кога се доближив до тој ранет борец, го препознав дека тоа е братот по вера, Хишам ибн ел-Ас. Тукушто му се доближив со водата, офна трет ранет борец. Хишам ја одби водата што му ја нудев и ми даде знак да ја однесам кај третиот ранет борец. Меѓутоа, кога стигнав до тој борец, тој веќе беше починал. Веднаш се вратив кај Хишам. Сега и тој беше починат. Се вратив кај мојот чичко, но и тој беше починат.“

Сирри ес-Секати бил голем побожник во неговото време. Тој вели за себе: „Уште пред триесет години јас барам прошка поради една моја реч „ел-хамдулиллах“ (фала на Аллах). Го прашале: „А како тоа?“ Одговорил: „Еднаш во Багдад се случи пожар и еден човек потрча кон мене и ми рече: ‘Твојот дуќан се спаси!’ Реков: Фала на Аллах! Јас уште оттогаш се каам кога посакав добро само за себе без останатите луѓе!“ **(Фејдул-кадир, 1/124)**

Се пренесува дека големиот имам и познат мухаддис Абдуллах ибн Мубарек годишно делел садака која достигнувала повеќе од сто илјади динари. Една година излегол со неговите другари за Хаџџ и по пат наишле на мртва птица. Абдуллах им нареди да ја фрлат во место на отпадоци. Потоа заминале неговите другари, а тој заостанал и во тој момент дошла некоја сиромашна жена и ја зела птицата, чија куќа била во близина. Вчудовиден Абдуллах ибн Мубарек од ова дело ја запрашал што ќе прави со мртва птица? Жената му одговорила дека таа и нејзиниот брат се многу сиромашни и никој не знае за

нивната состојба, кои пак немаат ништо за јадење. Тогаш Абдуллах ибн Мубарек им рекол на своите другари онаа храна што ја имаат да и ја дадат на жената и на нејзиниот брат, потоа го запрашал слугата: Колку имаат пари со нив. Му одговорил: Илјада динари, тогаш му рече: 'Извади од нив десет динари да ни стигнат до Мерву (Нивно место и град) а преостанатите пари дај и ги на жената', откако и ги дадоа се вратија дома без да обават Хаџџ.

Историчарот Мухаммед ибн Исхак вели: Жителите на Медина (сиромасите, бедните, јетимите и сл.) ги хранел некој, но не знаеле од каде и кој ги храни, кој им става храна пред вратата? Меѓутоа кога умрел Зејнул-Абидин ибн Ел-Хусејн – нека Аллах биде задоволен од него – забележале дека нема веќе кој да става храна пред нивните врати како порано, и од тука дознале дека човекот им доаѓал ноќе и им ставал храна пред врата. При капење на неговото Џеназе на неговото рамо забележале рани од носење на вреќи со храна до бедните и сиромашните.

Познатиот Лејсу ибн Се'ад, Аллах да му се смилува, бил многу богат човек така што годишниот приход му изнесувал над седумдесет илјади динари (златници). Целата оваа сума ја делел на сиромашни и бедни, дури немал одреден процент кој достигнува за да дели зекат поради постојано делење. Се пренесува дека еднаш купил куќа и во неа складирал храна, потоа кога отишол неговиот служител од неа да земе што имал потреба од храна, нашол во неа сместени деца и сирачиња кои го замолиле да ги остави да престојуваат во неа и да не ги

истера. Кога слушнал за ова Лејсу ибн Сеад им пратил до нив вест дека куќата е нивна и дека секој ден ќе им испраќа храна и сè што е потребно од намирници.

## По овој исправен метод постапуваа и асхабите и добрите луѓе:

- Ебу Бекр, р.а., ги одржуваше роднинските врски и им помагаше на потребните, затоа кога неговиот народ се обиде да го протера, Ибну Дегинне кој беше мушрик (идолопоклоник) му се обрати со зборовите: „Човек како тебе не треба да излегува и да се протерува, бидејќи ти му помагаш на немоќниот, ја поврзуваш роднината, понесуваш одговорност за неволникот, го почестуваш гостинот и им помагаш на оние кои ја застапуваат вистината.“[5]

- Омер ибн ел-Хаттаб, р.а., ги посетувал вдовиците и им носел вода преку ноќ.

- Али ибн ел-Хусејн, Аллах да му смилува, носел храна до куќите на сиромашните во темнината на ноќта. Кога умрел прекинала таа пракса. Ибн Исхак вели: „Луѓето во Медина живееле од нечија помош без да знаат кој им поставува храна пред нивните куќни прагови, па

[5] Бухари, (2175)

кога умрел Али ибн ел-Хусејн прекинала таа пракса, бидејќи пресели оној кој им носел храна преку ноќ.“[6]

На овој начин постапувале и добрите луѓе од овој уммет кога ќе најделе прилика и можност да им користат на луѓето, се радувале неизмерно и тоа го сметале за најдобри денови од нивниот живот!

- Табиинот Суфјан ес-Севри, Аллах да му се смилува, се радувал кога ќе видел просјак пред неговата врата и велел: „Добредојде на оној кој ги мие моите гревови.“

- Додека Фудајл ибн Ијад, Аллах да му се смилува, велел: „Блазе на просјаците, ги носат нашите багажи на идниот свет без да ни наплатат сѐ  додека го стават на вагата.“

## Огромната награда за делата од општа корист во Куранот и суннетот:

1- Зборовите на Возвишениот: „**Се колнам во времето, човекот навистина губи, освен тие коишто веруваат и коишто прават добри дела, и коишто едни со други си ја препорачуваат вистината, и коишто**

[6] Сијер 'аламун-нубела, 4/393.

**едни со други си ја препорачуваат трпеливоста.“** (Ел-Аср, 1-3)

Шејх Са’ди, Аллах да му се смилува, рекол: „Возвишениот се колни во времето, во кое спаѓа ноќта и денот, а тие се период на делата и работите на луѓето дека секој човек е на пропаст освен оној кој ќе се опише со четири својства:

- Верување во она што наредил Аллах од верување во Него.

- Добри дела, а ова ги опфаќа сите добри дела, внатрешни и надворешни, видливи и невидливи, оние кои се поврзани за Аллаховото право и правото на Неговите созданија, задолжителни и препорачливи.

- Меѓусебно препорачување на вистината, а тоа е иманот и добрите дела, односно: едни си порачуваат на други вистина, поттик кон неа и придржување за неа.

- Меѓусебно препорачување на трпеливост во послушноста на Аллах, избегнување на гревови, и издржливост при болната Аллахова предодредба.

Со првите две дела или зафати човекот се усовршува себеси, додека со последните две дела го усовршува и потполнува другиот, па со целосната примена на овие четири дела и компоненти човек се обезбедува и штити од пропаст и профитира голема заработка.“[7]

[7] Тејсирул-Керимир-Рахман, (934).

Значи, спасот на човекот од пропаст и загуба зависи од неговото настојување во правење добро на останатите луѓе, нивно советување и препорачување на вистина и трпеливост.

2. Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, известил дека најдобар од луѓето е оној кој најмногу им носи корист на луѓето. Пренесува Џабир бин Абдуллах, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Верникот сака и сакан е, нема добро во оној кој не сака и не е сакан, а најдобар од луѓето е оној кој најмногу им користи на луѓето.“ [8]

Шејх Мунави, Аллах да му се смилува, рекол: „Најдобар од луѓето е оној кој најповеќе им користи на луѓето“ со правење добро кон нив било со пари или неговиот углед заради што тие се Аллахови робови, па најсаканиот од нив кон Него е оној кој им користи најмногу на луѓето; а таа корист е преку пружање на корист или отстранување на неволја од нив било верска или дуњалучка, па верската корист е со повисоко ниво и поголема полза.[9]

Ибнул Кајјим, Аллах да му се смилува, рекол: „Здравиот разум, верата, чистата природа, искуствата на луѓето и покрај различните раси и бои укажуваат на фактот дека приближувањето до Аллах, добродетелството и добрината кон Неговите созданија е причина за стекнување на секое добро, додека спротивното е најголема

[8] Таберани во Евсат (5949), Албани го оценил за добар во Силсиле Сахиха (426)
[9] Фејдул-кадир, 3/481.

причина за секое зло. Па не може да се заслужи Аллаховата благодат и да се отфрли Неговата казна и лутина како што тоа може со искажување послушност кон Него и доброчинство кон Неговите созданија.“[10]

3 – Пренесува Ибн Омер, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Најсакан од луѓето кај Аллах е оној кој најмногу им користи на луѓето. Најсакани дела кај Аллах е радост да внесеш кај муслиманот, или да му одстраниш од него неволја, или да му го исплатиш долгот или заситиш гладта. Да одам со мојот брат во некоја потреба е посакано кај мене отколку да се затворам во ‘итикаф во оваа џамија, значи Пратениковата џамија, еден месец. Кој ќе ја скроти лутината, Аллах ќе му го покрие срамот, а кој ќе се воздржи при лутина, а да сака да ја искаже може да ја искаже, Возвишениот Аллах ќе му го наполни неговото срце со спокој на Судниот ден. Кој ќе оди со својот брат во некоја потреба сè додека ја изврши, Аллах ќе му ги зацврсти неговите нозе на сиратот на денот кога ќе се лизгаат нозете.“[11]

Зборовите на Пратеникот: „Да одам со мојот брат во некоја потреба е посакано кај мене отколку да се затворам во ‘итикаф во оваа џамија, значи Пратениковата џамија, еден месец.“ сака да укаже на фактот дека ‘иткафот е дело со кое личноста има лична корист,

---

[10] Ел-Џевабул-Кафи, 9.

[11] Кадау-хаваиџ, Ибн Еби Дунја (36), Албани го оценил за добар во Тергиб (2623).

додека одењето во извршување на нечија потреба има општа корист која се однесува за друг човек, а тоа е апсолутно покорисно и посакано кај луѓето.

Бил прашан Шејх Усејмин, Аллах да му се смилува: „Дали му се дозволува на му'текифот (човек кој е во 'итикаф) да бара со телефон за да изврши некоја потреба на муслиманите?"

Одговорил: „Да, му се дозволува на му'текифот да се јави со телефон за да изврши некој потреба на муслиманите ако телефонот е во џамија каде што тој престојува, бидејќи тој не излегол надвор од џамијата, додека ако телефонот е надвор нека не излегува заради тоа. Додека ако извршувањето на потребите на луѓето биде тесно поврзано за него тогаш нека не влегува во 'итикаф, бидејќи извршување на потребите на луѓето е поважно од самиот 'итикаф, бидејќи помагањето на луѓето е повредно и покорисно од личното затворање во џамија каде што користа е индивидуална освен во случај кога личната корист е тесно поврзана за константните исламски постулати и императиви."[12]

4 – Џабир ибн Абдуллах, р.а., пренесува дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Нема муслиманот да посади садница па од неа ќе касне човекот, животното или птицата а тоа да не му се запише како садака до Судниот ден." [13]

---

[12] Меџму' фетава (20/126).

[13] Муслим (1553)

Во друга верзија: „Секој еден муслиман кој ќе посади садница и од неа некој ќе касне ќе му биде садака, дури и она што ќе се украде од тоа ќе му биде садака, и ѕверовите што ќе каснат од него ќе му биде садака, и птиците што ќе јадат ќе му биде садака, и секој кој ќе одземе од него нешто ќе му биде садака.“[14]

Се пренесува дека некој човек поминал покрај Ебу Дерда, р.а., а тој садел садница во Дамаск, па му рекол: „Зарем ова го правиш а ти си Пратеников асхаб?“ Рекол: Не брзај за мене, го слушнав на Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, како вели: „Кој ќе посади садница и од неа нема да касне човек или некое Аллахово создание а тоа да не му биде садака за него.“[15]

Имамот Невеви, Аллах да му се смилува, рекол: „Во овие хадиси се истакнува вредноста за садење и вредноста за сеење, и се потенцира фактот дека оној кој тоа го прави, наградата му е постојана и константна сè додека постои и од него се користат созданијата било да е садено или сеено и сè што ќе произлезе од него до Судниот ден. Исто така, во хадисите се нагласува уште една вистина дека човекот ќе биде награден дури и во ситуација кога нешто од неговиот имот ќе биде украдено или пак го уништи животно или птица и слично на тоа.

[14] Муслим (1552)

[15] Ахмед, (27546) Албани го оценил за сахих во Сахих Тергиб вет Терхиб (2600)

Зборовите на Пратеникот, с.а.в.с.: „кога ќе биде одземено од него, значи намалено или скинато.“[16]

Поради тоа некои учени луѓе сметаат (а имам Невеви го потврдил) дека она дело кое се однесува на сеење е повредно од она дело кое се однесува на индустрија и трговија, а сето тоа заради општата корист која ја носи сеидбата и земјоделството, бидејќи во земјоделството има корист и за луѓето и животните и птиците и инсектите.[17]

5 – Секое добро кое човекот го пружа за луѓето се смета за садака:

Џабир ибн Абдуллах, р.а., пренесува дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Секое добро дело е садака.“[18]

Пренесува Ебу Зерр, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Секој човек секој ден во кој изгреало сонцето е должен да подели садака од себе за својата душа.“ Реков: ‘Аллахов Пратенику, од каде да поделиме толку кога немаме богатство?’ Рече: ‘Од вратите на садака се Аллаху екбер, субханаллах, елхамдулиллах, ла илахе иллаллах и естегфируллах, да наредиш добро и спречиш зло, да отстраниш трње од патот на луѓето, и коска и камен, да го упатиш слепиот, да му помогнеш на глувиот и немиот да сфатат, да му укажеш на оној кој има некоја потреба за нејзиното место,

[16] Шерхун-Невеви ала Сахих Муслим, 5/396.

[17] Шерхун-Невеви ала Сахих Муслим, 5/396.

[18] Бухари (5675)

да настојуваш со цврсти нозе да му олесниш на оној кој е немоќен и бара помош, да чекориш по пат со слабиот, сето тоа се смета од вратите на садака од тебе за себе, дури и во интимниот однос со својата сопруга имаш награда.' Ебу Зерр рече: 'Зарем и во задоволување на страста да имам награда?' Пратеникот, с.а.в.с., рече: 'Што мислиш ако имаш дете и порасне и се надеваш во неговото добро и потоа умре, дали во него сметаш награда?' Реков: 'Да.' Рече: 'Дали ти го создаде?' Рече: 'Напротив, Аллах го создал, па дали ти го упати? Рече: 'Не, Аллах го упатил.' Рече: 'Ти го храниш.' Рече: 'Не, туку Аллах го хранел.' Рече: 'Исто така, стави го во дозволено и избегнувај забрането, па ако Аллах сака ќе го оживее а ако сака ќе го усмрти а ти имаш награда."[19]

Ебу Хурејре,, р.а., вели дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „За секој зглоб луѓето се должни да поделат садака. Секој ден во кој изгрева сонцето ги помириш двајца е садака, да го помогнеш човекот да се качи на своето животно или му ги подигнеш работите се смета за садака, убавата реч е садака, секој чекор кој го правиш за џамија е садака, и да отстраниш пречка од патот се смета за садака."[20]

6 – Брзање во она што им користи на луѓето спаѓа од причините за влегување во Џеннет и спасување од огнот:

[19] Ибн Хиббан (3377) Ахмед (21522) Албани го оценил за сахих во Силсиле Сахиха (575)
[20] Бухари (2827)

- Пренесува Ебу Зерр, р.а., дека го прашал на Пратеникот, а.с.: ‘Кое дело е највредно?’ Рече: ‘Верување во Аллах и борење на Неговиот пат.’ Реков: ‘Кои робови се највредни?’ Рече: ‘Оние со најскапа цена и најценетите кај нивните сопственици.’ Реков: ‘А ако тоа не можам да го направам?’ Рече: ‘Ќе му помогнеш на работникот, или ќе работиш за да спечалиш.’ Рече: ‘А ако не можам?’ Рече: ‘Остави ги луѓето без да им нанесуваш зло тоа ти се смета за садака која ќе ја поделиш на себе си.“[21]

- Пренесува Ебу Зерр, р.а.: дека рекол: ‘Аллахов Пратенику, што може да го спаси човекот од оган?’

Рече: ‘Иманот во Аллах.’

Реков: ‘Аллахов Пратенику, со верувањето се и делата.’

Рече: ‘Да подели од она што Аллах го снабдил.’

Реков: ‘Аллахов Пратенику, а што мислиш ако е сиромав и нема што да даде?“

Рече: ‘Ќе наредува добро и одвраќа од зло.’

Реков: ‘Аллахов Пратенику, а што велиш ако има недостаток па не може да наредува добро и да одвраќа од зло?

Рече: ‘Ќе работи да спечали.’ (Тој е оној кој е незнајко кој нема никакво занимање да печали од него)

Реков: ‘А што велиш ако е немоќен и незнајко да направи нешто?’

Рече: ‘Ќе му помогне на обесправениот.’

[21] Бухари, (2382)

Реков: ‘А што велиш ако е слаб и не може да му помогне на обесправениот?’

Рече: ‘Не сакаш да оставиш во твојот другар никакво добро, ќе се воздржи од вознемирување на луѓето.’

Реков: ‘Аллахов Пратенику, ако така постапи ќе влезе во Џеннет?’

Рече: ‘Секој еден муслиман кој ќе направи едно од тие дела, ќе биде фатен за рака и ќе влезе во Џеннет.“[22]

- Пренесува Омер, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, беше прашан: „Кое дело е највредно?’ Рече: ‘Да внесеш радост кај верникот, да му ја заситиш гладта, го покриеш неговото срамно место или му ја завршиш потребата.“[23]

Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, наредил за оној кој може на некој начин да му користи на својот брат муслиман нека му користи и му биде од полза, па рекол: „Кој од вас може да му користи на својот брат, нека му користи.“ [24]

Постојат разновидни форми за правење добро и носење корист на другите, па затоа кое дело ќе биде покорисно за луѓето толку е повредно кај Севишниот Аллах. Затоа практичниот муслиман треба да се труди и настојува по секоја цена да прави општи дела кои се од заеднички интерес и општа добробит.

---

[22] Таберани во Евсат (5081), Албани го оценил за сахих во Сахих Тергиб ве Терхиб (876)

[23] Таберани во Евсат (5081) Албани го оценил за добар во Сахих Тергиб ве Терхиб (2621)

[24] Муслим (2199)

بسم الله الرحمن الرحيم

# ПРИМЕРИ НА ДЕЛА КОИ СЕ ОД ОПШТА КОРИСТ И КОЛЕКТИВЕН ИНТЕРЕС

## *ПОВИКУВАЊЕ НА АЛЛАХОВИОТ ПАТ:*

Повикувањето на Аллаховиот пат спаѓа во најзначајните дела од кои има општа корист за луѓето, оти нема такво слично дело кое има општа корист како повикувањето во Аллаховото едноштво, носење на Божјиот аманет до луѓето; затоа оваа благородна задача Возвишениот Аллах им ја довери на најодбраните човечки созданија, а тоа се пратениците и веровесниците, Аллаховиот благослов и спас нека биде врз нив, исто така и на оној кој ќе тргне по нивниот патоказ.

Возвишениот Аллах рекол:

﴿وَمَنْ أَحْسَنُ قَوْلًا مِمَّنْ دَعَا إِلَى اللَّهِ وَعَمِلَ صَالِحًا وَقَالَ إِنَّنِي مِنَ الْمُسْلِمِينَ﴾

**„А кој говори поубаво од тој што повикува кон Аллах, кој прави добри дела и кој вели: „Јас сум, навистина, муслиман!“** (Фуссилет, 33)

Ибн Кесир, Аллах да му се смилува, рекол: **„А кој говори поубаво од тој што повикува кон Аллах“,** Значи ги повикува луѓето во Аллаховата вера.

**„Кој прави добри дела и кој вели: „Јас сум, навистина, муслиман!“**, значи тој е упатен во себе во она што повикува, па тој корисен е во себе и им користи и на другите, тој не е од оние кои наредуваат добро а не го прават доброто, спречуваат од зло а самите го прават, туку прави добро и избегнува зло, и созданијата ги повикува кон Создателот, џ.ш., Ова се однесува за секој поединец кој повикува во добро и самиот е упатен.[25]

Повикувачите на Аллаховиот пат не се задоволија себеси со гледање на оние кои се потопени без да им пружат спасувачка рака, ниту ја изгубија хуманоста па ги препуштат збунетите да талкаат по пат без да им укажат на патоказот, не го погребаа знаењето ниту го ограничија само на себе, туку го расипаа својот спокој и ја истресоа прашината на мрзливост од себе, и се впуштија во животот носејќи ја светлината до другите; па незнајкото го поучија, невнимателниот го разбудија, заскитаниот го упатија со Аллахова дозвола и упатство.

Најголема корист која може да им се пружи на луѓето е нивно вадење од темнината на неверство, новотарија

[25] Тефсир Ибн Кесир (7/179)

и грешење кон светлината на тевхидот, суннетот и послушноста.

Возвишениот вели:

﴿أَوَمَنْ كَانَ مَيْتًا فَأَحْيَيْنَاهُ وَجَعَلْنَا لَهُ نُورًا يَمْشِي بِهِ فِي النَّاسِ كَمَنْ مَثَلُهُ فِي الظُّلُمَاتِ لَيْسَ بِخَارِجٍ مِنْهَا كَذَلِكَ زُيِّنَ لِلْكَافِرِينَ مَا كَانُوا يَعْمَلُونَ﴾

**„Зарем е ист тој што бил во заблуда, а кого Ние го оживеавме и му дадовме светло со помош на кое меѓу луѓето се движи, со тој што е во темнината од која не излегува? А на неверниците им се чини убаво тоа што го прават.“** (Ел-Енам, 122)

﴿ٱدْعُ إِلَىٰ سَبِيلِ رَبِّكَ بِٱلْحِكْمَةِ وَٱلْمَوْعِظَةِ ٱلْحَسَنَةِ وَجَادِلْهُم بِٱلَّتِي هِيَ أَحْسَنُ إِنَّ رَبَّكَ هُوَ أَعْلَمُ بِمَن ضَلَّ عَن سَبِيلِهِ وَهُوَ أَعْلَمُ بِٱلْمُهْتَدِينَ﴾

**„На патот на Господарот твој мудро и со убав совет повикувај, и со нив на најубав начин дискутирај! Господарот твој ги знае тие што заталкале од Неговиот пат и Тој ги знае тие што се на Вистинскиот пат.“** (Ен-Нахл, 125)

Согласно овој Аллахов императив, повикувањето на Божјиот пат е должност и обврска за секој муслиман и муслиманка, должност и обврска на целото исламско општество и заедница. Ако еден дел од исламската заедница ја занемари оваа должност, тогаш секој поединец ќе биде грешен бидејќи не презел одредени активности за да го спречи тонењето во грев и грешење. Повикување на Аллаховиот пат, ва'з, совет, луѓето да се упатуваат на добро, да прават добри дела, да се спречуваат од злото – е темел врз кој почива исламот и неговите темели.

Кого и да подучиме нешто за исламот, или му кажеме некакво добро, исто е како да сме го направиле. Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., рекол: „Кој ќе укаже на некое добро, му припаѓа истата награда како и оној што ќе го направи.“

Повикување на луѓето во ислам, во Аллаховата вера има цврста втемеленост како во Куран така и во суннет.

Ова не само што е најубава улога на еден муслиман во општеството, туку на сите нас ни е обврска да го пренесуваме на другите она што го знаеме од исламот. Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., вели: „Пренесете од мене барем еден ајет.“ (**Бухари**)

Самиот Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., ги повикувал луѓето во Аллаховата вера и им укажувал на Вистинскиот пат низ целиот период на својата пратеничка мисија и ни остави најдобар пример како треба да го следиме во овој најчесен повик. Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., како жив пример на Куранот, во пракса најдобро ја објаснил смислата на оваа хумана исламска одредба. Сиот негов пратенички живот, за кого Возвишениот Аллах вели дека е најдобар пример за верникот, бил исполнет со борба за добро во склад со куранските одредби. Еве еден илустративен пример кој практично го објаснува ставот на Пратеникот, с.а.в.с., кон оваа институција – повикување и поучување на другите во верата. Се пренесува од ибн Аббас, р.а., дека Пратеникот, с.а.в.с., видел златен прстен на раката од еден човек, му го извадил, го фрлил и рекол: „Некои од вас се насочуваат кон зажарен јаглен и го ставаат на раце.“ По заминувањето на Аллаховиот

Пратеник, с.а.в.с., му било речено на човекот: „Земи го прстенот и искористи си го.“ Човекот одговорил: „Не, жими Аллах, никогаш нема да го земам откако го фрли Аллаховиот Пратеник.“

Возвишениот Аллах вели:

﴿يٰأَيُّهَا ٱلنَّبِيُّ إِنَّآ أَرْسَلْنَاكَ شَاهِداً وَمُبَشِّراً وَنَذِيراً * وَدَاعِياً إِلَى ٱللَّهِ بِإِذْنِهِ وَسِرَاجاً مُّنِيراً﴾

**„О, веровеснику, Ние те пративме како сведок и како носител на радосни вести и како Пратеник кој опоменува, за да повикуваш кон Аллах, по Негова наредба, и како светилка која сјае.“** (Ел-Ахзаб, 45-47)

И Аллаховите избрани луѓе пред последниот пратеник Мухаммед, а.с., ги повикувале своите народи во една вера и им укажувале на правиот пат. Возвишениот Аллах вели: **„Твое е да опоменуваш, а секој народ го имал тој што на Вистинскиот пат го упатувал.“** (Ер-Ра‘д, 7)

Потоа, учените луѓе се наследници на Аллаховите Пратеници, бидејќи ја познаваат нивната наука која им е доставена од Аллах, по неа работаат и ја шират. Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., рекол: „Навистина учените се наследници на веровесниците. А навистина веровесниците не оставиле во наследство ниту динари ниту дирхеми, туку оставиле знаење, па кој ќе го прифати, добил голем удел во наследството.“ (**Ахмед, Тирмизи, Ебу Давуд – хасен**)

## Негативни последици од оставање на да’ветот

Аллаховиот Пратеникот, с.а.в.с., рекол: „Се колнам во Аллах! Или ќе наредувате на добро и ќе одвраќате од зло и ќе ги спречувате насилниците, или Аллах ќе ви ги спои срцата (со насилниците) па да ве направи проклети како што нив (евреите) Ги проколнал.“ (**Ебу Давуд, 4336**) Од хадисот гледаме дека Пратеникот, с.а.в.с., му се заканува на умметот дека ќе го стигне Аллаховото проклетство ако го остави наредувањето на добро и одвраќањето од зло.

Еве го предупредувањето на Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., за напуштање и изоставање на оваа институција:

وَالَّذِي نَفْسِي بِيَدِهِ لَتَأْمُرُنَّ بِالمَعْرُوفِ وَلَتَنْهَوُنَّ عَنِ المُنْكَرِ و لَيُوشِكَنَّ
اللهُ أَنْ يَبْعَثَ عَلَيْكُمْ عِقَاباً مِنْهُ فَتَدْعُونَهُ فَلا يَسْتَجِيبُ لَكُمْ

„*Се колнам во Оној во чија рака е мојава душа; вие или ќе наредувате добро и ќе забранувате зло или, пак, Аллах ќе ви испрати казна, па ќе Го молите и нема да ви се одѕвие.*” (**Тирмизи, ибн Маџе, Бејхеки – хасен**)

Негативните последици кои произлегуваат од оставањето на даветот, наредувањето на добро и одвраќањето од зло, се дели на два вида: дуњалучки (на овој свет) и ахиретски (на оној свет).

**Дуњалучки последици:**

1. *Снемување на лична и друштвена сигурност*
2. *Ширење неред*
3. *Снемување на бериќет во имотот*
4. *Заслуга на Аллаховата казна*
5. *Заслуга на Аллаховото проклетство*

❁ **- Снемување на лична и општествена сигурност –** Повикувањето во Аллаховата вера е повик на верување во Аллах, џ.ш., и во Судниот ден. Ако се прекине со тој повик, тогаш луѓето нема да веруваат, а човекот кој не верува во Судниот ден, па и во награда и казна, таквиот човек нема граници и бидува како животно кое само ги подмирува своите страсти и потреби. Ако поединецот или друштвото немаат вера која ќе им ја одредува границата, тогаш во таквото друштво ќе владее анархија и нема да има никаква сигурност. Исто така човекот кој нема вера душевно е лабилен и има проблеми да се помири со судбината. Аллах, џелле шануху, вели:

﴿وَمَنْ أَعْرَضَ عَن ذِكْرِي فَإِنَّ لَهُ مَعِيشَةً ضَنكاً وَنَحْشُرُهُ يَوْمَ ٱلْقِيامَةِ أَعْمَىٰ﴾

**„Оној кој ќе ја следи упатата Моја нема да залута и нема да биде несреќен. А оној кој ја сврти главата од книгата Моја, тој со тежок живот ќе живее и на Судниот ден ќе го проживееме како слеп.“**

(Таха, 123-124)

❁ **- Ширење на неред (фесад) –** Ако злото се остави на мира и не се предупредува на него и не се отстранува со

мудрост, па ако не се наредува кон добро, тогаш ќе се рашири нередот во општеството. Тогаш неминовно доаѓа до расцепување на друштвото на многу страни кои ќе се спротивставуваат една на друга. Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Пример на оној кој ги чува Аллаховите граници е како примерот на луѓето кои се на брод, една група е горе, а една доле, Оние кои биле долу, кога им била потребна вода морале да одат горе по вода. Па рекоа, да направиме дупка тука, да не би ги вознемирувале оние горе! Ако би дозволиле тоа да го направат што наумиле сите би се потопиле, а ако ги спречат сите би се спасиле.“ (**Бухари, 2493**) Ибн Хаџер во коментар на овој хадис вели: „Би биле спасени сите, а исто така и оној кој ги спроведува прописите се спасува и себеси и него врз кого го спроведува прописот. Во спротивно ќе пропадне и грешникот и оној кој со молчење го одобрува гревот.“ (***Фетх, 5/296***)

❁ **- Снемување на бериќетот во богатството –** Нема да има бериќет ако се рашират гревовите и лошите дела. Ако гревот е скриен тогаш тој штети само на поединецот, но ако се чини јавно, а никој не го предупредува, тогаш им штети на сите.

Аллах, џелле ше’нуху, вели:

﴿وَلَوْ أَنَّ أَهْلَ ٱلْقُرَىٰ آمَنُواْ وَٱتَّقَواْ لَفَتَحْنَا عَلَيْهِمْ بَرَكَاتٍ مِنَ ٱلسَّمَآءِ وَٱلأَرْضِ وَلَـٰكِن كَذَّبُواْ فَأَخَذْنَاهُمْ بِمَا كَانُواْ يَكْسِبُونَ * أَفَأَمِنَ أَهْلُ ٱلْقُرَىٰ أَن يَأْتِيَهُمْ بَأْسُنَا بَيَاتاً وَهُمْ نَآئِمُونَ * أَوَ أَمِنَ أَهْلُ ٱلْقُرَىٰ أَن يَأْتِيَهُمْ بَأْسُنَا ضُحًى وَهُمْ يَلْعَبُونَ * أَفَأَمِنُواْ مَكْرَ ٱللَّهِ فَلاَ يَأْمَنُ مَكْرَ ٱللَّهِ إِلاَّ ٱلْقَوْمُ ٱلْخَاسِرُونَ﴾

**„А, жителите на селата и градовите да веруваа и од гревови да се чуваа, Ние благослови (бериќет) од небо и од земја ќе им праќавме, но тие негираа, па ги казнувавме за она што го заработија. Па зарем жителите на селата и градовите се сигурни дека Нашата казна нема да ги снајде преку ноќ додека спијат? Или, зарем жителите се сигурни дека казната Наша нема да ги снајде преку ден додека се забавуваат? Зарем тие можат да бидат сигурни од Аллаховата казна? Од Аллаховата казна не се плаши само оној кому казна му предстои.“** (Ел-Араф, 96-99)

❁ **- Заслуга на Аллаховата казна –** Белаите-несреќите кои се случуваат на овој свет се последица на гревот, а исто така и ахиретската казна е последица на гревот. Па ако се остави даветот, тогаш ќе се рашират гревовите, што со себе повлекува Аллахова казна. Аллах, џелле шануху, вели:

﴿وَمَآ أَصَابَكُم من مُّصِيبَةٍ فَبِمَا كَسَبَتْ أَيْدِيكُمْ وَيَعْفُواْ عَن كَثِيرٍ﴾

**„И каква беда да ве погоди, тоа е заради гревовите кои сте ги заработиле, а Он многу и ги простува.“** (Еш-Шура, 30) Исто така, вели: **„И избегнувајте го она што доведува до неред, кое нема да ги погоди само оние кои се виновни, и да знаете дека Аллах страшно казнува.“** (Ел-Араф, 25) Можеме да замислиме колку нереди денес се присутни заради тоа што се оставило наредувањето кон добро и одвраќањето од зло – даветот општо.

❁ - **Стекнување на Аллаховото проклетство –** Аллахово проклетство претставува оддалечување од Аллаховата милост. Пратеникот, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Прв недостаток кој се појавил кај Израелчаните е кога човекот би видел друг човек дека греши, и би му рекол: 'Плаши се од Аллах и остави го тоа што го работиш зашто тоа е харам', па утредента кога ќе го сретне не би му сметало да седи, да јаде и пие со него. Па кога почнале така да работаат, Аллах им ги споил срцата (на грешниците и оние кои ги премолчиле тие гревови). Потоа Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, го цитира следниот ајет:

﴿لُعِنَ الَّذِينَ كَفَرُواْ مِن بَنِي إِسْرَائِيلَ عَلَى لِسَانِ دَاوُودَ وَعِيسَى ابْنِ مَرْيَمَ
ذَلِكَ بِمَا عَصَوا وَّكَانُواْ يَعْتَدُونَ  كَانُواْ لاَ يَتَنَاهَوْنَ عَن مُّنكَرٍ فَعَلُوهُ لَبِئْسَ
مَا كَانُواْ يَفْعَلُونَ تَرَى كَثِيرًا مِّنْهُمْ يَتَوَلَّوْنَ الَّذِينَ كَفَرُواْ لَبِئْسَ مَا قَدَّمَتْ
لَهُمْ أَنفُسُهُمْ أَن سَخِطَ اللَّهُ عَلَيْهِمْ وَفِي الْعَذَابِ هُمْ خَالِدُونَ  وَلَوْ كَانُوا
يُؤْمِنُونَ بِاللَّه وَالنَّبِيِّ وَمَا أُنزِلَ إِلَيْهِ مَا اتَّخَذُوهُمْ أَوْلِيَاء وَلَكِنَّ كَثِيرًا مِّنْهُمْ
فَاسِقُونَ﴾

**„Со јазикот на Давуд и Иса, синот Мерјемин, проклети се оние од синовите Исраилови кои не веруваа – затоа што се бунеа и секогаш границите на злото ги преминуваа. Едни со други не се одвраќаа од грешните постапки кои ги работеа. Грдо невистина е тоа како постапуваа! Ти ги гледаш многумина од нив како со многубошците пријателуваат. Грдо е навистина она што самите себеси си го припремаат: Аллах на нив да се разгневи и вечно во мачењето да останат. А да веруваат во Аллах и Пратеникот и во**

**она што нему му се објавува, тие со нив не би пријателувале, но многумина од нив се неверници.“** (Ел-Маиде, 78-81) Потоа Пратеникот, саллаллаху алејхи ве селлем, рече:

*„Се колнам во Аллах! или ќе наредувате на добро и одвраќате од зло и ќе ги спречувате насилниците или Аллах ќе ви ги спои срцата со насилниците па ќе ве проколне како што нив (евреите) ги проколнил.*“ (**Ебу Давуд, 4336**)

Од хадисот гледаме дека Пратеникот, саллаллаху алејхи ве селлем, му се заканува на својот уммет дека ќе го стигне Аллаховото проклетство ако го остави наредувањето кон добро и одвраќањето од лошо. А што се однесува на Ахиретските последици, тие се јасни, тоа е Ахиретската казна, а веќе е спомната во говорот за заслугата на Аллаховата казна. Таа е последица на гревот, а гревовите се последица на оставањето на даветот, како на дуњалукот така и на ахирет.

**Го молиме Аллаха, џелле шануху, да нè направи од оние кои нема да престанат да повикуваат во Неговата вера. Амин!**

## *ПОУЧУВАЊЕ НА ЛУЃЕТО СО КОРИСНО ЗНАЕЊЕ:*

Од најголемите области каде се постигнува општа корист и заеднички општествен интерес е поучување на луѓето во добро, нивно запознавање со дозволеното и

забранетото, заради тоа се наведуваат бројни докази за вредноста од поучување на другите во добро:

Пренесува Муаз ибн Енес, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Кој некого ќе го поучи со некакво знаење, тој ќе има награда како оној што ќе го сработи без да му се намали наградата на работникот.“[26]

Се пренесува од Осман, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Најдобар од вас е оној кој го учи Куранот и другите ги поучува со него.“[27]

Хафизот Ибн Хаџер, Аллах да му се смилува, во книгата Ел-Фетх рекол: „Најдобар од вас е оној кој го учи Куранот и другите ги поучува со него.“ Нема сомнение дека збирот меѓу учењето на Куранот и поучување на другите со него е усовршување и потполнување на себеси и другите, исто така и спој меѓу личната и општата корист па затоа таквата личност е најдобар меѓу луѓето. Тој спаѓа во оние за кои Возвишениот Аллах нагласил дека се:

**„А кој говори поубаво од тој што повикува кон Аллах, кој прави добри дела и кој вели: „Јас сум, навистина, муслиман!“** (Фуссилет, 33)

[26] Ибн Маџе (240), Албани го оценил за добар во Тергиб ве Терхиб (80).
[27] Бухари (4739)

Повикувањето на Аллаховиот пат се врши во различни форми, од тие форми е поучување на другите со Куранот и тој е најпочестена форма.[28]

Пренесува Ебу Муса, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Пример на она со што Аллах ме испрати од упатство и знаење е како примерот на дождот кој ќе ја погоди земјата, па од неа има плодна земја која ја прима водата и од неа потоа расте бујна трева и пасиште; од неа има тврда земја која ја држи водата, па Аллах со неа дава корист за луѓето, тие пијат, наводнуваат и сеат, и земја која ќе погоди дожд а таа е рамница која не ја задржува водата (ниту ја впива ниту ја задржува), ниту од неа растат пасишта; па тоа е примерот на оној кој ќе ја сфати верата и со неа Аллах ќе направи да има корист во она со што ме испрати Аллах, па ќе научи и други ќе поучи, и пример на оној кој нема да крене глава и нема да го прими Аллаховото упатство со кое сум испратен.“[29]

Возвишениот Аллах ги инспирирал некои видови животни да бараат прошка за учениот човек:

Пренесува Ебу Умамете ел-Бахили, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Навистина, Аллах и Неговите мелеци и жителите на небесата и земјата дури и мравката во нејзината дупка, дури и рибата го благословуваат оној кој ги поучува

[28] Фетхул-Бари (9/76)

[29] Бухари (79)

луѓето со добро.“[30]

Пренесува ЕБу Дерда, р.а., дека го слушнал на Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, како вели: „Кој ќе тргне на пат да стекне наука, Аллах ќе му го насочи патот за Џеннет. Навистина мелеците ги положуваат своите крилја од задоволство заради оној кој трага по знаење, додека за учениот бараат прошка оние кои се на небесата и оние кои се на земјата дури и рибата во вода. Вредноста на учениот над просечниот побожник е како вредноста на месечината над сите останати ѕвезди. Учените луѓе се наследници на веровесниците, а веровесниците не оставиле во наследство динари ниту дирхеми, туку оставиле наука, па кој ќе земе до него, земал возвишен удел.“[31]

## Зошто животните бараат прошка за учениот човек?

Прво: Почест од Аллах Возвишениот за него поради што ги поучува другите со Аллаховиот верозакон.

Второ: Korиста од учениот човек преминува дури и на

[30] Тирмизи (2685), Албани го оценил за добар хадис во Сахих Тергиб и Терхиб (70)

[31] Тирмизи (2682), Албани го оценил за добар во Сахих Тергиб ве Терхиб (70)

животните, бидејќи тој наредува доброчинство кон нив: „Кога убивате, убаво постапувајте, а кога колете, убаво постапувајте.“[32] Учениот ги објаснува прописите, па Аллах ги вдахнува да барање прошка за учените како возврат и надомест за она што тие поучуваат на добро и имаат сожаливост кон нив.

„Вредноста на учениот на побожниот е како вредноста на месечината над сите ѕвезди.“[33]

Кади, Аллах да му се смилува, рекол: „Спореден е учениот со месечината додека побожниот со ѕвездите бидејќи совршен ибадет и неговата светлина не преоѓа од побожниот на друг, додека светлината на учениот преоѓа на друг.“[34]

## Што е поврeдно ибадетот или занимавањето со наука и поучување на другите?

Хафиз Ибн Хаџер, Аллах да му се смилува, рекол: „Правично треба да се посочи дека секогаш она што ќе се зголеми кога се однесува за правото на поединецот од фард ајн, луѓето се делат на два дела: кој наоѓа во себе енергија за разбирање и ослободување, па да се занимава со тоа е поприоритетно отколку негово запоставување и зафатеност со ибадет бидејќи во тоа има општа

[32] Муслим (1955)
[33] Тирмизи (2682), Албани го оценил за добар во Сахих Тергиб ве Терхиб (70)
[34] Тухфетул-Ахвези, (6/481)

корист, а кој ќе види во себе недостаток па да се посвети на ибадет е поприоритетно за него поради неможноста да ги спои двете работи, бидејќи првиот ако го напушти знаењето наскоро ќе ги запостави некои прописи поради не посветеност, додека вториот ако се посвети на знаење а го напушти ибадетот ќе ги испушти двете работи поради не постигнување на првото и напуштање на второто, Аллах најдобро знае и упатува.[35]

- Имам Невеви, Аллах да му се смилува, рекол: „Дозволено му е на му'текифот да го чита Куранот и да му го чита на друг, да изучува знаење и други да поучува, нема никакво негодување во тоа во ситуација на 'итикаф. Имам Шафи и нашите приврзаници рекле: „Тоа е поврeдно од клањање доброволен намаз, бидејќи занимавање со наука е фарз кифаје (колективна обврска) а тоа е поврeдно од доброволните дела (нафиле), и поради тоа што знаењето е коректор за намазот и другите видови на ибадет, и поради што науката спаѓа во општа корист. Хадисите кои ја посочуваат поголемата вредност на занимавањето со знаење над зафатеноста со доброволен намаз се посилни и повидливи.

Се наведува дека познатиот шејх Абдуллах бин Баз, Аллах да му се смилува, понекогаш го оставал доброволниот пост и велел: „Тоа ме ослабнува во вршење на потребите на луѓето."

[35] Фетхул-Бари (13/267)

## БОРБА НА АЛЛАХОВИОТ ПАТ

Пренесува Ебу Хурејре, р.а., дека му било речено на Пратеникот, с.а.в.с., што е рамно на борбата на Аллаховиот пат? Рече: „Тоа не го можете!“ Па тоа прашање му го повторија два пати или три пати, а тој на тоа велеше: „Тоа не го можете!“, по третиот пат рече: „Примерот на борецот на Аллаховиот е како примерот на оној кој пости и клања и понизен е со Аллаховите знаменија (понизно ги чита Куранските ајети) не се заморува (ниту прекинува) од намазот ниту од постот сѐ додека не се врати борецот кај своето семејство.“[36]

Пренесува Ебу Сеид ел-Худри, р.а., дека му било речено на Пратеникот: „Кој е највреден (најодликуван) од луѓето?“ Рече: „Верникот кој се бори на Аллаховиот пат со своето тело и својот имот!“ Рекоа: „Потоа кој?“ Рече: „Верникот кој се изолирал во некои предели плашејќи се од Аллах и оставајќи ги луѓето од неговото зло.“[37]

Борецот на Аллаховиот пат е повреден од верникот кој се изолирал од луѓето, бидејќи тој го вложил својот живот и имот на Аллаховиот пат, згора на тоа што во џихадот постои и општа корист, бидејќи преку него луѓето влегуваат групно во Аллаховата вера, се понижува неверството и неговите следбеници, се чува угледот на верата, светоста на муслиманите и бројни други општи

[36] Бухари, (2635) Муслим (1878)
[37] Бухари (2634) Муслим (1888)

интереси кои се постигнуваат преку џихадот.

Факт е дека од причините за одликуваноста на овој уммет врз останатите уммети е тоа што овој уммет е најкорисен од сите уммети, овој уммет им придонесува на сите уммети, а во преден план е тоа што настојува на нивно упатување во верата ислам, а потоа како резултат на тоа следува влегување во џеннет на идниот свет и спас од џехеннемскиот оган.

Асхабот Ебу Хурејре, р.а., околу куранскиот ајет:

﴿كُنْتُمْ خَيْرَ أُمَّةٍ أُخْرِجَتْ لِلنَّاسِ﴾

**„Вие сте најдобриот народ кој воопшто се има појавено.“** (Али Имран, 110) Најдобри луѓе за луѓето, на тој начин што ги доведувате да го запознаат и влезат во исламот.“

Ибн Хаџер, Аллах да му се смилува, рекол: „Најдобри луѓе за луѓето, значи оние кои најповеќе им носите корист а најголема корист е што вие сте причина за нивно примање на исламот.“[38]

Пренесува Ибн Хаџер од Ибнул-Џевзи, Аллах да му се смилува, дека рекол: „Тоа значи дека паднале како нивни заложници, па откако ја запознале вистинитоста на исламот влегле во него доброволно, а со тоа ќе заслужат и џеннет.“[39]

---

[38] Фетхул-Бари (8/225)

[39] Фетхул-Бари (6/145)

## ЧУВАЊЕ СТРАЖА НА АЛЛАХОВИОТ ПАТ

Од делата чија корист е неограничена и сеопшта е чување стража на Аллаховиот пат: Пренесува Ибн Омер, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Дали сакате да ве известам за ноќ која е повредна од ноќта на Кадр? – Човек кој чува во некоја земја исполнета со страв можеби нема да се врати кај своето семејство.“ [40]

Се пренесува од Ибн Аббас, р.а., дека рекол: „Го слушнав на Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, како вели: „Две очи нема да ги допре огнот: око кое заплакало од страв кон Аллах и око кое чувало стража на Аллаховиот пат.“[41]

Зборовите: „Две очи нема да ги допре огнот“, значи сопствениците на тие две очи, па се изрази со дел за да опфати целина.[42]

Сторијата за Аббад ибн Бишр, р.а., околу чувањето стража за муслиманите:

Џабир ибн Абдуллах, р.а., раскажува: „Излеговме со Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, во Неџд, па успеавме да ја освоиме една мушричка куќа.

[40] Хаким (2424) и го оценил за сахих, а на тоа се согласил имам Зехеби (41)

[41] Тирмизи (1639), Албани го оценил за сахих, 42.

[42] Тухфетул-Ахвези (5/22)

Рече: Заробивме жена на еден човек. Потоа Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, се врати назад. Кога се вратил сопругот на жената и му било раскажано за она што се случило, се заколнал дека нема да се врати сè додека не пролее муслиманска крв меѓу другарите на Мухаммед, а.с. Кога Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, беше по некои патишта, се улогори во една долина. Потоа рече: „Кој ќе не чува оваа ноќ од нашиот непријател?“ Еден човек од мухаџирите и еден човек од енсариите одговорија: Ние ќе те чуваме, Аллахов Пратенику?“ Рече: „Излеговме до влезот на долината без војската, потоа енсаријата му рече на мухаџирот: „Дали ти ќе чуваш стража во првиот дел од ноќта, а јас последниот дел или пак обратно?“ Мухаџирот му рекол: „Ти биди стражар во првиот дел од ноќта, а јас во последниот дел.“ Потоа мухаџирот легнал, додека енсаријата станал да клања ноќен намаз. Па започнал со учење на Куранско суре и додека го учел кога дошол мажот на жената, и го видел на човекот како клања сфатил дека тој е стражар за луѓето, извадил стрела и ја насочил кон него. Го погодил додека тој клањал и учел куранско суре и не се помрднал без да го прекине. Потоа повлекол друга стрела и го погодил со неа и тој пак не се помрднал, и потоа по трет пат го погодил со стрелата, а тој продолжил да клања, отиде на руку па потоа на сеџда, потоа му рекол на својот другар: Седни веќе сум погоден. Потоа седнал мухаџирот, кога мажот на жената ја видел ситуацијата побегнал додека енсаријата целиот потопен во крвта од погодоците на стрелата. Неговиот пријател мухаџир му рече: „Аллах да ти прости, зошто не ме извести уште

првиот пат?!“ Рече: „Учев една куранска сура и мразев да ја прекинам, жими Аллах, немаше да го напуштам стражарското место кое ми го наредил Аллаховиот Пратеник, а.с., да го чувам дури и да ми прекине душата пред да го прекинам учењето.“[43]

## *ИЗГРАДБА НА ЏАМИИ*:

Возвишениот Аллах вели:

﴿إِنَّمَا يَعْمُرُ مَسَاجِدَ اللَّهِ مَنْ آمَنَ بِاللَّهِ وَالْيَوْمِ الْآخِرِ وَأَقَامَ الصَّلَاةَ وَآتَى الزَّكَاةَ وَلَمْ يَخْشَ إِلَّا اللَّهَ فَعَسَى أُولَئِكَ أَنْ يَكُونُوا مِنَ الْمُهْتَدِينَ﴾

**„Аллаховите џамии ги одржуваат тие кои во Аллах и во оној свет веруваат и кои намазот (молитвата) го извршуваат и зекат даваат и кои од никого, освен од Аллах, не се плашат; тие се, со надеж, на Вистинскиот пат.“** (Ет-Теуба, 18)

Осман ибн Аффан, р.а., кажува дека го слушнал на Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, како вели: „Кој ќе изгради џамија сакајќи да постигне Аллахово лице, Аллах нему ќе му изгради иста во Џеннет.“[44]

Пренесува Енес ибн Малик, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., рекол: „Седум работи му течат на човекот како награда по неговата смрт, иако се наоѓа во

[43] Ахмед (14451) Ебу Давуд (193), Албани го оценил за сахих.
[44] Бухари (439) Муслим (533)

гроб: знаење со кое ги поучил другите, река која ја протекол, палма која ја посадил, џамија која ја изградил, добро дете кое го оставил зад себе кое бара прошка за него по неговата смрт и Кур'ан кој го остави во наследство."[45]

- Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, меѓусебно се потпомагал со своите асхаби во градење на Пратениковата џамија во Медина. Ебу Сеид, р.а., околу градењето на џамија рекол: „Носевме по една тула, додека Аммар носеше две по две, па кога го виде Пратеникот, с.а.в.с., ја потресе земјата од него и рече: „Тешко за Аммар, ќе го убие неправедна група, тој ќе ги повикува за џеннет, а тие ќе го повикуваат за пекол." А Аммар на тоа рече: „Барам заштита кај Аллах од сплетки."[46]

## ПРУЖАЊЕ СОВЕТ:

Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с, севкупната вера ја дефинирал со една формулација, мото околу кое кружат трите главни исламски фундаменти: ислам, иман, и ихсан кои се спомнати во хадисот на Џибрил, а сите тие се нарекуваат вера. Тие зборови гласат:

---

[45] Ибн Нуајм, Ебу Давуд, Албани го оценил за добар Сахихул-џами', 3596.

[46] Бухари (436)

إِنَّ الدِّينَ النَّصِيحَةُ إِنَّ الدِّينَ النَّصِيحَةُ إِنَّ الدِّينَ النَّصِيحَةُ» قَالُوا لِمَنْ يَا رَسُولَ اللَّهِ؟ قَالَ: «لِلَّهِ وَلِكِتَابِهِ وَلِرَسُولِهِ وَلأَئِمَّةِ الْمُسْلِمِينَ وَعَامَّتِهِمْ

**„Инне-д-Дине ен-Насиха“, (три пати)** „Верата е советување!“ Рекоа: „За кого о, Аллахов Пратенику?“ Рече: „За Аллах, за Неговата книга, за Неговиот Пратеник, за муслиманските водачи и за сите луѓе.“[47]

Ибн Хаџер, Аллах да му се смилува, рекол: „Овој хадис е еден од хадисите за кои е нагласено дека е еден од четвртината на верата.[48] Додека имам Невеви, Аллах да му се смилува, рекол: „Овој хадис е величествен хадис и претставува мото на исламот. А што се однесува до ставот на голем број научници дека тој претставува една четвртина од верата, значи еден од четирите хадиси околу кои ротираат сите исламски принципи, не е така, туку овој хадис е единствено мото и орбита... Аллах најдобро знае!“[49]

Погледнете како Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., целата вера ја заокружил во само една реч *„Верата е совет“* како што спомнал за хаџџот дека *„хаџот е арефат“* за да укаже на важноста и високата позиција што ја имаат во верата. Советот не е само од верата, туку тоа беше основна задача од мисијата на сите Аллахови пратеници, тие беа испратени да ги предупредат луѓето на страшната казна на Судниот ден и да ги повикуваат во

[47] Муслим (55)

[48] Фетхул-Бари (1/138)

[49] Шерх ен-Невеви ала Муслим (2/37)

робување на Аллах, џ.ш. Еве погледнете како Нух, а.с., и Салих, а.с., им упатиле совет на своите народи:

﴿أُبَلِّغُكُمْ رِسَالاَتِ رَبِّي وَأَنصَحُ لَكُمْ﴾

**„Да ви ја пренесам пораката на Мојот Господар и да ве советувам.“** (Ел-Араф, 62)

﴿يَاقَوْمِ لَقَدْ أَبْلَغْتُكُمْ رِسَالَةَ رَبِّي وَنَصَحْتُ لَكُمْ وَلَكِن لاَّ تُحِبُّونَ ٱلنَّاصِحِينَ﴾

**„О народе мој, посланија од Господарот свој ви доставувам, и јас сум ви искрен советник.“** (Ел-Араф, 78)

И нашиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, зачекорил по стапките на неговите браќа пратеници и дал врвни примери во начинот на советување и критикување запазувајќи ја притоа состојбата на критикуваниот и неговото достоинство. Следниов пример е доволен доказ за тоа: Дошол еден бедуин во Медина, и во џамијата на Пратеникот, с.а.в.с., извршил мала нужда. Тогаш, асхабите скокнале да го спречат и да го удираат. Но, Пратеникот, а.с., им забранил и наредил да се донесе кофа со вода и да ја истурат врз урината. Потоа го повикал бедуинот и со благост и мекост му рече: „Навистина, во џамиите не прилега да се врши нужда, да се валкаат, туку тие се наменети за намаз, спомнување на Аллах и учење Куран.“ (**Муслим, 285**) Потоа, бедуинот во намаз почнал да се моли со зборовите: „Аллаху мој, смилуј ми се мене и на Мухаммед, и немој да му се смилуваш на никој друг покрај нас!“ Тогаш, Пратеникот, а.с., му рече: „Многу ја претера.“ (**Бухари, 6010**) Потоа, беди-

унот заминал кај својот народ поучен од благоста на Пратеникот, а.с., и почнал да ги повикува во ислам и тие го примиле.

Советување значи потполна искреност во нијет, говор и дело. Ако во говорот има искреност, тогаш тоа е советување, а ако во него има лицемерие, тогаш тоа е измама.

Самиот збор „**Ен-Насиха**" на арапски јазик во буквален превод значи: Прочистување, одвојување на нечистото од чистото. Што значи со поимот насихат-советување кој поим и кај нас е употреблив и присутен, се намерува прочистување на душата на верникот од нечистотијата на гревовите, упатување на правиот патоказ и сочувување од заблудата и невистината. Во горе цитираниот хадис се спомнува советување за Аллах, Неговата Книга, Неговиот пратеник.

Под советување за Аллах џ.ш., се алудира на послушност кон Аллах, џ.ш., повик за верување во Неговата вера.

Советување за Неговата Книга, значи: Работење по нејзините наредби, избегнување на нејзините забрани, одделување на време за нејзино читање, размислување, искажување на посебна почест кон неа.

Советување за Неговиот Пратеник, значи: Потврдување на неговото пратеништво, оживување на неговата традиција и следење на неговото упатство т.е. суннет.

Советување за муслиманските водачи, значи: Послушност во добро, потпомагање во добробит на исламското општество, потсетување при немарност и др.

Советување за сите муслимани, значи: Да посакуваш за нив она што го посакуваш за себе, да бидеш милосрден кон малите, да ги почитуваш старите, да го упатиш залутаниот, да го поучиш неукиот и да наредуваш кон добро и одвраќаш од лошо. Ова значење најдобро ќе ни го појасни следниов хадис на Аллаховиот Пратеник, а.с., каде стои: „Кој не се грижи за состојбата на муслиманите, не е од нив; кој не заноќува и не се разденува како советувач за Аллах, Неговиот Пратеник, Неговата книга, муслиманските водачи и воопшто за сите муслимани, тој не е од нив.“ (**Таберани**)

Тргнувајќи од фактот, дека муслиманите се браќа како тоа го нагласил и самиот Аллах, џ.ш., муслиманот треба да го одржува ова братство, да му посакува на другиот муслиман она што го посакува за себе дури и да биде против својот личен интерес. Овој феномен беше секојдневна пракса кај првите муслимани, извршувајќи ја обврската: Советување во вера. Пренесува Таберани од Џерир ибн Абдуллах, р.а., дека тој го испратил неговиот слуга да му купи коњ. Слугата купил коњ за триста дирхеми. Кога продавачот на коњот дошол кај Џерир ибн Абдуллах, р.а., да му ги исплати дирхемите, Џерир му рече на продавачот: „Твојот коњ вреди повеќе од тие пари, дали го продаваш за четристотини дирхеми?“ Човекот рече: „О Ебу Абдуллах, тоа ти го препуштам тебе.“ Џерир пак му рече: „Твојот коњ вреди повеќе и од четристотини дирхеми.“ И така му ја зголемуваше цената

на коњот сé додека достигна до осумстотини дирхеми. И за таа цена го купил коњот. Потоа, Џерир бил прашан за тоа. Тој одлучно им одговорил:

عَنْ جَرِيرِ بْنِ عَبْدِ اللَّهِ قَالَ بَايَعْتُ رَسُولَ اللَّهِ صَلَّى اللَّهُ عَلَيْهِ وَسَلَّمَ
عَلَى إِقَامِ الصَّلَاةِ وَإِيتَاءِ الزَّكَاةِ وَالنُّصْحِ لِكُلِّ مُسْلِمٍ

„Му дадов завет на Аллаховиот Пратеник, а.с., дека ќе клањам намаз, давам зекат и ќе го советувам секој муслиман." (**Бухари, Муслим**)

Нема сомнение дека исламскиот уммет кога би се придржувал за принципот на меѓусебно советување, тогаш би достигнал највисока кулминација на развој и напредок во сите животни аспекти. Братот да го советува својот брат, соседот својот сосед, таткото своите синови, учителот своите ученици, службеникот својот управник, имамите своите џематлии… тогаш секое право ќе се почитува, секоја вредност ќе се вреднува, луѓето ќе го зајакнат достоинството и довербата. Во спротивно, ако општеството изостане од оваа појава, тогаш во него ќе завладее анархија, неморал, неред, непријателство и други негативни форми. Поради тоа, Мухаммед, а.с., го потенцирал меѓусебното советувањето како една обврска од шесте обврски и рекол: „Муслиманот кон другиот муслиман има шест обврски: (една од нив) **„Иза стенсехаке фенсех леху"** – Кога ќе побара од тебе совет, советувај го." (**Муслим**)

### *ПОМИРУВАЊЕ МЕЃУ ЛУЃЕТО:*

﴿لاَّ خَيْرَ فِي كَثِيرٍ مِّن نَّجْوَاهُمْ إِلاَّ مَنْ أَمَرَ بِصَدَقَةٍ أَوْ مَعْرُوفٍ أَوْ إِصْلاحٍ بَيْنَ النَّاسِ﴾

**„Нема добро во многуте нивни тајни разговори, освен кога бараат милостина да се дава или добри дела да се прават или пак мир меѓу луѓето да се воспостави.“** (Ен-Ниса, 114),

Шејх Ес-Са’ди, Аллах да му се смилува, рекол: „Значи нема добро во многу меѓусебни разговори на луѓето кога комуницираат, па ако нема добро во тоа, тогаш тоа е или празен и обичен говор или зло и расипан говор како забранет говор со сите негови форми. Потоа од тој говор дал исклучок ‘**освен кога бараат милостина да се дава’,** било да е богатство или знаење или било кое корисно дело, па веројатно тука влегуваат и личните ибадети како тесбих, тахмид и слично, како што рекол Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем: „За секој тесбих се пишува садака, секој текбир се смета за садака, секој тахмид се смета садака, секој техлил се смета садака, и наредување на добро се смета садака и спречување на зло се смета за садака, дури и во интимниот однос на некој од вас има садака.“[50] **‘или добри дела да се прават’,** тоа значи доброчинство и послушност и сѐ што е познато со верата и разумот како добро дело, имено кога ќе се напомене наредба за добро без да се спои со спречување од зло, влегува автоматски спречувањето од зло, бидејќи напуштање на забранетите дела спаѓа во добрите дела, исто така, не може да се

[50] Муслим (2376)

потполни доброто дело без напуштање на злото. Додека кога ќе се спојат наредувањето и спречувањето тогаш доброто дело се толкува со правење на нареденото додека лошото дело со напуштање на забранетото. '**или пак мир меѓу луѓето да се воспостави',** помирувањето секогаш е поврзано со две раскарани и конфликтни страни, бидејќи кавгата, расправијата и меѓусебното лутење се резултат на злото и разидувањето кои имаат далекусежни последици. Поради тој факт, шеријатот поттикнал на помирување меѓу луѓето во полето на крвопролевање, конфискување на имот и валкање на честа, па дури и задолжување (борџ) како што вели Севишниот:

﴿وَاعْتَصِمُوا بِحَبْلِ اللَّهِ جَمِيعًا وَلَا تَفَرَّقُوا﴾

**„Придржувајте се за Аллаховото јаже сите и немојте да се разделувате.“** (Али Имран, 103)

и рекол:

﴿وَإِن طَائِفَتَانِ مِنَ الْمُؤْمِنِينَ اقْتَتَلُوا فَأَصْلِحُوا بَيْنَهُمَا﴾

**„Ако се судрат две групи верници, смирете ги;..“**(Ел-Хуџурат, 9)

Така на пример, кога меѓу брачните другари ќе се случи несогласување и спор, Возвишениот Аллах наредува брзо делување за елиминација на настанатите проблеми:

﴿وَإِنْ خِفْتُمْ شِقَاقَ بَيْنِهِمَا فَابْعَثُواْ حَكَمًا مِّنْ أَهْلِهِ وَحَكَمًا مِّنْ أَهْلِهَا إِن يُرِيدَا إِصْلاحًا يُوَفِّقِ اللَّهُ بَيْنَهُمَا إِنَّ اللَّهَ كَانَ عَلِيمًا خَبِيرًا﴾

**„А ако се плашите од раздор помеѓу нив двајца, тогаш испратете еден посредник од неговото, а еден посредник од нејзиното семејство. Ако тие сакаат помирување, Аллах ќе ги смири, бидејќи Аллах знае сѐ и е известен за сѐ!“** (Ен-Ниса, 35)

Кон овие курански императиви најмногу се придржувал нашиот најголем пример, Аллаховиот роб и миленик, Мухаммед, нека е Божјиот мир над него, и не е познато дека некогаш на земјата постоел човек кој работел повеќе во подобрувањето на состојбата меѓу луѓето и елиминирањето на кавгите и расправиите меѓу нив. Тој ги помирувал меѓусебно раскараните племиња, поединци и заедници, брачни другари чиј брак западнал во криза, и настојувал да изнајдува решенија за сите несогласувања појавени од различни причини. А како да не, кога тој лично, нека е Божјиот мир над него, го рекол следново:

أَلَا أُخْبِرُكُمْ بِأَفْضَلَ مِنْ دَرَجَةِ الصِّيَامِ وَالصَّلَاةِ وَالصَّدَقَةِ. قَالُوا: "بَلَى يَا رَسُولَ اللَّهِ "قَالَ:" إِصْلَاحُ ذَاتِ الْبَيْنِ، وَفَسَادُ ذَاتِ الْبَيْنِ الْحَالِقَةُ."

„*Сакате ли да ве известам за тоа што е подобро од (доброволен) пост, намаз и садака?*“ „*Секако!*“ рекоа асхабите, а тој рече: „*Тоа е подобрувањето (помирување) на состојбите меѓу луѓето, бидејќи карањата и кавгите ја уништуваат верата.*“ (**Ебу Давуд, Тирмизи, сахих**)

Искреноста е пофална, а лагата е одвратна. Лагата не е дозволена освен во три случаи: 1) лага заради помирување на скарани, 2) лага во војна и 3) лага кон

сопругата (ако има многу побарувања, па ѝ се рече: „ќе ти го купам тоа иншаллах“, а знаеме однапред дека тоа не можеме, или ќе те одведам таму и таму и сл.).

Во тој смисол е и преданието, кое го бележи имамот Муслим:

Пренесува Умму Кулсум, р.а.: „Не сум го чула Пратеникот, с.а.в.с., дека ја дозволил лагата, освен во три случаеви: човекот кога каже со цел да помири, човекот кој каже нешто во војна и човекот кој ѝ говори на жената и жената која му говори на човекот!“ (**Муслим**)

Помирување меѓу скараните и завојувани муслимани спаѓа во вредни ибадети, ги отклонува непријателствата и омразата, води кон единство, бидејќи помирувањето е извор на сигурност, стабилност, љубов, спокој и воедно е доказ на вистинско иманско братство. Возвишениот Аллах вели:

﴿إِنَّمَا الْمُؤْمِنُونَ إِخْوَةٌ فَأَصْلِحُوا بَيْنَ أَخَوَيْكُمْ وَاتَّقُوا اللَّهَ لَعَلَّكُمْ تُرْحَمُونَ﴾

**„Верниците се само браќа, затоа смирете ги вашите двајца браќа и плашете се од Аллах за да ви се укаже милоста.“** *(Ел-Хуџурат, 10)*

Срцето на верникот е како сјајно огледало, чисто од секој облик на негативност, па ако на огледалото падне малку прашина и валканост, треба да се очисти, така и меѓу срцата на верниците може да настане одредена нетрпеливост кон другите верници, па тие настојуваат со

својата самосвест, самоконтрола што побрзо да ги елиминираат.

Нашиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, лично помирувал две раскарани страни, за што и асхабот Сехл ибн Се'ад, р.а., кажува: „Жителите на местото Куба почнале меѓусебно да се караат, па дури и со камења фрлале едни на други. Кога за тоа бил известен Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: '*Одиме да ги помириме.*'." (**Бухари**)

Аллаховиот Пратеник, а.с., рекол:

كُلُّ سُلامَى مِنَ النَّاسِ عَلَيْهِ صَدَقَةٌ كُلَّ يَومٍ تَطْلُعُ فِيْهِ الشَّمْسُ: تَعْدِلُ بَيْنَ اثْنَيْنِ صَدَقَةٌ، وَتُعِيْنُ الرَّجُلَ فِي دَابَّتِهِ فَتَحْمِلُ لَهُ عَلَيْهَا أَو تَرْفَعُ لَهُ عَلَيْهَا مَتَاعَهُ صَدَقَةٌ، وَالكَلِمَةُ الطَّيِّبَةُ صَدَقَةٌ، وَبِكُلِّ خُطْوَة تَمْشِيْهَا إِلَى الصَّلاةِ صَدَقَةٌ، وَتُمِيْطُ الأَذى عَنِ الطَّرِيْقِ صَدَقَةٌ

„*Секој ден, за секоја коска (зглоб) од своето тело, човекот е должен да подели садака. Помирувањето на двајца браќа е садака, помагањето на некого да го подигне неговиот товар е садака, секој чекор кон намазот е садака, и секое отстранување на пречка од патот е садака.*" (**Бухари и Муслим**)

Исто така, Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол:

تُفْتَحُ أَبْوَابُ الْجَنَّةِ يَوْمَ الِاثْنَيْنِ، وَيَوْمَ الْخَمِيسِ، فَيُغْفَرُ لِكُلِّ عَبْدٍ لَا يُشْرِكُ بِاللهِ شَيْئًا، إِلَّا رَجُلًا كَانَتْ بَيْنَهُ وَبَيْنَ أَخِيهِ شَحْنَاءُ، فَيُقَالُ: أَنْظِرُوا هَذَيْنِ حَتَّى يَصْطَلِحَا، أَنْظِرُوا هَذَيْنِ حَتَّى يَصْطَلِحَا، أَنْظِرُوا هَذَيْنِ حَتَّى يَصْطَلِحَا

*„Вратите на Џеннет се отвораат секој понеделник и четврток, и му се простува на секој човек кој не му припишува ништо рамно на Аллах, освен човек кој меѓу него и неговиот брат има омраза, па им се вели: Почекајте ги овие двајца додека се помират, почекајте ги овие двајца додека се помират, почекајте ги овие двајца додека се помира.“* (**Муслим**)

## ПОСРЕДУВАЊЕ И ПОМАГАЊЕ НА ОБЕСПРАВЕНИТЕ:

Муслиманот посредува кај својот брат со цел да се стекне некоја корист или отстрани некој штета. Ова е еден вид на помагање на муслиманите преку лично залагање.

Ебу Муса, р.а., кажува: „Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, кога му доаѓаше просјак или бараше кај него нешто, велеше: „Посредувајте ќе бидете наградени, а Возвишениот Аллах ќе пресуди на јазикот на Својот Пратеник, с.а.в.с., што сака.“[51]

Имам Нeвеви, Аллах да му се смилува, рекол: „Во ова има пожелност во посредување за оние кои имаат потреба во некои дозволени работи, без оглед дали тоа посредување е кај владарот, намесникот и слично на нив или некој обичен човек, и без оглед дали посредувањето

[51] Бухари (1432) Муслим (2627)

е кај владар за спречување на неправда, или изземање од некоја казна, или во враќање на долг и слично, додека посредување во строгите шеријатски казни (худуд) тоа е забрането, исто така посредување во заблуда, или анулирање на нечие право и слично, тогаш тоа е харам.“[52]

Додека зборовите: „а Возвишениот Аллах ќе пресуди на јазикот на Својот Пратеник, с.а.в.с., што сака“, алудираат на тоа дека оној кој настојува да посредува ќе биде награден во секоја состојба, па дури и неговото посредување биде неуспешно и не се оствари целта и исполни потребата.[53]

Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, вложувал труд и напор и својот углед да посредува да им донесе корист или некоја придобивка на муслиманите, па посредувал дури и во нивните приватни работи. Кога робинката Берира била ослободена а нејзиниот сопруг бил роб, таа избрала да го прекине брачниот договор, а нејзиниот сопруг на тоа многу се растажил, оти многу ја сакал дури одел по Мединските патишта зад неа плачејќи. Побарал од Пратеникот, с.а.в.с., да посредува кај неа со цел да му се врати, тоа и го сторил Пратеникот, с.а.в.с., дури и посочил: „Ако се вратеше кај него, оти тој е татко на твоето дете.“ Таа одговорила: „Аллахов Пра-

[52] Шерхун-Невеви ала Муслим (16/177)

[53] Шерхул-Бухари од Ибн Беттал (3/434)

теникy, ми наредуваш?“ Рекол: „Не, јас сум само посредник.“ Одговорила: „Не, немам потреба за него.“[54]

## ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ НА ЛУЃЕТО, НИВНО ПОМАГАЊЕ И ПРУЖАЊЕ ПОМОШ ПРИ НЕВОЛЈА:

Служење на луѓето и помагање на угнетените, слабите и беспомошните е доказ на здрава личност, цврст верник, чисто срце, добра внатрешност, Аллах ќе им се смилува на Неговите созданија кои имаат милост кон другите. Возвишениот има посебни луѓе кои ги обдарил со бројни благодати со цел да им користат на созданијата, па оној кој ќе отклони несреќа од некого, Аллах од него ќе отклони некоја мака, и ќе му отстрани грижи на идниот свет.

Пренесува Абдуллах ибн Омер, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Муслиманот е брат на муслиманот, не му нанесува неправда, не го предава. Кој ќе биде во помош на својот брат, Аллах ќе биде во помош на неговата потреба. Кој ќе отстрани од муслиманот некоја мака, Аллах ќе му отстрани мака од маките на Судниот ден. Кој ќе го покрие муслиманот, Аллах ќе го покрие него на Судниот ден.“[55] Ебу Нуајм додал: „Кој ќе оди со обесправениот да му помогне,

[54] Бухари (4979)

[55] Бухари (2442) Муслим (2310)

Аллах ќе му ги зацврсти неговите нозе на денот кога ќе се лизгаат нозете.“[56]

Пренесува Ебу Хурејре, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Кој ќе отстрани некоја мака од маките на овој свет, Аллах ќе му отстрани нему некоја мака од маките на Судниот ден. Кој ќе му олесни на оној кој паднал во тешкотија, Аллах нему ќе му олесни на овој и на оној свет. Кој ќе го покрие муслиманот, Аллах него ќе го покрие на овој и на оној свет. Аллах е во помош на човекот сè додека човекот е na помош на својот брат. Кој ќе тргне на пат да бара наука, Аллах ќе му го олесни нему патот за џеннет.“[57]

Имам Невеви, Аллах да му се смилува, рекол: „Овој е величествен хадис и претставува концепт за некои видови на наука, правила и адаби... Зборовите „Кој ќе отстрани некоја мака“ значи му ја отклони, оттргне, реши. Во овој хадис се потенцира вредноста од извршување на потребите на луѓето и пружање корист во она што е олеснето од знаење, пари, помагање, или укажување на некоја полза или совет и др.“[58]

Со пружање на помош и правење добро, се стекнува добра завршница и отклонува лоша умирачка:

Умму Селеме, р.а., кажува: Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Оние кои прават

---

[56] Ебу Нуајм во Хилје (6/348), Албани го оценил за добар во Сахихил-џами' (176)

[57] Муслим (2699)

[58] Шерхун Невеви ала Муслим (17/21)

добро се штитат од лош крај, тајната садака ја гасне Аллаховата лутина и поврзување на роднината го продолжува животот.“[59]

Возвишениот Аллах го почестува човекот со бројни благодати поради тоа што е во служба на другите муслимани пружајќи им помош и извршувајќи ги нивните потреби, па ако престане со помош, Аллах ќе му ги ускрати Неговите благодати.

Ибн Омер, пренесува дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Навистина, Аллах има свои робови кои ги одликувал со своите благодати за да им користат на луѓето, ќе им ги задржи кај нив сѐ додека пружаат помош, па ако ја спречат помошта, им ги одзема благодатите и ќе ги пренасочи на некои други.“[60]

Ибн Аббас, р.а., рекол: „Кој ќе оди со муслиманот да му се изврши некое право, тој за секој чекор ќе има садака.“[61]

Поранешните први генерации не сметале дека имаат приоритет или предност на оној човек кој има некаква потреба, туку сметале дека оној кој има некаква потреба има предност која е на нивен грб, бидејќи потребниот им укажува прилика да направат добро дело.

---

[59] Таберани во Евсат (6/163), Албани го оценил за добар во Сахих Тергиб ве Терхиб (890)

[60] Сахих Тергиб ве Терхиб (2617), Албани го оценил за добар. Таберан (5/228)

[61] Китабул-Бирри вес-силе од Ебу Абдуллах Ел-Мервези (163)

Ибн Аббас, р.а., рекол: „На тројца не можам да им се исплатам: човек кој ќе ми даде селам прв, човек кој ќе ми направи место во седенка и човек чии нозе се испрашиле од одење со желба да ме поздрави, додека на четвртиот не може да му се исплати никој за мене освен Аллах. Му беше речено: Кој е тој? Рече: „Човек кој кога ќе го погоди некоја мака и цела ноќ размислува кому да му ја изложи маката, потоа ме види мене како достоен за неговата мака и ми ја изложи мене.“[62]

Фудајл ибн Ијад, Аллах да му се смилува, рекол: „Се спомнува дека некој човек имал некоја потреба и дошол кај друг човек, па овој му рече: „Ти ме одликува посебно мене со твојата потреба, Аллах да те награди со секое добро. И му се заблагодари.“

Му било речено на Акил ел-Белиг: Како си го видел на Мерван ибн ел-Хакем при барање потреба кај него? Рекол: „Го видов како има поголема желба да почести отколку желбата да му се изразува благодарност, и неговата потреба да му заврши некому некоја потреба беше со поголема желба од потребата на човекот кој има потреба!“

Ибн ел-Кајјим, Аллах да му се смилува, во описот на шејх Ибн Тејмијје рекол: „Шејхул-ислам имаше голема желба и неопишливо залагање во извршување на потребите на луѓето.“

[62] Бејхеки во Шуаб (7/436)

Вистинските верници сметале дека неволја ги погодила во онаа ситуација кога никој од луѓето не им се обраќа за некоја потреба.

Хаким ибн Хизам, р.а., рекол: „Ако ме раздени и пред мојата врата нема никој за некаква потреба, тоа го сметав за несреќа.“[63]

Казна за оној кој ќе одбие да изврши потреба на луѓето, откако нивните потреби се упатени кон него или под неговата управа:

Од тие казни е предупредувањето од губење на благодатите:

Пренесува Ибн Аббас, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Секој еден човек кого Аллах го почести со благодати и го опсипе со нив, потоа направи потребите на луѓето да се насочат кон него а тој одбие, тогаш тие благодати ги изложил на пропаст.“[64]

Под поимот „заклучи, одбие“ се наведува во *Мухтарус-сихах* дека значи: му здодеа, не интересира, вознемирува.[65]

*Теберрум* кој е употребен во хадисот значи: воздржи, здодеа, разочара, потишти, тесноградост.

[63] Сијер Аламун-нубела (3/513)

[64] Таберани (7529), Албани го оценил за добар во Сахих Тергиб ве Терхиб (2618)

[65] Мухтарус-сихах (1/27)

Значи секое лице кое е почестено со некоја благодат и луѓето имаат потреба и зависат од него, како ученииот, муфтијата, проповедникот, воспитувачот, наместникот, кадијата, одговорниот, лекарот, адвокатот, трговецот и богаташот и сличните на нив од членовите на општеството кои Аллах ги опсипал со благодати и заземаат позиција кај луѓето или власт во заедницата, или во нив има општа корист за другите од луѓето.

Примерот на горе наведените категории кога тие ќе одбијат да ги извршуваат потребите на луѓето или се вообразат и почувствуваат тесноградост, вознемиреност, здодевност, грижа; тогаш тие се изложени на загуба и пропаст на благодатите како што се наведува во претходниот хадис.

Наведеното предупредување во минатите хадиси влегува и во општото значење на Аллаховите зборови:

﴿ذَلِكَ بِأَنَّ اللَّهَ لَمْ يَكُ مُغَيِّرًا نِعْمَةً أَنْعَمَهَا عَلَى قَوْمٍ حَتَّى يُغَيِّرُوا مَا بِأَنْفُسِهِمْ وَأَنَّ اللَّهَ سَمِيعٌ عَلِيمٌ﴾

**„Тоа е затоа што Аллах нема да го лиши од благосостојба народот на кого Тој веќе им ја подарил, се додека тој (народот) самиот не се промени. А Аллах се слуша и се знае.“** (Ел-Енфал, 53)

И зборовите:

﴿إِنَّ اللَّهَ لَا يُغَيِّرُ مَا بِقَوْمٍ حَتَّى يُغَيِّرُوا مَا بِأَنْفُسِهِمْ وَإِذَا أَرَادَ اللَّهُ بِقَوْمٍ سُوءًا فَلَا مَرَدَّ لَهُ وَمَا لَهُمْ مِنْ دُونِهِ مِنْ وَالٍ﴾

**„Аллах нема да измени еден народ додека тој самиот не се измени. А кога Аллах сака еден народ да казни, никој не може тоа да го спречи, освен Него му нема заштитник.“** (Ер-Рад, 11)

Имам Бегави, Аллах да му се смилува, во коментарот на првиот ајет рекол: „Сака да укаже на фактот дека Возвишениот Аллах нема да ја измени благосостојбата на еден народ сè додека тие не го изменат она во што се од негирање и неблагодарност, па ако тие така постапат, Аллах ќе ја измени состојбата со нив и ќе им ги одземе благодатите.“[66]

Возвишениот вели:

﴿وَإِنْ تَتَوَلَّوْا يَسْتَبْدِلْ قَوْمًا غَيْرَكُمْ ثُمَّ لَا يَكُونُوا أَمْثَالَكُمْ﴾

**„А ако главите ги свртите, Тој со друг народ ќе ве замени, кој тогаш нема да биде какви што сте вие.“** (Мухаммед, 38)

Имам Куртуби, Аллах да му се смилува, рекол: „Во овој ајет се нагласува заплашувањето и опоменувањето за сите кои ќе имаат некоја позиција, власт или управа или водство, па не се праведни со поданиците или учен човек и не работи според знаењето ниту ги советува луѓето, дека Аллах ќе го замени и ќе доведе друг наместо него, а Аллах за сè е Кадар!“[67]

---

[66] Тефсир Ел-Бегави (3/368)

[67] Тефсир Куртуби (5/409)

Овој хадис со сите негови преданија и верзии е опомена и предупредување за секој кој ќе биде почестен со некоја благодат било да е конкретна или апстрактна, а човекот таа благодат не ја направи причина за помагање и извршување потреби на луѓето, или не ја извршува својата задача на соодветен начин на кој бара Аллах.

Затоа човекот треба некои работи да ги има во предвид:

Прво: да знае дека оваа благодат, позиција, знаење, положба претставува испит од Севишниот Аллах да го тестира како ќе се однесува, бидејќи овој дуњалук е куќа на испит и искушение. Возвишениот вели:

﴿إِنَّا خَلَقْنَا الْإِنْسَانَ مِنْ نُطْفَةٍ أَمْشَاجٍ نَبْتَلِيهِ فَجَعَلْنَاهُ سَمِيعًا بَصِيرًا * إِنَّا هَدَيْنَاهُ السَّبِيلَ إِمَّا شَاكِرًا وَإِمَّا كَفُورًا﴾

**„Ние човекот од семена смеса го создаваме за на искушение да го ставиме, и правиме тој да слуша и гледа; Ние на Вистинскиот пат му укажуваме, а негово е дали благодарен или неблагодарен ќе биде.“** (Ел-Инсан, 2-3)

Човекот или ќе ги исполни обврските со кои е задолжен од благодарност или ќе негира и одрекува.

Второ: Човекот колку и да се воздига и крева, тој е мал како единка, а голем со своите браќа, па одбивањето на пружање помош на другите од членовите на општеството предизвикува кинење на врските и тесноградост чии се видливи штетите во сегашно или идно време, бидејќи, во исто време, се појавува негативно влијание и со тоа се

изложува на опасноста од пропаст на благодатите и зло од непријателите кон него.

Трето: сметање награда на денот на изложување кај Аллах:

Како што нè предупредил Аллах од губење на благодатите, од друга страна нè поттикнал и поучил за вредноста во извршување на потребите на луѓето и настојување во нивно исполнување, како што е потврдено во сахих Муслим по пат на Ебу Хурејре, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „„Кој ќе отстрани некоја мака од маките на овој свет, Аллах ќе му отстрани нему некоја мака од маките на Судниот ден. Кој ќе му олесни на оној кој паднал во тешкотија, Аллах нему ќе му олесни на овој и на оној свет. Кој ќе го покрие муслиманот, Аллах него ќе го покрие на овој и на оној свет. Аллах е во помош на човекот сè додека човекот е помош на својот брат. Кој ќе тргне на пат да бара наука, Аллах ќе му го олесни нему патот за џеннет.“[68]

*Највреден од луѓето е оној преку чии раце*
*потребите на луѓето се решаваат.*
*Немој да ја спречиш раката на добри дела од*
*никого*
*Сè додека си моќен да усреќуваш.*
*Заблагодари се на вредноста што Аллах направи*
*другите да имаат потреба од тебе а не ти од нив.*
*Има луѓе кои изумреле, но нивните дела не умреле*
*а има народ кој живеел, а меѓу луѓето биле мртви.*

---

[68] Муслим (2699)

Нема поголема штета за човекот кому му здодеале Аллаховите благодати, па не ги гледа како благодати, ниту искажува благодарност за нив, ниту се радува со нив, туку е разочаран, се жали и ги смета за несреќа. За жал, многу луѓе се непријатели на Аллаховите благодати ниту чувствуваат тоа што Аллах ги опсипал со благодати, а тие се трудат да ги отфрлат без знаење и неправедно. Колку на некој од нив му се подарени благодати, а тој настојува со сета сила да ги отфрли, па нема поголем непријател за човекот од себеси.

Бараме заштита кај Аллах од немаштија после богатство, од болест после здравје и намалување после вишок.

Да ги познаваме и признаваме благодатите пред нивно исчезнување на тој начин што ќе бидеме богобојазни кон Аллах, ќе правиме добри дела и ќе се грижиме за другите луѓе. Затоа да се трудиме да го постигнеме она што го имаме ускратено од правото на Аллах, правото на луѓето, фамилијата и браќата, од друга страна да внимаваме од негирање и вртење грб од нив и залажување со своето его кое се облекло во наметката на ароганција и возвишеност, а возвишеноста и големината му припаѓаат на Севишниот Создател како што се наведува во хадис-кудси: „Возвишениот Аллах рекол: Големината е моја облека, а величината моја наметка, па кој ќе ми биде ривал во една од нив ќе го фрлам во оган.“[69]

[69] Ебу Давуд (4090), Албани го оценил за сахих во Сахиха (541)

Постојаност и неменливост на состојбата е невозможно, прави разлика меѓу подем и пад, чувај се од второто, и ќе те погоди само она што го спечалиле твоите раце, а твојот Господар никому од созданијата не им нанесува неправда!

Возвишениот вели:

﴿وَمَا أَصَابَكُمْ مِنْ مُصِيبَةٍ فَبِمَا كَسَبَتْ أَيْدِيكُمْ وَيَعْفُو عَنْ كَثِيرٍ﴾

**„А несреќата која ќе ве снајде е поради гревовите кои сте ги направиле, а Тој многу од нив ги простува.“** (Еш-Шура, 30)

Арапите велат: Времето е два дена, еден ден за тебе, другиот против тебе.“ Тоа значи: дека промена на состојбата е неизбежна, тоа е Божји закон дека животот не може да се одвива само во една насока.

Затоа моли го Возвишениот Аллах да ти ја отстрани лошата предодредба, да те чува од промена на состојбата од добра во лоша, бидејќи потврдено е во суннетот дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, ја правел следнава дова: Господару мој, барам заштита кај Тебе од исчезнување на благодатите, промена на здравјето, ненадејна одмазда Твоја и сите видови на Твој гнев.“[70]

❁ ❁ ❁

[70] Муслим (2739)

## НАУКАТА ПОТВРДИЛА ДЕКА ПОМАГАЊЕТО НА ДРУГИТЕ ГО НАМАЛУВА СТРЕСОТ И СОЗДАВА СРЕЌА

**Кога ќе го фокусирате своето внимание на потребите на некој друг, нивото на стрес е научно докажано дека ќе слезе. Тоа помага да се минимизира влијанието на стресот врз вашето тело, подобрување на вашата физичка состојба, како и вашето емоционално здравје. Истражувањата го поддржуваат ова.**

**Влијание на стресот врз здравјето**

**Студијата од 2015 година, објавена во списанието Clinical Psychological Science, покажа дека ублажувањето на влијанието на стресот врз здравјето може да се постигне преку помагање на другите. Додека беше мала студија, нејзините резултати беа отворање на очи. 77 учесници на возраст од 18 до 44 години учествувале во студијата. Секоја вечер, добиле автоматски повик потсетувајќи ги да го комплетираат дневниот прашалник.**

**Прашалникот имаше прашања за стресните настани на денот, како што се патувања, работа и финансии. Исто така, следеше корисни однесувања и мали чинови на љубезност и емоции што произлегоа. Истражувачите открија дека оние кои секојдневно вршеле повеќе љубезност покажале помала веројатност да се чувствуваат под стрес.**

**На денови кога не можеа да направат никакви добри дела, пријавија повеќе стрес и негативност. Студијата сугерира дека можеме да си помогнеме да се справиме со стресот и да се чувствуваме подобро преку правење добри дела за другите луѓе.**

**Ќе треба да се направи понатамошно истражување за да се анализира оваа теорија, но има и ветувачки импликации за оние кои доживуваат високи нивоа на стрес.**

**Мали дела на љубезност за да се намали стресот**

**Вие не треба да бидете екстремно богати или да имате тони слободно време за да ги искористите придобивките од алтруизмот. Дури и малите гестови, како да ја држат вратата за странец, имале потенцијал да го намалат стресот .**

### *ДАВАЊЕ САДАКА, ТРОШЕЊЕ ПАРИ НА СИРОМАШНИТЕ И ПОТРЕБНИТЕ Е ПРИЧИНА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ И УДВОЈУВАЊЕ НА СЕВАПИТЕ:*

Возвишениот Аллах ја удвојува и зголемува садаката, и за неа подига на високи степени... за неа се наведуваат бројни верски текстови.

Од благородните ајети кои укажуваат дека садаката се удвојува и наградува многукратно и Аллах дава вишок се зборовите на Возвишениот:

﴿إِنَّ الْمُصَّدِّقِينَ وَالْمُصَّدِّقَاتِ وَأَقْرَضُوا اللَّهَ قَرْضًا حَسَنًا يُضَاعَفُ لَهُمْ وَلَهُمْ أَجْرٌ كَرِيمٌ﴾

**„На тие што ќе даваат милостина и зекат, од мажи и жени, и кои што доброволно на Аллах заем ќе Му даваат – многукратно ќе им се врати и нив ги чека благородна награда.“** (Ел-Хадид, 18)

И зборовите:

﴿من ذَا الَّذِي يُقْرِضُ اللَّهَ قَرْضًا حَسَنًا فَيُضَاعِفَهُ لَهُ أَضْعَافًا كَثِيرَةً وَاللَّهُ يَقْبِضُ وَيَبْسُطُ وَإِلَيْهِ تُرْجَعُونَ﴾

**„Кој е тој кој на Аллах доброволно заем ќе Му даде, па Тој многукратно да му врати? Аллах ускратува и обилно дава, и Нему ќе Му се вратите.“** (Ел-Бекара, 245)

Ибнул-Џевзи, Аллах да му се смилува, објаснувајќи ја причината за нарекување на садаката со поимот заем (кардан): Возвишениот Аллах го нарекол заем за да потврди дека ќе заслужи награда за него, бидејќи не може да биде заем освен кога надоместот му е заслужен за него.“[71]

Зборовите на Возвишениот:

﴿الَّذِينَ يُنْفِقُونَ أَمْوَالَهُمْ فِي سَبِيلِ اللَّهِ كَمَثَلِ حَبَّةٍ أَنْبَتَتْ سَبْعَ سَنَابِلَ فِي

[71] Задул-Месир (1/290)

﴿كُلِّ سُنْبُلَةٍ مِئَةُ حَبَّةٍ وَاللَّهُ يُضَاعِفُ لِمَنْ يَشَاءُ وَاللَّهُ وَاسِعٌ عَلِيمٌ﴾

**„Примерот на тие што имотот свој го трошат на Аллаховиот пат е сличен со тој што ќе посее зрно од кое никнуваат седум класа и во секој клас по стотина зрна. А Аллах зголемува кому Тој сака! Аллах е неизмерно добар и Сезнаен!“** (Ел-Бекара, 261)

Од хадисите кои укажуваат на огромната награда на садаката:

Пренесува Ебу Кебше ел-Енмари, р.а., дека го слушнал на Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, како вели: „Се колнам во три нешта и ќе ви раскажам хадис запомнете го: Никогаш имотот на човекот нема да се намали поради садака, нема да му биде нанесена неправда на човекот а тој трпеливо ја поднесе, а Аллах да не му го зголеми угледот и нема човекот да ја отвори вратата на просење а Аллах да не му ја отвори вратата на сиромаштија – или слични зборови.“[72]

Пренесува Ебу Хурејре, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Нема човекот да подели садака од чисто (халал), а Аллах не прима освен чисто а Милостивиот да не ја земе со десната рака, а ако е урма таа расте во дланката на Милостивиот дури порасне поголема од планина како што некој од вас го расте ждребето.“[73]

---

[72] Тирмизи (2325), Албани го оценил за сахих во Сахих Тергиб ве Терхиб (16)

[73] Муслим (1014)

Садаката го чува телото и од човекот ги отстранува неволјите и болестите:

На ова упатуваат зборовите на Пратеникот, с.а.в.с.:

„Лекувајте ги вашите болни со садака.“[74]

Се пренесува дека Ебу Абдуллах Хаким, познатиот автор на Мустедрек дека имал рана во лице која го вознемирувала една година, па прашал учени луѓе да направат дова Аллах да го излекува. Ебу Осман Ес-Сабуни му порачал да подели садака за муслиманите на тој начин што ќе откопа чешма на прагот од својата куќа со нијјет за излекување, а луѓето да полнат вода и да се напојуваат. Не поминала една седмица, а Возвишениот Аллах го излекувал и на лицето му се вратила свежината и убавината.

Имамот Мунави, Аллах да му се смилува, рекол: „Искуството покажало лекување со садака, дури е забележано дека духовните лекови се поефикасни од материјалните лекови, и тој факт не може никој да го негира.[75] Дури некои од првите генерации сметале дека садаката ги отклонува некои несреќи и потешкотии дури и да произлезе од насилник, како што рекол Ибрахим ен-Нехаи: „Сметале дека садаката отклонува несреќи дури и од неправедниот човек.“[76]

---

[74] Бејхеки (2/193), Албани го оценил за добар во Сахихул-џами' (3358)

[75] Фејдул-Кадир

[76] Бејхеки во Шуабул-иман (3559)

## Современа случка која објаснува за чудните ефекти на садаката:

Ебу Сара, машински инжинер се вработил со месечна плата од 9 000 ријали, иако неговата плата била висока и имал кралска куќа но забележал дека платата му се троши на брз и непредвидлив начин без да знае на кој начин.

Раскажува: Славен да е Аллах! Се колнам во Аллах не знам каде ми оди платата, и секој месец велам дека сега ќе започнам да штедам и пак ми бега платата сè додека еден пријател ме советува да одредам обична сума од мојата плата за делење садака. Навистина одредив 500 ријали од платата за садака. Се колнам во Аллах, првиот месец заштедив 2000 ријали, и покрај тоа што сметките и трошоците беа исти. Многу се израдував и си реков ќе го зголемам влогот за делење од 500 на 900 ријали. По изминување на само пет месеци ми дојде вест дека наскоро ќе ми ја зголемат висината на платата. Фала на Аллах, ова е благодат на мојот Господар, кон Кого не можам доволно да изразам благодарност. Со помош на садаката забележав зголемување на берекетот во мојот имот, фамилија и сите работи. Пробајте и ќе го вкусите ова што ви го кажувам и згора на тоа.

Бројни се вредностите на садака и тие не можат да се набројат. Искрено рекол Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем: „Нема никогаш имотот на човекот

да се намали поради садака."[77] Напротив ќе се зголеми и ќе има благослов во имотот иако надворешно изгледа дека му се намалува.

❃ ❃ ❃

Познатиот алим и шејх Мухаммед ибн Салих ел-Усејмин, Аллах да му се смилува, ја пренел оваа интересна приказна:

Ова што ќе ви го пренесам ми го пренел еден човек кој бил многу скржав. Ѝ забранувал на жена си да дели на питачи и сиромашни. Еден ден некој сиромав тропнал на вратата и ѝ рекол на жената:

„Многу ми е студено, немам доволно алишта на себе... дали ќе ми помогнете?"

На жената срцето ѝ омекнало поради неговата состојба па му дала алишта и три урми.

За тоа време нејзиниот маж бил во џамија, бил легнал да се одмори и се успал. В сон видел како да се случил кијаметот, а луѓето во паника и голема горештина, над нивните глави жешко сонце се надвило, меѓутоа една облека него го покрива и му прави сенка над глава, а истовремено на неговото тело како да има три изгореници, па видел како три урми доаѓаат и му ги покриваат трите изгореници. Бил зачуден од сонот и исплашен се разбудил.

Кога дошол дома, ѝ го раскажал сонот на жена му. Тогаш жената сфатила дека сонот е резултат на садаката што ја поделила на сиромавиот. Му кажала за она што се

[77] Тирмизи (2325), Албани го оценил за сахих во Тергиб (858)

случило со сиромавиот и нејзината садака.

Тогаш мажот ѝ рекол: „Отсега понатаму немој веќе да враќаш сиромав!“

Ете на ваков начин Возвишениот Аллах го опоменал човекот. Ова е потврда на следниов хадис на Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с.:

كُلُّ امْرِئٍ فِي ظِلِّ صَدَقَتِهِ حَتَّى يُفْصَلَ بَيْنَ النَّاسِ

„Секој човек ќе биде во сенката на својата садака на Судниот ден.“ **(Ибн Хиббан, Хаким, сахих)**

## *ДОБАР ЗАЕМ И ИСЧЕКУВАЊЕ НА ОНОЈ КОЈ Е НЕМОЌЕН ДА ГО ВРАТИ:*

Пренесува Ибн Мес’уд, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Секој еден муслиман кој ќе му даде заем двапати на друг муслиман, ќе му се смета како да поделил садака еднаш.“[78]

Пренесува Хузејфе, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Мелеците ќе ја пресретнат душата на човек кој бил пред вас и ќе го прашаат: Дали имаш направено некакво добро? Ќе рече: Не. Ќе му речат: Присети се. Ќе рече: Им давав заем на луѓето и на моите слуги им наредував да го причекаат немоќниот а да го надминат на оној кој е моќен. Рече:

[78] Ибн Маџе (2430), Албани го оценил за сахих во Сахих Тегриб ве Терхиб (901)

Аллах Возвишениот рече: „Преминете преку него![79] Значи бидете великодушни кон него што ќе му простите како што тој им го простувал заемот на луѓето.

Прв ајет кој зборува за убавиот однос кон оној кому се дава заемот, а тоа е да му олесни, по потреба и да му го одложи рокот на враќање на заемот, па дури и да му се прости – халали долгот, што е врв на великодушноста на верникот кон верникот:

**„А ако должникот е во неволја, тогаш причекајте додека му биде полесно; а уште подобро за вас ќе биде ако долгот го дадете како милостина, да знаете!“** (Ел-Бекара, 280)

Денес, за жал, оваа солидарност не допира до многу кои потонале во скржавост, егоизам и натрупување имот. Во исламот должникот е заштитен и не може да биде прогонет од било кого, туку се чека да дојде во поволна ситуација. На заемодавателот му се нуди благороден чин да одложи па дури и да го халали долгот. Згора на тоа, на презадолжениот може да му се даде и зекат со цел да му се олесни ситуацијата при враќање на долгот. Ова го има само во исламот! Додека другите му земаат камата на должникот и го одведуваат во очај и безнадежност, исламот хумано му олеснува и помага на должникот.

И Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, во бројни хадиси ја истакнал вредноста од давање заем:

---

[79] Муслим (1560)

„Секоја позајмица се вбројува во садака. Но позајмицата од која се извлекува материјална корист се вбројува во камата.“ (**Таберани, Ебу Нуајм – даиф**)

„Влегов во Џеннет и видов дека садаката е наградена со десет, а давање заем со осумнаесет награди, па реков: О, Џибриле, како тоа садаката е наградена со десет а давањето заем со осумнаесет награди – севапи? Тој рече: „Затоа што садаката понекогаш ќе му падне во рацете на богатиот, а давањето заем му стигнува само на оној кој има потреба.“ (**Таберани-сахих**) Сака да укаже на фактот дека оној кој зема заем тој има потреба или пак паднал во некоја неволја, инаку не би барал.

Посебно се вреднува одлагање на рокот за исплата на долгот, или уште подобро простување на долгот. Пратеникот, с.а.в.с., рекол: „Оној кој на својот должник му го одложи плаќањето на долгот, или му го прости, на Судниот ден ќе биде во сенка на Аллаховиот престол.“ (**Муслим, Ахмед, сахих**)

„Кој ќе го чека должникот или сиромавиот ќе има за секој ден чекање вредност на тој долг запишан во садака и тоа пред да доспее времето за исплаќање на долгот. А кога ќе доспее договорениот рок за исплата; па и преку рокот го чека и му го одлага долгот, за секој ден чекање ќе има двојна вредност на долгот запишана садака.“ (**Ибн Маџе, Хаким, сахих**)

Малубројни се оние кои не побарале заем или пари. Затоа, кога некое семејство или пријател се обрати во неволја за заем, а се има можност да му се излезе во пресрет, никако не смееме да го одбиеме. Постојат две

големи причини за тоа: го помогнавме својот брат и на тој начин правиме добро дело и истовремено сме го спасиле од харам да не влегува во кредити и камати.

Она лице кое ќе земе пари на заем треба да направи дова за заемодавачот: Барекаллаху леке фи ехлике ве малике – Аллах да те благослови во твојата фамилија и твојот имот.

„Награда за давањето заем е благодарност (кон заемодавачот) и враќање на долгот на време.“ (**Несаи, Ибн Маџе, сахих**)

Ако позајмените пари се во одредена валута, обврска е враќање во иста таа валута. Ако позајменото нешто е оштетено или изгубено должност е да се купи друго или да се надомести штетата.

❁❁❁

Пренесува Бухари од Ебу Хурејре, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., раскажал: „Бил некој човек од Бени Исраил кој побарал од некого да му позајми илјада златници.

Наемникот рекол: „Донеси сведоци кои ќе сведочат во позајмувањево!“ Позајмувачот: „Доволен сведок е Аллах џ.ш.!“

Наемникот: „Донеси некој застапник.“

Позајмувачот: „Доволен застапник е Аллах џ.ш.!“

Наемникот: „Вистина, така е!“ Му позајмил илјада златници до одреден рок. Позајмувачот тргнал да патува

низ море. Откако ја завршил работата, побарал да најде брод да се врати и да му ги врати златниците во определениот рок, но не нашол. Па зел штица (дрво), отворил во неа отвор и ги сместил внатре илјадата златници… и писмо од него до пријателот, потоа ја затворил штицата, дошол до морскиот брег и рекол: «О, Аллах, Ти знаеш дека јас позајмив од Филан човек илјада златници, и ми побара сведок, му реков доволен сведок си Ти Аллах, потоа ми побара застапник, му реков дека доволен застапник си Ти Аллах, и тој се задоволи со Тебе како сведок и застапник. Јас се потрудив да најдам средство да му ги пуштам позајмените златници, но не најдов. Ја фрлам оваа штица во море со златниците и Тебе ти ја оставам во еманет.»

Во меѓувреме, наемникот излегол до морскиот брег велејќи во себе: „Можеби позајмувачот ќе стигне со некој брод и ќе ми ги врати златниците.“ Чекајќи ја забележал штицата, и ја зел дома за да ја користи за потпалување. Кога ја отворил, внатре ги нашол своите илјада златници и писмото.

По некое време се вратил позајмувачот, зел илјада златници и отишол кај наемникот и му рекол: „Се колнам во Аллах, се трудев да најдам средство за да се вратам и ти ги дадам златниците, но не најдов средство.“ Тогаш наемникот го прашал: „Дали си ми испратил нешто?“

Позајмувачот: „Да, откако не најдов средство ги пуштив парите во штица.“

Наменикот: „Знај тогаш дека Аллах, џ.ш., го извршил она што си го пуштил во штицата.“ Потоа заминал среќен со иљадата динари.

## НАХРАНУВАЊЕ СО ХРАНА

Пренесува Абдуллах ибн Амр, р.а., дека некој човек го прашал на Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, кој ислам е најдобар? Рекол: „Да нахраниш со храна и да му даваш селам на оној што го познаваш и оној што не го познаваш.“[80]

Абдуллах ибн Селам, р.а., раскажува: „Кога Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, дојде во Медина, луѓето побрзале кон него, и почнале да извикуваат: Дојде Пратеникот, дојде Пратеникот, дојде Пратеникот.“ Дојдов со луѓето да го видам. Кога се појави лицето на Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., веднаш сфатив дека тоа лице не е лице на лажливец. Прво нешто што проговори беше: О, луѓе, ширете селам, нахранете гладни со храна, клањајте преку ноќ додека другите спијат – ќе влезете во џеннет со мир.“[81]

Пренесува Ебу Муса, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Ослободете заро-

[80] Бухари (12) Муслим (38)

[81] Тирмизи (2485), Албани го оценил за сахих (949)

беник, нахранете гладен и посетете болен.“ [82]

Исто така Ебу Муса, р.а., пренесува дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Навистина, еша’риите кога ќе им се намали храната во војна или им се намали храната во нивните семејства во Медина, ќе го соберат она што го поседуваат во едно платно и потоа ќе го поделат во еден сад подеднакво, тие се од мене и јас сум од нив!“[83]

Значи кога нивната снабдувачка им се намали, тие она што им преостанало го собираат на едно место и го делат подеднакво. Во овој хадис се укажува на вредноста за делење и давање предност на другите, како и пожелноста од мешање на храната на пат или дома и нејзино делење подеднакво на сите.[84]

## ДОБРОЧИНСТВО КОН СИРАЦИТЕ (ЈЕТИМИТЕ)

﴿وَاعْبُدُوا اللَّهَ وَلَا تُشْرِكُوا بِهِ شَيْئًا وَبِالْوَالِدَيْنِ إِحْسَانًا وَبِذِي الْقُرْبَى وَالْيَتَامَى وَالْمَسَاكِينِ﴾

**„И обожувајте Го Аллах и ништо не Му здружувајте! А на родителите правете им добро, и на роднините, и на сирачињата...“** (Ен-Ниса, 36)

[82] Бухари (2881)
[83] Бухари (2354)
[84] Фетхул-Бари (5/130)

Старателот на сиракот ќе биде во џеннет заедно до Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем. Пренесува Сехл ибн Са'д, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Јас и старателот (оној кој се грижи) за сиракот ќе бидеме во џеннет вака – и покажал со своите прсти показалецот и средниот прст.“[85]

Ибн Беттал, Аллах да му се смилува, рекол: „Обврска на секој муслиман кој ќе слушне за овој хадис е да се мотивира во негова примена со цел да биде во друштво со Пратеникот, с.а.в.с., и заедно со веровесниците и пратениците.“[86]

Возвишениот Аллах зел завет од Бену Исраил да постапуваат љубезно со сираците, како што нагласува во следниов ајет:

﴿وَإِذْ أَخَذْنَا مِيثَاقَ بَنِي إِسْرَائِيلَ لَا تَعْبُدُونَ إِلَّا اللَّهَ وَبِالْوَالِدَيْنِ إِحْسَانًا وَذِي الْقُرْبَىٰ وَالْيَتَامَىٰ وَالْمَسَاكِينِ﴾

**„И кога од синовите Израилови зедовме завет дека само Аллах ќе Го обожувате, и на родителите и на ближните и на сирачињата и на сиромашните добри дела ќе им чините, а на луѓето убави зборови ќе им говорите.“** (Ел-Бекара, 83)

Па кој посакува да му омекне срцето и да му се исполни потребата, нека искаже милост кон сиракот, нека го помилува по глава и нека го нахрани од својата храна.

85 Бухари (4998)

86 Шерхул-Бухари од Ибн Беттал (9/217)

Пренесува Ебу Дерда, р.а., дека дошол некој човек кај Пратеникот, с.а.в.с., и му се пожалил на суровост во срцето. Пратеникот, а.с., му рече: Дали посакуваш да ти омекне срцето и да ја оствариш потребата? Смилувај му се на сиракот, помилувај го по глава и нахрани го од својата храна – ќе ти омекне срцето и ќе ти се оствари потребата.[87]

Еден од првите генерации раскажува:

„Во почетокот бев западнат во гревови, пиење алкохол. Еден ден затекнав сиромашно дете кое беше сирак, го зедов и постапив убаво со него, го нахранив, го облеков, го внесов во купатило, му ја отстранив прашината од коса, го почестив како што човекот го почествува своето чедо и повеќе од тоа. После тоа легнав да спијам. Во сон видов како кијамет да се случил, и бев повикан да полагам сметка, ми беше наредено да им се приклучам на грешните луѓе поради моите бројни гревови, мелеците Зебаније ме повлекоа да ме одвлечат во пеколот, а јас стоев понижен и осрамотен пред нив додека ме влечкаат, во тој момент тоа сираче се испречи на патот и викна: „Оставете го него, о, мелеци на мојот Господар, сè додека не посредувам кај Аллах, бидејќи овој човек постапи добро со мене и ме почести. Мелеците рекоа: Нам не ни е наредено така. Во тој миг се слушна повик од Аллах: „Пуштете го, му дадов што посака поради посредувањето на сиракот и доброчинството кон него.“ Рече: „Се раз-

[87] Мусаннеф Абдур-Реззак (11/97) Албани го оценил за добар во Сахих Тергиб ве Терхиб (2544)

будив и се покајав кај Аллах, џ.ш., и продолжив и натаму да вложувам труд во искажување милост кон сираците.“[88]

## ГРИЖА ЗА ВДОВИЦИТЕ И БЕДНИТЕ

Пренесува Ебу Хурејре, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Оној кој настојува да ги помогне на вдовицата и бедниот се смета како муџахид на Аллаховиот пат или оној кој ноќе клања, а дење пости.“[89]

Зборовите: *‘Оној кој настојува да ја помогне вдовицата’*, имам Невеви, Аллах да му се смилува рекол: „Под настојување да им помогне се мисли на снабдувач за нивна издршка и овој кој се труди да им снабди храна, бидејќи вдовицата нема сопруг без оглед дали претходно била мажена или не. Некои велат дека под вдовица се мисли онаа која ја разделил сопругот. Ибн Кутејбе вели: „Се нарекува вдовица (Ермеле) од поимот ирмал што значи немаштија и губење на издршка поради загубата на сопругот.“

Додека *‘Бедниот’* се смета оној кој нема ништо, а се вели дека е оној кој има нешто но не доволно, може да се однесува и слабиот и а во исто значење е и сиромавиот.

[88] Ел-Кебаир (65)

[89] Бухари, (6007), Муслим, (2982)

Зборовите *‘се смета како муџахид на Аллаховиот пат’* значи во постојана награда поради неговата грижа за состојбата на вдовицата и бедниот и трошење за нивните потреби ќе има награда како борецот во џихад, бидејќи имотот е близнак на душата, па во негово трошење е противење на душата и барање на задоволство на Господарот.“[90]

Омер, р.а., одел кај некои вдовици и ќе им полнел вода преку ноќ. Еднаш го забележал асхабот Талха како влегува во куќата на некоја вдовица, па така отишол кај неа преку ден да види за што станува збор, а таа била неможна слепа старица. Ја прашал: „Што прави овој човек кај тебе?" Рекла: „Тој уште од поодамна ме посетува и сите потреби ми ги удоволува, па дури и нечистотиите од куќата ги отстранува." Талха рече: „Тешко мајка што те носила о, Талха! Однесувањата на Омер не треба да се следат!"

Ебу Ваил кружел кај немоќните и беспомошни жени од неговата населба секој ден и за нив купувал сé што ќе имале потреба од секојдневните работи.

Хаким ибн Хизам се ожалостувал оној ден кога не ќе најдел некој сиромав за да му ја заврши неговата потреба и имал обичај да рече: „Секое утро ако немав пред врата сиромав кој има потреба сметав дека тоа е несреќа за која се надевам кај Аллах да ме награди за неа."

[90] Шерх Муслим (18/112)

## ДОБРОЧИНСТВО КОН СОСЕДИТЕ:

**Возвишениот вели:**

﴿وَاعْبُدُوا اللَّهَ وَلَا تُشْرِكُوا بِهِ شَيْئًا وَبِالْوَالِدَيْنِ إِحْسَانًا وَبِذِي الْقُرْبَى وَالْيَتَامَى وَالْمَسَاكِينِ وَالْجَارِ ذِي الْقُرْبَى وَالْجَارِ الْجُنُبِ وَالصَّاحِبِ بِالْجَنْبِ وَابْنِ السَّبِيلِ﴾

**„И обожувајте Го Аллах и ништо не Му здружувајте! А на родителите правете им добро, и на роднините, и на сирачињата, и на сиромашните, и на блискиот сосед и на далечниот сосед, и на пријателот, и на патникот...“** (Ен-Ниса, 36)

Во овој благороден ајет Возвишениот Аллах го споил правото на соседот со Неговиот ибадет, со доброчинство кон родителите, сираците и роднините.

Пренесува Ибн Омер, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Џибрил постојано ме советуваше за соседот дури помислив дека ќе го направи негов наследник.“[91]

Пренесува Ебу Хурејре, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Кој верува во Аллах и Судниот ден нека го почести соседот.“[92] Во друго предание: „Нека постапува добро кон соседот.“[93]

[91] Бухари (5669), Муслим (2625)

[92] Бухари (5673)

[93] Муслим (47)

Пренесува Сеид од Еби Шурејх дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Жими Аллах не верува, жими Аллах не верува, жими Аллах не верува!“ Прашаа: Кој, Аллахов Пратенику? Рече: „Оној кој не е сигурен од злото над својот сосед.“[94] Под злото над соседот се мисли на неговата неправда, насилство, зло и упропастувачки дела.

Во добрачинство кон соседот спаѓа: изразување сочувство при несреќа, честитање при радост, посета при болест, започнување со селам, ведро лице при средба, упатување во работи кои ќе му користат на овој и оној свет и други форми на доброчинство.

Имамот Ахмед од Ебу Хурејре, р.а., пренесува дека во една прилика го прашале Аллаховиот Пратеник, алејхи селлам: *„Аллахов Пратенику, една жена постојано клања ноќе и пости преку ден, но, од нејзиниот јазик се вознемирени нејзините соседи?”,* алејхи селлам одговорил: ***„Кај неа нема добро, таа е во Огнот.“*** Потоа, го прашале за жената која ги извршува пропишаните намази и го пости рамазан, дели од она што е обврзана и никого не вознемирува, па рекол: ***„Таа ќе влезе во Џеннет.”*** во друг ривајет се наведува**: *„ ... со својот јазик не ги вознемирува своите соседи.”***

Под наметката на модернизацијата и цивилизацијата се изопачил погледот на повеќето убави нешта и потонала светлината на меѓусебна љубов и солидарност, што

[94] Бухари (5670), Муслим (46)

укажува на близина на настапување на Кијаметскиот ден, за кој е речено:

لَا تقوم السَّاعَة حَتَّى يظْهر الْفُحْش والتفحش وَسُوء الْجوَار وَقَطِيعَة الْأَرْحَام وَحَتَّى يخون الْأمين ويؤتمن الخائن

„*Нема да настапи Кијаметскиот ден, сè додека не се рашири неморалот, кинење на роднинските врски, лошо постапување кон соседот, сè додека измамникот кај луѓето не биде почесен, а чесниот измамник.*“ (**Хаким, ибн Ебу Шејбе**)

Кај Аллах се приклонуваме, од тоа! Во денешно време човекот го сменил својот начин на живот и се оддалечил од универзалните вредности, така што се транформирал во машина чија улога и преокупација станала материјата и личните интереси, без никакви чувства и човечност.

Една од тие изгубени вредности е правото на соседот. Некогаш правото на соседот било свето: кога човечките души биле исполнети со иман, кога Исламот бил применуван во пракса натпреварувајќи се кој повеќе ќе направи хајр – добро. Но, денес...

## Кој е всушност, соседот?

Поимот сосед, комшија е навистина широк и опфаќа повеќе аспекти, така на пример, една држава може да биде сосед на друга, град може да биде сосед на друг град, улица соседна со друга улица, внатре во улицата згради и куќи, на работното место, исто така постои соседство како канцеларија до канцеларија, итн.

Возвишениот Аллах му дал високо место на правото на соседот, така што го вброил меѓу една од најголемите обврски од кои произлегува среќа и се подобрува врската помеѓу човекот и неговиот Господар, сходно целта поради која Возвишениот ги создал Своите робови, а тоа е да Го обожуваат и никого рамен да не Му сметаат.

При објаснување на должностите спрема комшијата Пратеникот, а.с., прашал: „*Дали знаете кои се должностите спрема комшија?*“ – „*Ако ти побара помош да му ја пружиш; ако ти побара на заем позајми му; ако се разболи посети го; ако го погоди некоја среќа да му честиташ; ако го погоди некоја несреќа да му изразиш сочувство; ако умре да го следиш неговото џеназе; да не го засениш со твојата куќа и со тоа да му го спречиш ветерот, освен со негова дозвола; ако купиш некакво овошје подари му и нему од него, ако тоа не го правиш тогаш тоа внеси го дома тајно, и нека не излегуваат твоите деца со тоа во раце за да не ги натажи неговите деца, немој да го вознемируваш со мирисот од твојот котел освен ако не му дадеш и нему.*

*Дали ме сфаќате што ви велам? Нема да ги исполни никој должностите спрема својот комшија освен оној кому Аллах му се смилува.*“ (**Таберани и Хараити**)

❁ ❁ ❁

## КОЈА Е КАЗНАТА ЗА ОНИЕ КОИ ГИ КРШАТ ОВИЕ ПОРАКИ?

### 1. Недостаток во иманот

Пратеникот, алејхи селлам, рекол:

وَاللَّهِ لَا يُؤْمِنُ وَاللَّهِ لَا يُؤْمِنُ وَاللَّهِ لَا يُؤْمِنُ قِيلَ وَمَنْ يَا رَسُولَ اللَّهِ قَالَ الَّذِي لَا يَأْمَنُ جَارُهُ بَوَايِقَهُ

„*Се колнам во Аллах, не верува! Се колнам во Аллах, не верува! Се колнам во Аллах, не верува!*“ Присутните асхаби запрашаа: „*Кој, Аллахов Пратенику?*“ а тој одговори: „*Оној од чие што зло не е мирен неговиот сосед.*“ Хадисот го бележат Бухари и Муслим.

### 2. Тоа е еден од најголемите гревови

Во двата Сахиха се пренесува од ибн Месуд, дека Пратеникот, алејхи селлам, бил запрашан: „*Кој е најголемиот грев?*“ па рекол: „*Да му сметаш на Аллах некој рамен, а Тој те создал.*“ Потоа повторно го прашале: „*А кој е потоа?*“, тој рекол: „*Да се убие своето дете, стравувајќи за неговата нафака.*“ Повторно го прашале: „*А потоа?*“ Па рекол: „*Да направиш прељуба со жената на својот сосед.*“

### 3. Нема да влезе ве Џеннет

Во Сахихот на Муслим се пренесува преку Ебу Хурејре, р.а., дека Пратеникот, алејхи селлам, рекол: **„Нема да влезе во Џеннет, оној од чие зло е неспокоен неговиот сосед.“**

### 4. Во него не постои добро

Имамот Ахмед од Ебу Хурејре, р.а., пренесува дека во една прилика го прашале Аллаховиот Пратеник, алејхи селлам: **„Аллахов Пратенику, една жена постојано клања ноќе и пости преку ден, но, од нејзиниот јазик се вознемирени нејзините соседи?“**, алејхи селлам, одговорил: **„Кај неа нема добро, таа е во Огнот.“** Потоа, го прашале за жената која ги извршува пропишаните намази и го пости рамазан, дели од она што е обврзана и никого не вознемирува, па рекол: **„Таа ќе влезе во Џеннет.“**, во друг риваjет се наведува: **„... со својот јазик не ги вознемирува своите соседи.“**

## Вредноста на убавиот однос кон соседот

Драг брате и ценета сестро, погледнете колкава била вредноста на соседите кај првите генерации муслимани, оние што вистински го знаеле правото и вредноста на соседот.

За нив вредноста на соседот била колку и вредноста на една куќа.

Дали нашите соседи толку многу ни вредат?

Затоа да ја земеме најдобрата генерација за пример и се поведеме по нив, односно да го извршиме во пракса она што нашиот Господар ни заповеда – убаво да се однесуваме кон соседите, без разлика каде и во било кое место живееле.

Алимот Хаваризми во неговата книга *Муфидул-Улум* наведува дека: Абдуллах ибн Мубарек имал некој комшија евреин. По некое време евреинот одлучил да ја продаде својата куќа. Некој го прашал: Колку ја продаваш куќата?

- Две иљади дирхеми (сребрени пари), рекол евреинот.

- Тоа е многу, таа не вреди повеќе од иљада дирхеми. рекол прашувачот.

Евреинот оправдувачки му одговорил: Во право сте! Јас барам иљади дирхеми за куќата и уште иљада за комшилукот со Абдуллах ибн Мубарек.

Кога слушна за ова Абдуллах ибн Мубарек го повика евреинот и му ја плати цената на куќата и му рече: Немој да ја продаваш куќата!

(Во друго предание се спомнува дека купувачот зачудено прашал: Да бараш пари за куќа те сфаќам, но не те сфаќам да бараш пари за комшилук?!)

Евреинот му одговорил: *„Зар не сакате да купите комшилук кој ако му нанесете зло ви возвраќа со добро;*

*ако го навредите ви простува; ако паднете во мака ви помага.*"

Се пренесува дека Абдуллах ибн Омер, р.а., кога заклал овца, им рекол на своите: Дали му дадовте дел на нашиот комшија евреин? Дали му дадовте на нашиот комшија евреин? Тие му рекоа: Аллах да те упати! Колку многу се грижиш за комшијата, а тој е евреин.

Абдуллах им рече: Го слушнав Аллаховиот Пратеник како вели: „*Постојано Џебраил ми го препорачуваше комшијата, дури помислив дека ќе го прогласи за наследник.*" т.е. учесник во наследството како и преостанатите наследници на човекот. (**Бухари во Едебул-Муфред**)

Се пренесува од ибн Аббас, р.а., дека рекол: „Кај предисламските арапи постоеле три добри обичаи кои пред сѐ треба да ги поседуваат муслиманите:

1. Кога ќе им дојдел гостин, биле многу гостопримливи.

2. Кога на некој ќе му остарела жената не ја разведувал, ќе ја држел плашејќи се за нејзината иднина.

3. Кога некој од нивните комшии ќе паднел во долг, или ќе го погодела некоја несреќа или мака, тогаш тие настојувале да му го вратат долгот или да го избават од таа несреќа или мака."

Пренесува Муџахид од Абдуллах ибн Амр, р.а., дека неговото семејство заклало овца, кога дошол дома прашал: „Дали му поделивте од овцата на нашиот сосед евреин? Дали му поделивте од овцата на нашиот сосед

евреин? Го слушнав на Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, како вели: Од Ибн Омер, р.а., се пренесува дека Пратеникот, алејхи селлам, рекол: *„Џибрил толку многу ми порачуваше убав однос кон соседот, што помислив дека ќе му даде право на наследство.“*[95]

## ТРОШЕЊЕ НА СВОЈАТА СОПРУГА И ДЕЦА:

Пренесува Ебу Хурејре, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Динарот кој ќе го потрошиш на Аллаховиот пат, динарот кој ќе го потрошиш за ослободување на роб, динарот кој ќе го поделиш како садака на сиромавиот и динарот кој ќе го потрошиш на своето семејство, најголема награда ќе има оној кој си го потрошил на своето семејство.“[96]

Ка'б ибн Уџре, р.а., раскажува: „Помина еден човек покрај Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, па другарите на Пратеникот, с.а.в.с., го видоа како е силен и витален човек па рекоа: Аллахов Пратенику, ако овој беше на Аллаховиот пат! Пратеникот, а.с., на тоа рече: „Ако излегол да работи и заработи за своите мали деца тој е на Аллаховиот пат, ако излегол да работи и заработи за своите стари родители тогаш е на Аллаховиот пат, ако излегол да работи и заработи за себе за да

[95] Ебу Давуд (5152), Тирмизи (1943)

[96] Муслим (995)

се сочува од харам тој е на Аллаховиот пат, а ако излегол да се преправа и гордее тогаш е шејтановиот пат.“[97]

## ПОВРЗУВАЊЕ НА РОДНИНАТА

Муслиманот се однесува кон ближната роднина и фамилија со истите адаби со кои се однесува кон своите родители, деца и браќа. Кон својата тетка се однесува како кон своја мајка, кон својот чичко се однесува како кон својот татко. Ги почитува старите, милозлив е кон малите, ги посетува болните, го помогнува бедниот, му искажува сочувство на оној што го погодила несреќа, ги поврзува кога тие ја прекинуваат роднинската врска, благ е со нив кога тие се груби и крути. Сето тоа го прави по наредба на Севишниот Аллах, џ.ш, и изреките на Аллаховиот Пратеник,, с.а.в.с. Возвишениот Аллах вели:

﴿وَاتَّقُواْ اللَّهَ الَّذِي تَسَاءَلُونَ بِهِ وَالأَرْحَامَ إِنَّ اللَّهَ كَانَ عَلَيْكُمْ رَقِيبًا﴾

**„Плашете се од Аллах со Чие име се повикувате, и роднинските врски одржавајте ги.”** (Ен-Ниса)

Пренесува Ебу Хурејре, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Навистина, Аллах создал созданија, па кога завршил со нив станала роднината и рекла: Ова е место каде се бара заштита од кинење на роднинските врски.’ Возвишениот Аллах и

[97] Таберани (7/56), Албани го оценил за сахих во Сахих Тергив ве Терхиб (1692)

рекол: ‘Дали ќе биде задоволна ако го чувам и се грижам за оној кој тебе ќе те чува и пази, а да го отфрлам оној кој тебе нема да те пази и не одржува?’ Рекла: ‘Да, ќе бидам задоволна, Господару мој.’“[98]

Во арапскиот јазик роднинската врска (се нарекува рахм) и име на Возвишениот Аллах имаат ист корен. Во хадис-кудси кој го пренесува Абдуррахман ибн Авф, Пратеникот, с.а.в.с., рекол: „Возвишениот Аллах, џ.ш., рекол: ‘Јас сум Аллах и Јас сум Милостивиот (Рахман), ја создадов роднинската врска (рахм) и ѝ дадов име според Своето име. Оној кој ќе ја чува, се грижи за неа и одржува, Јас ќе го пазам и чувам, а кој ќе ја кине роднинската врска, јас ќе го отфрлам.“ (**Бухари, Муслим**)

Тоа што роднинската врска е изведена од Аллаховото име „Милостивиот“, ни говори за нејзината важност кај Возвишениот Аллах, исто како што ни говори и за тоа дека Аллаховата милост ќе го стигне оној кој ќе ја чува и се грижи за неа. Затоа, ако сакате Милостивиот да ви се смилува барајте ја Неговата милост кај својата роднина, кај своите најблиски.

Се пренесува од Ејуб Ел-Енсари, р.а., дека еден човек рекол: 'Ја Ресулаллах, кажи ми кое дело ќе ме однесе во џеннетот, а ќе ме оддалечи од џехеннемот?” Аллаховиот Пратеник,, с.а.в.с., му рече: 'Да го обожуваш Аллаха и да не Му припишуваш ништо, да клањаш намаз, да даваш зекат и да ги посетуваш роднините.“ **(Бухари, Муслим)**

[98] Муслим (2554)

Возвишениот Аллах вели: **„И на ближниот дај му го неговото право, и на сиромашниот, и не троши безмерно.“** (Ел-Исра, 26)

Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: *„Кој верува во Аллах и во Судниот ден нека ги одржува роднинските врски.“* (**Бухари, Муслим**)

Се пренесува од Мајката на верниците Мејмуне бинт Ел-Харис, р.а., дека таа имала една робинка која ѝ служела. Подоцна таа ја ослободила робинката без да го извести Божјиот Пратеник, а.с. Еден ден кога Пратеникот, а.с., преноќувал кај неа, ја запрашал за слугинката. Таа го известила дека ја ослободила. Пратеникот, а.с., радосно ја прашал: „*Зар навистина тоа си го направила?*“ Таа одговорила: „*Да*“. На тоа Пратеникот, а.с., рекол:

- *„Ако ја подареше ти слугинката на твоја блиска роднина (Вујковци) ќе имаше поголема награда.“* (**Бухари, Муслим**)

Затоа што Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, во друг хадис вели**:** **„***Се колнам во оној кој ме испратил со вистината. Аллах нема да му ја прими садаката на човекот кој ја даде на други, а тој има своја блиска роднина која има потреба од неговата садака. Се колнам во оној во чии раце е мојата душа, Аллах нема да погледне во него на Судниот ден.“* (**Таберани**)

Алимот Ибн Еби Џемре вели: „Одржување на роднинските врски се врши преку: потпомагање со материјални средства, со друга помош при потреба, со отстранување на зло од нив, однос со насмеано лице, со

правење дова за нив. Општо речено со секое можно средство за нивно добро, и отклонување на секое зло од нив според можните потенцијали.“

Ебу Јусуф Абдуллахи ибни Селам, р.а., пренесува дека го слушнал Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., како вели: *„О луѓе, ширете го селамот, ако ви дојдат мусафири (патници-намерници) нахранете ги, посетувајте ја роднината, клањајте навечер кога другите спијат – ќе влезете во Џеннетот спасени!“* (**Тирмизи**)

Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: *„Садаката за сиромавиот е садака, а садаката за роднината – тоа е двојна садака: садака и внимание кон роднината.“*

**Со што се зацврстува роднинската врска?**

**1)** Со доброчинство и материјално помагање (садака, зекат, садакатул-фитр)

Оној момент кога објект за наше материјално помагање биде некој странец и далечен, а имаме присутен и роднина кој има потреба, тоа е знак дека во нас имаме својство на оној кој ги кине роднинските врски. А кога секогаш им даваме предност на нашите роднини, тоа е знак дека во нас постои својство на оној кој внимава на својата роднина.

**2)** Интерес за роднината и нивната состојба.

Еден телефонски разговор, еден маил порака со прашање за нивното здравје и материјална состојба, во радост и жалост, ќе се отвори врата на убаво чувство.

**3)** Преминување преку нивните грешки – простување.

Никој не ги сака оние луѓе кои го паметат злото и оние кои ја регистрираат секоја човечка грешка. Но затоа секогаш е добредојден оној кој простува и не возраќа со неправда или не обрнува внимание на невозвратената посета. Нему му се отвораат вратите на срцето и вратите на куќата. Возвишениот Аллах рекол: **„А ако простите тоа е подобро за вас.“**

**4)** Спречување и отклонување неволја која ги притиска.

Ако е загрозен животот на нашиот роднина, ако му е повреден угледот, ако некој навалил на неговиот имот и фамилија, оној кој се плаши од Аллах и ги одржува роднинските односи ќе застане во заштита на својата роднина. Потребно е да имаме на ум дека, ако неверникот успее да ни ја растури нашата фамилија и роднинската солидарност, тогаш ние сме изложени на растурање на нашето компактно општество кое е базирано на цврсти роднински врски.

**5)** Дова.

Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол дека најдобра дова е онаа во која човекот се моли за својот брат кога овој не е присутен и не знае. Аллах ја прима таквата дова. Да се сетиме на своите далечни и блиски роднини кога ќе завршиме со намаз. Да се сетиме

на својот брат и својата сестра во последната третина од ноќта додека клањаме ноќен намаз и да Го молиме Аллах да ги упати и им подаре добро здравје и цврст иман.

**6)** Насмевка.

„Насмевката во лицето на братот се смета за садака." Кога ќе одиш во посета на својата роднина или кога ќе го сретнеш на улица и го прашаш за неговото здравје и неговото семејство, немој да бидеш намуртен, туку благ и со насмевка исполнета со расположение. Твојата насмевка во душата на твојот роднина ќе предизвика расположение и радост.

**7)** Посетување во разни прилики.

Не треба посебна причина или повод за посета на својот ближен. Посетата на роднината е секогаш добредојдена, особено ако е со цел за зајакнување на односите или поврзување на раскинатите врски. Не е во ред роднината да се посети само во онаа ситуација кога имаат смртен случај или пак некоја веселба.

**8)** Давање селам.

Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Чувајте ги внимавајте на роднинските врски па макар и со селам."

**Последиците од кинење на роднинските врски**

**1)** Забрана за влез во Џеннет на оној кој ги кине роднинските врски.

Пренесува Џубејр ибн Мут’им дека го слушнал на Пратеникот, с.а.в.с.: „Во Џеннет нема да влезе оној кој ги кине роднинските врски.“ (**Бухари**) Па дури и останатите ибадети да се исправни како намаз, зекат, хаџ и други дела, во Џеннет не може да влезе оној кој ја запоставил својата роднина.

**2)** Оној кој ги кине роднинските врски ќе биде оддалечен од Аллаховата милост.

Да се биде оддалечен од Аллаховата милост е најголема несреќа и трагедија која може да го погоди Аллаховиот роб. Возвишениот Аллах во претходно спомнатиот хадис-кудси рекол: „Оној кој ќе ја пази и чува роднинската врска, Јас ќе пазам и ќе го чувам него, а кој ќе ја кине, Јас ќе го отфрлам.“ (**Бухари, Муслим**)

**3)** Нема да му бидат примени делата на оној кој ја запоставува роднината.

Од Ебу Хурејре, р.а., се пренесува: „Го слушнав на Пратеникот, с.а.в.с., како вели: ‘Човековите дела се изложуваат воочи петок, а делата на оној човек кој ги кине роднинските врски не се примаат.’“ (**Ахмед**)

## *ГРИЖА ЗА СОСТОЈБАТА НА МУСЛИМАНИТЕ:*

Возвишениот Аллах вели:

﴿لِلْفُقَرَاءِ الَّذِينَ أُحْصِرُوا فِي سَبِيلِ اللَّهِ لَا يَسْتَطِيعُونَ ضَرْبًا فِي الْأَرْضِ
يَحْسَبُهُمُ الْجَاهِلُ أَغْنِيَاءَ مِنَ التَّعَفُّفِ تَعْرِفُهُمْ بِسِيمَاهُمْ لَا يَسْأَلُونَ

النَّاسَ إِلْحَافًا وَمَا تُنْفِقُوا مِنْ خَيْرٍ فَإِنَّ اللَّهَ بِهِ عَلِيمٌ﴾

**„Милостината им припаѓа на сиромашните кои се истоштени на Аллаховиот пат, па не можат да заработуваат, па тој што не знае мисли дека се богати поради нивната скромност и воздржливост! Ќе ги познаеш по нивниот изглед, затоа што тие не им додеваат на луѓето просејќи. А за тоа што од добрата на другите ќе им дадете, Аллах, сигурно, знае!“** (Ел-Бекара, 273)

Возвишениот Аллах во овој ајет соопштува дека постојат луѓе меѓу муслиманите кои имаат поголема потреба за помош, меѓутоа нивните благородни души ги спречуваат од просење и барање од луѓето.

Затоа добрите луѓе постојано ја надгледувале состојбата на нивните браќа. На овој начин ни наредил и Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, во однос со комшијата: „Не е верник оној кој заноќи сит, а неговиот комшија гладен.“[99]

Кога на некој од асхабите од Пратеникот, а.с., ќе му дојдел некаков подарок, побрзал да го исприти кај својот комшија, додека овој комшија го испраќал на друг комшија, па така подарокот ќе кружел во повеќе од десет куќи сè додека се врати кај првиот.

Се пренесува дека некој човек дошол кај неговиот пријател и му чукнал на врата, откако излегол пријателот

[99] Хаким во Мустедрек (2166), Албани го оценил за сахих во Сахих Тергиб ве Терхиб (2562) од Ибн Аббас, р.а.

го прашал: Што те доведе кај мене? Овој му рекол: Имам долг 400 дирхеми. Пријателот зел 400 дирхеми и му ги дал. Кога се вратил дома почнал да плаче. Па жена му рекла: 'Зошто му даде ако ти паднало тешко?' Одговорил: 'Плачам заради тоа што сум дозволил тој да ми побара, а јас не сум се заинтересирал за неговата состојба па бил приморан да затропа на мојата врата!!

**Сејфудин Кутуз** ја насобра војската против дивите татарски хорди, и пред почетокот на битката повика: „О моја грижо за Исламот", давајќи јасно до знаење зошто се бори и која е неговата најголема грижа. И Аллах го помогна против Татарите.

**Нурудин Махмуд** кога ја освои Акка, бараше од Аллах да го проживее на Судниот ден, откако ќе биде распарчен во џихадот и откако дивите ѕверки и птици ќе го изедат неговото тело кое останало на бојното поле. Се пренесува за овој голем војсководец следниов поучен пример.

Халифата Нуруддин Махмуд Шехид (511 – 569) бил еден од најпознатите и најбогобојазливите владетели во исламската држава. И откако христијаните (крстоносните походи) го окупирале исламскиот свет, Нуруддин после тоа никогаш не се смеел, и секогаш бил загрижен како да паднал светот над него. Обично одел во Емевиската џамија во Дамаск да клања намаз и да слуша предавање од то-

гашните научници. Имамот кој држел хутбе на ден Џума, кога го забележал халифата присутен одеднаш ја сменил темата на предавање и почнал да зборува за шегувањето и хуморот на Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, со намера да го развесели халифата. Но Халифата продолжил пак да биде намуртен, додека сите присутни се смееле. Кога излегле надвор, имамот го прашал халифата Нуруддин: - Зошто не се смееш само ти?

Нуруддин му одговорил: *„Јас се срамам од Аллах, џ.ш., да ме види да се смеам, а муслиманите ги окупирал непријателот, истовремено и Ерусалим е во невернички раце.“*

Утредента халифата поранил на Сабах намаз и Имамот му кажал дека го видел Пратеникот, а.с., на сон и му рекол дека муслиманите ќе го освојат градот Димјат. Овие зборови кога ги слушнал Нуруддин веднаш направил сеџде и плачејќи почнал да се моли: *„О, Аллаху мој! Помогни ја твојата вера!“*

Нуруддин не се смеел бидејќи бил загрижен за состојбата на муслимани, истовремено неговата одговорност пред Аллах, џ.ш., и страв од Него не му дозволувале да се расположи имајќи предвид дека во тоа време неверниците ги окупирале муслиманските земји.

❁❁❁

Во Мека пристигнал трговски караван на кој биле жени и деца. Омер го замолил Абдурахман ибн Афв, р.а., една вечер да стражари со него на караванот, на што овој прифатил. Стражареле и клањале, кога одненадеж, Омер слушнал плач на дете, па се упатил кон местото од каде што доаѓа гласот и ѝ рекол на мајката: „Плаши се од Аллах и удоволи му на детето!“ Потоа се вратил на своето место, а по извесно време пак го слушнал истиот плач, па пак се упатил до мајката на детето и ѝ го кажал истото како првиот пат. При крајот на ноќта, Омер повторно го слушнал плачот и пак се упатил кон мајката на детето и ѝ рекол: „Навистина ти си лоша и безгрижна мајка! Зошто детето не спие цела ноќ?“ На тоа таа му одговорила без да знае кој е тој: „Аллахов робе, ме вознемируваш цела ноќ! Сакам да го одбијам од доење, па затоа плаче!“ „Зошто сакаш да го одбиеш?“ прашал Омер. „Затоа што Омер не им дава од државната каса помош освен на оние деца кои не се доенчиња?“ рекла таа. Омер прашал: „Колку има детето?“ „Само неколку месеци!“ одговорила мајката.

Потоа клањал сабах намаз плачејќи, дури народот не го разбирал што учи, па кога предал селам, рекол: „Тешко тебе Омере, колку муслимански деца си убил!“

Потоа наредил да се разгласи меѓу народот да не брзаат со одбивање на доење на ново-

роденчињата, така што ќе му се доделува дел на секој кој е роден во исламот од државната каса:

„Немојте да брзате со одвикнување од доење на децата, бидејќи ние ќе одредиме од државна каса за секое новороденче во ислам.“

И тоа писмено го наредил и на останатите далечни муслимански предели.

## ОТСТРАНУВАЊЕ ПРЕЧКА ОД ПАТОТ:

Пренесува Ебу Хурејре, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Иманот се состои од седумдесет или шеесет ограноци, највредниот огранок се зборовите *ла илахе иллаллах*, а најнискиот е отстранување пречка од патот, и срамот е огранок на иманот.“[100]

Пренесува Ебу Зерр, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Ми беа изложени делата на мојот уммет и добрите и лошите, па видов во добрите дела спаѓа отстранување пречка од патот, а видов во неговите лоши дела спаѓа плунка која ќе се најде во џамија и не се покрие.“[101]

Пренесува Ебу Хурејре, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Додека човек

[100] Муслим (35)

[101] Муслим (553)

одеше по пат наиде на гранка трње на пат па ја отстрани и зеде, Аллах му го прими делото и му прости.“[102]

Имам Ен-Невеви рекол: „Овие наведени хадиси јасно ни говорат за вредноста на отклонување од патот сѐ што им смета на луѓето, сеедно дали тоа е дрво, трње, камен, ѓубре итн. Отклонување препреки од патот е дел од верувањето и во тоа се нагласува вредноста и важноста на сѐ што донесува било каква корист на муслиманите или отклонува од нив било каква штета.“

## КОРИСТЕЊЕ НА ЛУЃЕТО СО ДЕЛА КОИ ИЗГЛЕДААТ МАЛИ НО НИВНАТА НАГРАДА Е ГОЛЕМА КАЈ АЛЛАХ:

Верникот не смее да омаловажи ниедно дело без оглед колку мало изгледало, бидејќи пренесува Ебу Зерр, р.а.: „Ми рече Пратеникот, с.а.в.с.: ‘Немој да омаловажуваш ништо од добрите дела, па дури и да го сретнеш својот брат со ведро лице.“[103]

Значи, верникот не потценува ниедно корисно дело па дури тоа и да е чистење на џамијата кое дело има голема позиција во исламот. Имаше една жена која ја чистеше џамијата на Пратеникот, с.а.в.с., па во една прилика не ја забележал Пратеникот, с.а.в.с., и се распрашал за неа. Му било кажано: „Умрела.“ Рекол: ‘Зошто не ме известивте?’ Како да сметале дека не е толку важна нејзината

[102] Бухари (624), Муслим (1914)
[103] Муслим (2626)

умирачка. Потоа рекол: ‘Покажете ми го нејзиниот гроб!’ Откако му беше покажан, застанал и ѝ клањал џеназе намаз, потоа рекол: ‘Навистина, овие гробови се исполнети со темнина на нивните жители, додека Возвишениот Аллах им ги осветлува со мојот намаз за нив!’.“[104]

Имамот Невеви кажува дека таа жена ја метела и чистела џамијата, па Пратеникот, а.с., побарал од асхабите одговор: Како не ме известивте?

Овој пример ни става до знаење дека ниедно добро дело не треба да го потцениме. Потоа не ни е познат ниту еден случај дека уште некому Пратеникот, а.с., вака самостојно и посебно му клањал џеназе. Но, таа жена, токму поради својот хизмет на другите луѓе, а во овој случај чистење на џамијата – заработила големи степени и награда кај Господарот на световите!

**Користење на луѓето може да биде дури и со обичен збор:**

Пренесува Муавије, р.а.: „Го слушнав на Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, како вели: ‘Ако ти ги следиш маните (срамните дела) на муслиманите ќе ги расипеш или близу си да ги расипеш’. Ебу Дерда рече: ‘Еден збор кој го слушнал Муавије од Пратеникот, с.а.в.с., Аллах дал да им корист во него.“[105]

---

[104] Муслим (956)

[105] Ебу Давуд (4888), Албани го оценил за сахих во Сахих Тергиб (2342)

Во делото *Аунул-ма'буд* стои: „Значи ако ги истражуваш маните на муслиманите и потоа јавно ги искажуваш пред другите, тоа ќе доведе до намалување на нивниот срам од тебе па ќе имаат смелост да ги прават истите гревови или срамни дела јавно."[106]

## Користење на луѓето може да биде и со дова

Пренесува Ебу Дерда, р.а., дека го слушнал на Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, како вели: „Кој ќе се моли за својот брат во отсутност, мелек кој е надлежен за него вели: И тебе исто."[107]

Користење на муслиманите дури и на јавните патишта:

Пренесува Бера'а ибн Азиб, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, поминал покрај една седенка на енсариите и рекол: „Ако веќе сте одлучиле да стоите покрај патот тогаш упатете го патникот, возвратете на селамот и помогнете му на обесправениот."[108]

Правење корист не се ограничува само за луѓето, тоа може да ги опфати дури и животните во нивно хранење, напојување и правење добро има награда за верникот.

[106] Аунул-ма'буд
[107] Муслим (273)
[108] Бејхеки (9085), Албани го оценил за сахих во Силсиле сахиха (1561)

❁❁❁

Познавам човек од Египет кој извршувал хаџ во својата младост, и тоа пред 32 години.

Тогаш патувал во возило со уште девет патника. На предното седиште седеле некој маж и жена. Зад нив седела една старица, која поради гужва и мал простор се нашла во многу незгодна положба. Човекот за кој зборувам се обидел да го наговори човекот од предното седиште да го замени местото со старицата за да ѝ олеснат. Овој одбил, но тој продолжил да го убедува сè додека на крај не прифатил. И така старицата седнала на предното седиште, а човекот седнал на нејзиното место.

Кога старицата се опуштила и била во состојба да ги испружи нозете, му рекла со својот локален дијалект на човекот кој ѝ притекнал во помош: „Го молам Аллах да ти овозможи да одиш на хаџ секоја година!“

Тој човек до денешен ден извршил 32 хаџџа, и толку долго го познавам. 32 пати хаџ поминале откако старицата проучила дова за него.

Понекогаш се случува да се приближи времето за хаџ, а тој нема доволно пари ниту услови, но, сепак, Аллах пак ќе му го отвори патот и ќе го снабди да ги посети тие чесни свети места.

Алија, радијаллаху анху, рекол: „Аллах ги сокрил две нешта во други две нешта: го сокрил

Своето задоволство во добрите дела, па човекот не знае со кое негово дело Аллах ќе биде задоволен; и ги сокрил своите заштитници (евлии) меѓу Своите робови, па човекот не знае кој е евлија од Неговите робови.“

**Поука:** Правете повеќе добри дела и настојувајте да бидат направени само заради Севишниот Аллах. Можеби ќе му помогнете на некој несреќен или потребен, па тој ќе направи дова за вас, а таа ќе биде примена.

**Извор:** Оваа сторија ја раскажал шејх Салих ел Мугамиси во неговите предавања.

* * *

## *БЛАГО ОДНЕСУВАЊЕ КОН ЖИВОТНИТЕ:*

Муслиманот е сеопшт доброчинител, неговото добро е како ветер кој носи плод, од него се користат сите созданија дури и животните.

Пренесува Ебу Хурејре, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, раскажал: „Имаше еден човек кој одеше по пат. Жедта го зафатила. Нашол бунар, се симнал и напил, потоа излегувајќи забележал куче кое поради големата жед лижи прашина. Човекот рекол: ‘Ова куче го зафатила жедта како што мене претходно ме зафатила’, па слегол во бунарот, го наполнил својот чевел и со устата го држел додека се искачил, го напоил на кучето. Аллах му го прими делото и му прости.“ Рекоа: ‘Аллахов Пратенику, зарем во животните имаме награда?’ Рече: ‘Да, во секое живо створение

имате награда!'[109]

Имам Невеви околу зборовите на Пратеникот: „Во секој свеж црн дроб имате награда!" (буквален превод) значи: Во доброчинството кон секое животно има награда ако го напоиш, нахраниш и убаво се однесуваш кон него."[110]

Некои учени луѓе кажале: Ако Аллах му простил на човекот што напоил жедно куче, па колкава е награда за оној кој ќе напои жеден човек, нахрани гладен, облече кој има потреба за облека од муслиманите?

Во друго предание стои сличен настан се случил со проститутка и дека нејзе Аллах ѝ простил заради што напоила мачка. Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Една блудничка еден ден видела мачка како кружи околу бунар. Јазикот го испружила поради жед. Таа ја извадила својата чевла и ја напоила мачката. Ѝ било простено заради тоа." (**Муслим**)

Колкава е наградата за поење на животно, а колкав е гревот да му се забрани на хајван пиење на вода, ќе ни покаже добро познатиот хадис во кој се кажува дека некоја жена е казнета со џеханнемски оган поради мачка. Пратеникот, с.а.в.с., рекол: „Жена влегла во оган заради мачка која ја врзала – не ја нахранила ниту ја пуштила да се храни со земјата." (Бухари)

Основен принцип на кој верникот го гради својот однос кон целата природа е дека сè му припаѓа на Аллах, џ.ш., и дека Тој е Создател на сè и дека човекот пред

---

[109] Бухари (2234), Муслим (2244)

[110] Шерх Сахих Муслим (14/241)

Него е одговорен за својот однос кон природата. Муслиманот емотивно комуницира со другите созданија во вселената. Значи, од нас се очекува со нив да постапуваме со подеднаква грижа и почит, како спрема луѓето. Психолошката суровост е забранета во исламот на сите полиња, па дури и спрема стоката.

Пратеникот, с.а.в.с., во една прилика загледал еден човек како својата нога ја ставил на врат од овца и пред нејзините очи го острел ножот намерувајќи да ја заколе, па Пратеникот, с.а.в.с., му се обратил со зборовите: „Зошто тоа не го стори порано? Зарем сакаш два пати да ја усмртиш?“ Според тоа, нехуманиот однос спрема животните може да биде причина за казна во џехеннем, но исто така и убавата постапка кон животните може да биде причина за прошка на гревовите и влез во џеннет.

Пренесува Џабир ибн Абдуллах, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Кој ќе отвори бунар и нема да пие од него жива душа било да е џин, човек или птица; а да не го награди Аллах на Судниот ден.“[111]

Омер ибн ел-Хаттаб, р.а., рекол: „Ако мазга се сопне во Ирак, ќе ме праша Аллах Севишниот за неа на Судниот ден.“[112]

[111] Ибн Хузејме (2/269), Албани го оценил за сахих во Сахих Тергиб ве Терхиб (271)

[112] Енсабул-ешраф (3/409)

# ШТО ОСТАНУВА ПО СМРТТА

**ПРВО:** ИМАНОТ И ДОБРИТЕ ДЕЛА:

Ефектот и влијанието на иманот и добрите дела остануваат по смртта, и со тоа корист ќе има човекот откако ќе умре. Еве ги тие плодови:

1. Користа на добриот човек поради довата на мелеците и верниците:

Возвишениот вели:

﴿الَّذِينَ يَحْمِلُونَ الْعَرْشَ وَمَنْ حَوْلَهُ يُسَبِّحُونَ بِحَمْدِ رَبِّهِمْ وَيُؤْمِنُونَ بِهِ وَيَسْتَغْفِرُونَ لِلَّذِينَ آمَنُوا رَبَّنَا وَسِعْتَ كُلَّ شَيْءٍ رَحْمَةً وَعِلْمًا فَاغْفِرْ لِلَّذِينَ تَابُوا وَاتَّبَعُوا سَبِيلَكَ وَقِهِمْ عَذَابَ الْجَحِيمِ * رَبَّنَا وَأَدْخِلْهُمْ جَنَّاتِ عَدْنٍ الَّتِي وَعَدْتَهُمْ وَمَنْ صَلَحَ مِنْ آبَائِهِمْ وَأَزْوَاجِهِمْ وَذُرِّيَّاتِهِمْ إِنَّكَ أَنْتَ الْعَزِيزُ الْحَكِيمُ * وَقِهِمُ السَّيِّئَاتِ وَمَنْ تَقِ السَّيِّئَاتِ يَوْمَئِذٍ فَقَدْ رَحِمْتَهُ وَذَلِكَ هُوَ الْفَوْزُ الْعَظِيمُ﴾

**„Мелеците кои го носат престолот и тие што се околу него Го величаат и Го фалат Господарот свој**

**и веруваат во Него и се молат гревовите на верниците да им бидат простени: „Господару наш, Ти со милоста и со знаењето опфаќаш сé; затоа прости им на тие што Ти се покајаа и кои го следат Твојот пат и сочувај ги од страдањето во Огнот! Господару наш, воведи ги во еденските градини, кои им ги вети, и предците нивни и жените нивни и потомството нивно – тие што беа добри; Ти си, навистина, Силен и Мудар. И поштеди ги од казната за лошите дела, бидејќи кого Ти тој Ден ќе го поштедиш од казната за лошите дела – Ти си му се смилувал, а тоа, навистина, ќе биде голем успех!“** (Гафир, 7-9)

Исто така, Севишниот вели:

﴿وَالَّذِينَ جَاءُوا مِنْ بَعْدِهِمْ يَقُولُونَ رَبَّنَا اغْفِرْ لَنَا وَلِإِخْوَانِنَا الَّذِينَ سَبَقُونَا بِالْإِيمَانِ وَلَا تَجْعَلْ فِي قُلُوبِنَا غِلًّا لِلَّذِينَ آمَنُوا رَبَّنَا إِنَّكَ رَءُوفٌ رَحِيمٌ﴾

**„Тие што доаѓаат по нив, велат: „Господару наш, прости ни нам и на браќата наши кои во верата нé претекнаа и не допуштај во срцата наши да има ниту малку злоба кон верниците; Господару наш, Ти си, навистина, добар и Милостив!“** (Ел-Хашр, 10)

Муслиманите се молат во секој намаз за добрите луѓе од Аллаховите созданија да им подари спокој и заштита од секое зло: (Ес-селаму алејна ве ала ибадиллахис-салихин – Нека спасот биде врз нас и врз Аллаховите добри созданија).

2. Чување на потомството:

Возвишениот Аллах вели:

﴿وَأَمَّا الْجِدَارُ فَكَانَ لِغُلَامَيْنِ يَتِيمَيْنِ فِي الْمَدِينَةِ وَكَانَ تَحْتَهُ كَنْزٌ لَهُمَا وَكَانَ أَبُوهُمَا صَالِحًا﴾

**„А што се однесува до ѕидот, тој им припаѓа на две момчиња, сирачиња од градот, а под него е закопано нивното богатство. Нивниот татко бил добар човек.“** (Ел-Кехф, 82)

Па Возвишениот Аллах им го сочувал богатството на овие две деца поради тоа што нивниот татко бил добар човек.[113]

**ВТОРО:** ДОБАР СУННЕТ

Пренесува Џерир бин Абдуллах, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Кој ќе воведе во исламот убава пракса (во смисла за хаир работа), па ќе се практикува после него, ќе му се запише награда за она што ќе постапува по неа без да им се намали ништо од нивната награда; а кој во исламот ќе воведе некоја лоша пракса, ќе биде казнет и ќе го сноси гревот на оние кои тоа ќе го чинат после него, а од нивните гревови ништо нема да им се одземе.“[114]

Пренесува Ебу Хурејре, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Кој ќе

113 Тефсир Ес-Са'ди (482)

114 Муслим (1017)

повикува на патоказ, тој ќе има награда исто како оние кои ќе го следат без да им се намали нешто од нивните награди, а кој ќе повикува во заблуда, тој ќе има грев како оние кои ќе го следат во гревот без да им се намали нешто од нивните гревови.“[115]

Имамот Невеви, Аллах да му се смилува, рекол: „Зборовите на Пратеникот: ‘Кој ќе воведе во исламот убава пракса’, и ‘а кој во исламот ќе воведе некоја лоша пракса’, а во друг хадис ‘: „Кој ќе повикува на патоказ’ и ‘а кој ќе повикува во заблуда’, овие два хадиси се експлицитни во поттикнување на пожелно воведување добри навики, обичаи, пракси, а забрана за воведување на лоши навики и обичаи. Па оној кој ќе воведе убава пракса ќе има награда на сите на оние кои ќе ја следат и применуваат до Судниот ден, а кој ќе воведе некоја лоша навика, пракса и слично ќе го понесе гревот на сите оние кои ќе го прават тоа дело до Судниот ден; а кој ќе повикува во патоказ ќе има награда на сите оние кои ќе го прават тоа добро дело, или повикува кон заблуда ќе ги понесе гревовите на сите оние кои ќе ја следат заблудата, без оглед дали патоказот или заблудата е тој кој прв ја започнал или пак некој претходно ги вовел, без оглед дали е тоа поучување со знаење, ибадет, или друго нешто. Пратениковите зборови ‘И после него се постапува по тоа’ значат дека без оглед кога ја вовел таа работа па по неа се постапува во текот на неговиот живот или по смртта.“[116]

[115] Муслим (2674)

[116] Шерху Невеви ала Муслим (16/226)

Ист третман зазема и оној кој воведе некоја лоша пракса:

Возвишениот вели:

﴿لِيَحْمِلُوا أَوْزَارَهُمْ كَامِلَةً يَوْمَ الْقِيَامَةِ وَمِنْ أَوْزَارِ الَّذِينَ يُضِلُّونَهُم بِغَيْرِ عِلْمٍ أَلَا سَاءَ مَا يَزِرُونَ﴾

**„За на Судниот ден да го носат сиот товар свој и дел од товарот на тие кои несвесно во заблуда ги донеле. А грозно е тоа што тие ќе го носат!“** (Ен-Нахл, 25)

Пренесува Абдуллах ибн Мес’уд, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „И нема да биде убиена невина душа неправедно, а синот на Адем да не го понесе гревот поради пролеаната крв, бидејќи тој бил прв кој го вовел убиството.“[117]

**ТРЕТО:** КОРИСНО ЗНАЕЊЕ, ТРАЈНА САДАКА, ДОБРО ДЕТЕ КОЕ ЌЕ СЕ МОЛИ ПОСЛЕ НЕГО

Пренесува Ебу Хурејре, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Кога човекот ќе умре му прекинуваат неговите дела освен во три случаи: трајна садака, корисно знаење или добро дете кое ќе се моли за него.“[118]

Имамот Невеви, Аллах да му се смилува, рекол: „Пратениковите зборови: „Кога човекот ќе умре му прекину-

[117] Буари, (3157)

[118] Муслим (1631)

ваат неговите дела освен во три случаи: трајна садака, корисно знаење или добро дете кое ќе се моли за него.“, улемата рекла: Значењето на хадисот е дека делото на умрениот прекинува со неговата смрт, освен во овие три случаи поради тоа што тој бил причина за нив, бидејќи детето е негов плод, исто така и знаењето кое го оставил зад себе било да е поучување или пишување, исто така и трајната садака, а тоа е вакуфот. Тука индиректно се истакнува и важноста на бракот со надеж дека ќе произлезе добар плод, хаирли дете, а претходно го објаснивме разидувањето за состојбата на луѓето околу тоа, и го објаснивме тоа во поглавјето за бракот. Во овој хадис има доказ за исправноста на основата на вакуфот, неговата огромна награда, објаснение за важноста на знаењето, поттик за зголемување со знаење. Поттик за оставање наука во наследство, пишување и доставување, и дека е потребно да се избере најкорисната наука за поголема корист. Исто така, во хадисот има напомена дека довата стигнува до умрениот. Исто така и садаката, и за тоа постои консензус, како и за исплаќање на долгот.“[119]

Алимот Ибнул-Кајјим при изнесување на овој хадис за вредноста на знаењето рекол: „Веќе напоменавме двестотини докази за вредноста на науката и учените во книгата Едебул-муфред, колку само науката е на голем степен, возвишена почест, со тоа што човекот ќе биде зафатен во неговиот живот со неа, па иако тој е во гроб и телото се растурило меѓутоа листовите со неговите

[119] Шерх Невеви ала Муслим (11/85)

добри дела се постојано во пораст, во секое време добрите дела му течат, и му се подаруваат добри дела од каде што не очекува. Навистина, жими Аллах, тоа е голема почест и плен. Во тоа нека се натпреваруваат натпреварливите, и нека завидуваат завидливите. Тоа е доблест и вредност која Аллах ја дава кому сака. Навистина, кај Аллах добрината е голема! Заради оваа позиција заслужува да не се штедат залагањата и напорите и се претекнат натпреварувачите. Времето да се исполни со него, настојувањата да се насочат кон него. Па Го молиме Севишниот Аллах во Чии раце се клучевите на секое добро, да ни ги отвори ризниците на Неговата милост, и да нè направи од оние кои ќе се опишат со ова својство со Неговата дар и добрина. Учените со овој степен се нарекуваат великани во небеското кралство, како што рекол од претходните генерации: „Кој ќе научи и работи, и потоа ги поучи другите, тој е наречен великан во небеските кралства.“[120]

Пренесува Ебу Хурејре, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Навистина, на човекот ќе му биде подигнат неговиот степен во џеннет па тој ќе рече: Од каде сега ова? Ќе му биде кажано: ‘Поради барањето прошка на твоето дете за тебе’.“[121]

Пренесува Ебу Хурејре, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Она што ќе

[120] Тарикул-хиџретејн (512)

[121] Ибн Маџе (3660), Албани го оценил за добар во Сахих Ибн Маџе (198)

му се приклучи на верникот од неговите дела и добрини после неговата смрт: наука која ја научил и проширил, добро дете кое го оставил, мусхаф кој го оставил во наследство, џамија која ја изградил, куќа која ја изградил за патникот, река која ја протекол, садака која ја извадил од неговото богатство додека бил здрав во неговиот живот, сето тоа ќе му се приклучи по неговата смрт.“[122]

‘знаење кое го проширил‘ тоа е поопшто од поучување бидејќи го содржи пишувањето на книги и давање книги како вакуф.

Ес-Синди, Аллах да му се смилува, рекол: „Добро дете, се смета од делата и добро поучување, бидејќи родителот е причина за негово постоење на овој свет, причина за негова добра состојба со тоа што го поучил на патоказ како што го дефинирал самото добро дете во дело како зборовите:

﴿عَمَلٌ غَيْرُ صَالِحٍ﴾

‘детето е дело кое не е добро.‘ се мисли на синот на Нух, а.с., кој одбил да го следи татковиот повик.

Зборовите ‘мусхаф кој го оставил во наследство’ значи го оставил како наследство, значи ова дело заедно со трајната садака заземаат ист третман и пропис. Овој хадис е дополнение и дополнување на хадисот ‘му прекинуваат делата освен три‘.

‘го остави во наследство’, значи го остави насле-

[122] Ибн Маџе (224), Албани го оценил за добар во Сахих Ибн Маџе (198)

дниците дури и како посед, а во негово значење се и шеријатските книги па ќе има награда поради што тој е причинител.

‘џамија која изградил’, во тоа исто значење спаѓа и медресата од каде никнуваат учени луѓе или добри реформатори.

‘куќа која ја изградил за патникот’, значи мусафирот и странецот.

‘река која ја протекол’ значи овозможил реката да тече и со тоа да се користат созданијата.

Зборовите ‘додека бил здрав и во текот на неговиот живот’ значи делата ги направил додека бил комплетно совршен и здрав, иако имал потреба за богатство и негово овозможување да се користат со него. Тука постои мотивација за тоа за да биде највредна садака како што алудира неговиот одговор на оној кој го прашал: ‘Која садака има најголема награда?’ Рекол: „Да поделиш, а ти си здрав и алчен!“ инаку суштината на трајната садаката не застанува на тоа.“[123]

Пренесува Ебу Умаме, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „На четворица им тече наградата дури и по смртта: на борецот на Аллаховиот пат, на оној кој ќе направи дело и потоа другите го прават тоа дело, на човекот кој ќе подели садака и таа тече после него и на човек кој ќе остави

[123] Миркатул-Мефатих (1/442)

добро дете кое ќе се моли за него.“[124]

**ЧЕТВРТО:** ГРАДЕЊЕ И ПОДГОТОВКА НА МАЖИ:

Нека твојата амбиција биде креирање на мажи, херои, јунаци подобри од тебе. Тоа е Куранско упатство:

﴿وَوَاعَدْنَا مُوسَى ثَلَاثِينَ لَيْلَةً وَأَتْمَمْنَاهَا بِعَشْرٍ فَتَمَّ مِيقَاتُ رَبِّهِ أَرْبَعِينَ لَيْلَةً وَقَالَ مُوسَى لِأَخِيهِ هَارُونَ اخْلُفْنِي فِي قَوْمِي وَأَصْلِحْ وَلَا تَتَّبِعْ سَبِيلَ الْمُفْسِدِينَ﴾

**„Ние одредивме часот на средба со Муса да биде кога ќе се наполнат триесет ноќи, и ги дополнивме со уште десет, па времето кое го одреди Господарот негов се исполни за четириесет ноќи. А Муса му беше рекол на братот свој Харун: „Застапувај ме во народот мој, и воспоставувај ред и не следи ги патиштата на пакосниците!“** (Ел-Араф, 142)

Исто така, тоа е упатство на суннетот:

Се пренесува дека дошла некоја жена кај Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, и му проговорила за нешто, а тој ѝ наредил нешто. Таа рече: ‘А што, Аллахов Пратенику, ако не те најдам?’ Рече: ‘Ако не ме најдеш мене, појди кај Ебу Бекр!’[125] Хумејди бележи додаток од Ибрахим ибн Са’д: ‘Тоа значи смрт’, ако не ме најдеш жив, тогаш обрати му се на Ебу Бекр, р.а.

[124] Ахмед (22372), Албани го оценил за сахих во Сахих Тергиб ве Терхиб (114)
[125] Бухари (6927)

Кога беше Битката на Му'те, како заповедник на муслиманската војска Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, го постави на Зејд ибн Харисе, р.а., и рече: „Ако биде убиен Зејд, тогаш Џа'фер, ако биде убиен и Џа'фер тогаш Абдуллах ибн Ревваха, и им направи бело знаме, и му го подаде на Зејд ибн Харисе."[126]

Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, кога отпатуваше надвор од Медина заради битки, како заменици и наместници оставил повеќе од единаесет асхаби, од нив: С'ад ибн Убаде, Зејд ибн Харисе, Бешир ибн Абдул-мунзир, Сибаул-Гиффари, Осман бин Аффан, Ибн Умму Мектум, Ебу Зерр ел-Гиффари, Абдуллах ибн Абдуллах ибн Убејј, Еби Немиле ел-Лејсу, Кулсум ибн Хусајн, Мухаммед Меслеме.

Алкаме раскажува: Седевме со Ибн Мес'уд, р.а., и дојде Хаббаб, р.а., и рече: „О, Ебу Абдуррахман, дали овие младичи можат да читаат како што читаш ти?" Рече: „Ако ти посакуваш, јас ќе му наредам на некој од нив да ти чита тебе!" Рече: „Секако." Рече: „Читај, о, Алкаме!"

Алкаме вели: „Прочитав педесет ајети од сурата Мерјем." Тогаш Абдуллах му рече: „Како ја гледаш работава?" Хаббаб рече: „Добро беше." Абдуллах рече: „Што читам јас чита и тој!"[127]

Во биографските книги се наведува дека Алкаме бил човек со преубав глас.

---

126 Бухари (4013)

127 Бухари (4130)

Ебу Хамза раскажува: „Му реков на Реббах Еби ел-Мусенна, зарем не го виде Абдуллах?“

Рече: „Да, дури обавив хаџ со Омер три пати јас возрасен маж.“

Рече: Абдуллах и Алкаме ги подредуваа луѓето во два реда: па Абдуллах му читал на еден човек, а Алкаме на друг човек, па кога ќе завршеле ги повторувале поглавјата за обредите на хаџот и поглавјата за халал и харам!! Па кога ќе го видиш на Алкаме, нема да ти штети што не си го видел на Абдуллах, бидејќи Алкаме бил најсличен по својства и упатство. А кога ќе го видиш на Ибрахим ен-Нехаи, нема да штети што не си го видел на Алкаме, оти тој беше најсличен во својства како него.“[128]

Е’амеш кажува: „Ми рече Ибрахим, а јас сеуште младо момче: „Запомни го ова, можеби ќе бидеш прашан за ова.“[129]

### Ебу Ханифе и неговиот ученик Ебу Јусуф

Јакуб ибн Ибрахим Ебу Јусуф ел-Кади (182 по хиџра) раскажал: „Почина мојот татко Ибрахим ибн Хабиб, а мене ме остави мал во скут на мајка ми. Таа ме однесе кај кројач и ме предаде кај него да му служам. Јас го напуштав на кројачот и одев на научните кружоци кај Ебу Ханифе, и тука земав знаење. Мајка ми доаѓаше зад мене и ме земаше за раце и ме носеше кај кројачот. Ебу Хаифе

[128] Погледни: Сијер ‘аламун-Нубела (4/54)

[129] Џами’ бејанил-илми ве фадлихи (485)

се интересираше за мене откако виде како присуствувам и имам голема грижа во стекнување знаење. Кога мајка ми забележа дека бегам од кај кројачот и тоа трае подолго време, дојде кај Ебу Ханифе и му рече: „Што е со ова дете, ова дете е сирак нема ништо, јас го издржувам со плетење, се надевав дека ќе работи и ќе заработи некој динар да се издржува.“ Тогаш Ебу Ханифе ѝ рече: „Остави го нека бара знаење, еден ден ќе јаде највкусно јадење (Фалузеџ) со масло од фстак.“ Таа му одговорила: „Ти си стар човек, ти скршнал умот!“ Па Ебу Јусуф останал (29) учејќи знаење дури постанав кадија. Седев во палатата на халифата на муслиманите Харун ер-Решид и јадев со него од неговата трпеза. Еден ден му беше донесена највкусна храна (Фалузеџ) на Харун Решид, па ми рече мене: „О, Јакуб, јади од ова, бидејќи ова го нема секој ден!“ Прашав: „А што е ова, владару на правоверните?“ Рече: „Ова е Фалузеџ (највкусна храна) со масло од фстаци.“ Тогаш јас се насмеав, па ме праша: „Зошто се смееш?“ Реков: „За добро, Аллах нека те проживее, владару на правоверните!“ Рече: „Мора да ме известиш... и беше упорен во тоа и го известив за случката со мајка ми и Ебу Ханифе од почеток до крај. Па се зачуди поради тоа и рече: „Жими животот, навистина науката воздигнува и користи и за овој и за оној свет“, потоа направи дова на Аллах да му се смилува на Ебу Ханифе и рече: „Гледаше со очите на неговиот разум она што не го гледаше со очите на неговата глава.“[130]

Карактерот на Ебу Ханифе, Аллах да му се смилува,

[130] Тарих Багдад (14/250)

најдобро го опишал неговиот ученик Ебу Јусуф, кој за својот професор говорел пред халифот Харун ер-Решид. Помеѓу останатото рекол: „Што се однесува до моето познавање на Ебу Ханифе, јас сум го запомнил како човек кој бил далеку од харамот, и како научник кој за Аллаховата вера не говорел без знаење и докази. Ја сакал покорноста кон Аллах, а со сето срце го мразел грешењето. Се одрекувал од дуњалукот и за дуњалучките благодети многу не се грижел. Ако некој му поставуваше некое прашање, тој одговараше врз основа на знаењето и доказите кои ги имаше, ако немаше јасен доказ од Куранот и суннетот, тогаш користеше аналогија, со цел да ја сочува својата вера. Многу се жртвуваше во стекнувањето на знаење, но исто така и во стекнување на халал богатство, така беше независен од другите луѓе. Не беше алчен и далеку беше од озборувањата. Никогаш никого не спомнуваше освен по добро.“ Тогаш Харун ер-Решид рекол: „Ова се навистина особини и ахлак на добрите луѓе“, а потоа на својот записничар му нареди да ги запише тие особини и да му ги предаде на неговиот син за да се окористи.“ **(Ес-Сајмери, Ахбар Еби Ханифе ве асхабихи, стр. 42)**

Спомнува Хатиб ел-Багдади во неговата импозантна книга Тариху Багдад, во биографијата на Кади Ебу Јусуф, ученикот на Ебу Ханифе. Ебу Јусуф раскажува: „Ја изучував науката на хадис и исламско право, а бев во скромна материјална состојба. Еден ден дојде татко ми кај Ебу Ханифе, и заминав со него. Ми рече: „Синко, немој да ги пружаш нозете кон Ебу Ханифе, неговиот леб е испечем, додека ти имаш потреба за живеачка.“

Отсуствував од предавањата на Ебу Ханифе, и дадов предноста на послушноста на татко ми. Па Ебу Ханифе почна да се распрашува за мене, па кога дојдов на првиот час со малку задоцнување, ме праша: „Што те оддалечи од нас?“ Му реков: ‘Зафатеност со работа за живеачка и послушност кон татко ми!’ Кога луѓето заминаа ми подаде едно кесе и ми рече: ‘Употреби ги во корист овие пари!’ Кога погледнав внатре видов 100 дирхеми и ми рече: ‘Присуствувај на научните лекции, па кога ти завршат овие, кажи ми!’ Па редовно присуствував, после извесно време пак ми даде уште 100 дирхеми и така постојано ме помагаше додека станав независен и ситуиран.“

Ебу Јусуф рекол: „Редовно присуствував на неговите научни седенки 29 години додека ја завршив мојата потреба. Аллах со неговиот благослов и мојот чист нијет ми подари и знаење и богатство. Аллах да го награди со добро за неговото залагање во моето поучување и му прости!“

**Можно е учениот човек да ги подготвува учениците за да станат учен кадар во иднината на следниов начин:**

Охрабрување од научникот на своите ученици да бидат истрајни во истражување, прецизно изучување и читање на овие трудови во присуство на овластен шејх, и искажување на забелешки за да се окористат сите.

Обработување на прашања со учениците и нивно мотивирање да дадат сопствен став, слушање на нивните гледишта и не потценување на нивното мислење, како што Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем,

понекогаш ги прашувал своите асхаби.

Ибн Омер, р.а., пренесува дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, еден ден ги прашал своите асхаби: „Известете ме за едно дрво чиј пример наликува на верникот... потоа на крајот спомнал дека тоа е палмата.“[131]

Поучување на учениците за методологијата на црпење шеријатски пропис, начин на аргументирање, форма на соочување на ставовите, примена на правилата и основите на ограноците.

Кога ученикот ќе достигне одреден степен, учителот ќе му дозволи да одржи предавање на почетниците со цел негово вежбање и подготовка, и проценка на неговиот капацитет. Па ако достигне одреден степен кој е доволен, ќе му дозволи да се осамостои и стане независен од него. Па овој ученик ќе има посебни свои предавања и лекции, како што првите генерации од умметот им дозволувале на своите ученици да даваат шеријтски децизии (фетви), како имам Малик и Шафи и други.

Не смее да се воспитуваат учениците на слепа послушност, туку ќе ги вежба на способност за водство, бидејќи умметот има потреба за водачи кои ќе го поведат кон неговата среќа на дуњалук и на ахирет. Затоа, исламските халифи во дамнешно време водството на војската и командата во некои битки им ја доверувале на оние кои биле под нивна власт, за да ги увежбаат и

[131] Бухари (2095), Муслим (2811)

зајакнат нивните личности со цел потоа тие да бидат носители на знамето и водството.

**ПЕТТО:** ИСЛАМСКИОТ ВАКУФ:

Вакуфот како институција спаѓа во факторите и причините за зголемување на добрите дела и позитивни проекти кои ќе бидат корисни на овој и на оној свет.

Дефиницијата за вакуфот гласи: Изземање на имотот со волја на лицето од неговата сопственост и посветување за одредени цели. Тие цели можат да бидат: верски во потесна смисла, општествени, просветни итн.

Со други зборови: Задржување или затворање на основата и негово посветување за општа корист. Под основа се мисли на она што може да се користи со зачувување на неговата основна форма како: дуќани, куќи, градини и слично.

А под поимот корист се мисли на: пленот и добивката која произлегува од таа основа како: плодовите, ќиријата, престојот во куќата и сл.

Оваа дефиниција се совпаѓа со зборовите на Пратеникот, с.а.в.с., кои му ги упатил на Омер, р.а.: „Задржи ја основата додека плодовите намени ги на Аллаховиот пат."[132]

[132] Несаи (3604), Албани го оценил за сахих во Сахих сунен Несаи.

**Докази за пропишаноста на вакуфот:**

Зборовите на Возвишениот:

﴿لَنْ تَنَالُوا الْبِرَّ حَتَّى تُنْفِقُوا مِمَّا تُحِبُّونَ وَمَا تُنْفِقُوا مِنْ شَيْءٍ فَإِنَّ اللَّهَ بِهِ عَلِيمٌ﴾

**„Нема да заслужите добро сè додека не дадете дел од тоа што ви е драго! А што и да дадете, Аллах тоа добро го знае.“** (Али Имран, 92)

Она што ви е драго од садака[133], а вакуфот е дел од садаката и е препорачан.

Зборовите на Возвишениот:

﴿يَا أَيُّهَا الَّذِينَ آمَنُوا ارْكَعُوا وَاسْجُدُوا وَاعْبُدُوا رَبَّكُمْ وَافْعَلُوا الْخَيْرَ لَعَلَّكُمْ تُفْلِحُونَ﴾

**„О, верници, руку и сеџда извршувајте и Господарот свој обожувајте Го, и добри дела правете за да го постигнете тоа што го сакате.“** (Ел-Хаџ, 77)

Пренесува Ебу Хурејре, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Кога човекот ќе умре му прекинуваат неговите дела освен во три случаи: трајна садака, корисно знаење или добро дете кое ќе се моли за него.“[134]

Имамот Невеви, Аллах да му се смилува, рекол:

---

[133] Тефсир Табери (6/587)

[134] Муслим (1631)

„Трајната садака е вакуфот.“[135]

Вакуфот во шеријатот е сеопфатен поим и се вклопува во целиот економски систем. Вакуфите, откако исламската држава ја презела грижата за здравствениот, образовниот и социјален живот на своите граѓани, продолжиле да егзистираат и да се развиваат прераснале во посебен систем. Вакуфот како правен институт бил тема на истражување во многу институти и центри кои во поглед на правната регулатива на вакуфот подлабоко навлегувале во обработка на шеријатското право и неговите составни делови.

Поимот вакуф и вакуфење е поврзан за името на Божјиот пратеник Ибрахим, а.с. Во Палестина и денес постои град под назив Халилур-Рахман изграден од задолжнина на Ибрахим, а.с.

Инспириран од претходно наведениот ајет 92 од сура Али Имран, Омер ибн Хаттаб, р.а., дошол кај Веровесникот, а.с., и му рекол дека неговиот имот на Хајбер е најкорисен и најсакан имот и побарал совет како да го направи како трајна садака. Пратеникот, с.а.в.с., му рекол дека најдобро е да го направи вакуф „не да се продаде, ниту наследи, ниту подари“. Кога го слушнал советот Омер, р.а., одредил приходите од неговиот имот да се користат за потребите на: сиромашните, неговата роднина, откуп на робови, за војниците, патниците и гостите. По примерот на Омер, р.а., и асхабите постапиле на ист или идентичен начин, така што има историчари кои

[135] Шерхун-Невеви ала Муслим (11/85)

тврдат дека немало ниту еден познат асхаб а барем нешто да не увакуфил. И самиот Пратеник, с.а.в.с., како пример од корисста и доброчинството увакуфил седум овоштарници. За вакуф се користело сѐшто е општо добро, без оглед дали се работи за подвижен или неподвижен имот. Илустративен пример е Халид ибн Велид, р.а., кој ја увакуфил својата воена опрема вклучувајќи ги и коњите.

**Мудрости во пропишаноста на вакуфот:**

Еве ги најистакнатите:

1- Вакуфот се смета за константен финансиски извор во остварување на општи и посебни користи и интереси. Врз основа на оваа мудрост можеме да го опишеме вакуфот како извор од кој ќе течат добрите дела на верниците. Нема сомнение дека овие хумани и добротворни дела се прават со имотот на муслиманите и нивниот посед и дека нивна реализација се постигнува преку халал заработка и чист имот.

2. Вакуфот се смета меѓу најплодните хумани дела со видливи траги и влијание во општеството. Тоа е огромна финансиска институција чии придобивки се од општа корист. Искуството од историјата во текот низ вековите ни потврдило дека вакуфот одиграл важна улога во економскиот, научниот, здравствениот и општествен развој на заедницата, исто така во грижата за џамиите, библиотеките, училиштата, болниците, згора на тоа, вакуфот имал влијание и во придвижување на трговијата, земјоделскиот развој, индустријата и сите аспекти на

човечкиот живот. Вакуфот помогнал и во општествените кругови од социјална заштита, семејно поврзување, изградба на куќи за слабите, помагање на немоќните, мажење на неомажените, посветеност кон инвалидите, старите, дури и во припрема на умрените од нивно капење, замотување во ќефини и копање на гробови.

3 – Вакуфот секогаш бил продолжена рака во зајакнување и продолжување на шеријатското знаење врз кого се темели исламското мисионерство, научните движења и преобразба. Тоа вродило плодови за муслиманите со давање на големи научни резултати, огромно исламско наследство и појава на ризница од учени луѓе кои блескаа на полето на научната историја.

4 – Вакуфот го остварува принципот на меѓусебно помагање меѓу исламскиот уммет, и изнаоѓање рамнотежа во општеството бидејќи преку него се поправа состојбата на сиромавиот и зајакнува слабиот и помага немоќниот.

5 – Вакуфот остварува општа корист и заеднички интерес за целиот уммет со што ги задоволува неговите потреби и го помага неговиот развој и напредок, бидејќи вакуфот ги поддржува неговите развојни проекти и научни истражувања.

6 – Вакуфот има удел и во гаранцијата за опстанок на имотот и постојана корист од неговите плодови и извлекување користи во подолг временски интервал и за бројни поколенија, и негова заштита од несериозен пристап на малоумните и со тоа континуитет за наградата од вакуфот.

## ЗАКЛУЧОК

Пренесува Енес, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол: „Примерот на мојот уммет е налик на дождот, не се знае кога е подобар неговиот почеток или неговиот крај.“[136] Значењата на зборот ‘дожд’ или ‘гајс’ кој има слично значење на дожд, го потенцира збирот на доброто кој се наоѓа во овој уммет. Имено, дождот е подарена Аллахова милост до Неговите созданија со кого Аллах ја оживува мртвата земја откако била замрена.

Таква е амбицијата и стремежот на добрите луѓе во секое време, јазикот на нивната состојба како да вели: ‘Навистина Аллах нѐ испрати да ги изведеме оние кои Тој сака – од обожување на луѓето во обожување на Господарот на луѓето, од неправдата на верите во правдата на исламот, и од теснотијата на дуњалукот до широчината на ахиретот.’

---

[136] Ахмед (12052), Тирмизи (2869), Албани го оценил за сахих во Силсиле (2286)

Дождот им доаѓа на луѓето во ситуација на мака, безнадежност, очај, а овој уммет е уммет на секое добро и дар. Уммет кој не очајува, не омекнува, не потклекнува во текот на историјата. Во текот на долгата историја исламската држава поминала низ разни кризи и искушенија, потреси и судири, но секој пат овој уммет излегувал од ќорсокак и се враќа посилен, со појак иман, дури во секое време непријателите на исламот и оние кои коваат планови и сплетки помислувале дека го поразиле овој уммет, но Аллах е чувар на уммет и ги оневозможува нивните валкани цели. Возвишениот вели:

﴿يُرِيدُونَ أَنْ يُطْفِئُوا نُورَ اللَّهِ بِأَفْوَاهِهِمْ وَيَأْبَى اللَّهُ إِلَّا أَنْ يُتِمَّ نُورَهُ وَلَوْ كَرِهَ الْكَافِرُونَ﴾

**„Тие сакаат со устите свои да го згаснат Аллаховото светло, а Аллах сака да го направи видливо светлото Свое, дури и да не им е по волја на неверниците.“** (Ет-Теуба, 32)

Откако асхабите ги слушнале Аллаховите зборови:

﴿فَاسْتَبِقُوا الْخَيْرَاتِ﴾

**„Па натпреварувајте се во правењето добри дела!“** (Ел-Бекара, 148)

И зборовите:

﴿وَسَارِعُوا إِلَى مَغْفِرَةٍ مِنْ رَبِّكُمْ وَجَنَّةٍ عَرْضُهَا السَّمَوَاتُ وَالْأَرْضُ أُعِدَّتْ لِلْمُتَّقِينَ﴾

**„И поитајте кон прошката од вашиот Господар и џеннетот широк колку небесата и Земјата, подготвен**

**за богобојазните!“** (Али Имран, 133)

Веднаш асхабите сфатиле дека поентата од сето тоа е дека е потребно секој да вложи труд да биде прв кој ќе ја заслужи оваа почест, интензивно настојувајќи да го постигне тој висок степен. Па кога некој ќе видел некој друг како работи за идниот свет повеќе од него, веднаш се натпреварувал и обидувал да го стигне и претекне, па нивното залагање било натпревар за ахиретските степени како што вели Возвишениот:

﴿وَفِي ذَلِكَ فَلْيَتَنَافَسِ الْمُتَنَافِسُونَ﴾

**„И за тоа нека се натпреваруваат оние коишто сакаат да се натпреваруваат!“** (Ел-Мутаффифин, 26)

Севишниот Аллах го молам да ни подари на сите корисно знаење и добри дела. Нека благословот и мирот засекогаш бидат врз нашиот Пратеник, Мухаммед, саллаллаху алејхи ве селлем, и врз сите негови асхаби!

*Мухаммед Салих ел-Мунеџџид*

محمد صالح المنجد

# ДОДАТОК

## ЛОШИ ТРАЈНИ ДЕЛА

( إِنَّا نَحْنُ نُحْيِي الْمَوْتَى وَنَكْتُبُ مَا قَدَّمُوا وَآثَارَهُمْ ) [يس : 12]

**„Ние, навистина, ќе ги оживееме мртвите и Ние го запишуваме тоа што го сториле и делата кои зад себе ги оставија; Ние сето тоа во јасната Книга го наброивме.“** (Јасин, 12)

Овој курански ајет кој се наоѓа во суре Јасин е темата за која сакаме особено да се фокусираме и извлечеме поуки и пораки. Поточно околу зборовите: „**И Ние го запишавме тоа што го сториле и делата кои зад себе ги оставија..“** Значи сѐ е запишано и она што го сработиле додека биле живи и делата кои ги оставиле зад себе. Под дела или трагови зад себе постојат две мислења кај толкувачите на Кур`анот:

**Прво:** Под дела се мисли на добрите или лошите дела или обичаи кои ги оставиле зад себе, како следниов хадис:

إِذَا مَاتَ الإِنْسَانُ انْقَطَعَ عَنْهُ عَمَلُهُ إِلاَّ مِنْ ثَلاَثَةِ أَشْيَاءَ: مِنْ صَدَقَةٍ جَارِيَةٍ، أَوْ عِلْمٍ يُنْتَفَعُ بِهِ، أَوْ وَلَدٍ صَالِحٍ يَدْعُو لَهُ

„Кога ќе умре човекот му престануваат сите дела освен три: трајната садака (милосрдие), наука со која ќе

се користат другите и доброто дете кое ќе се моли за него.“ (**Муслим**)

И зборовите на Аллаховиот Пратеник с.а.в.с.:

مَنْ دَعَا إِلَى ضَلاَلَةٍ كَانَ عَلَيْهِ مِنَ الإِثْمِ مِثْلُ آثَامِ مَنْ تَبِعَهُ لاَ يَنْقُصُ ذَلِكَ مِنْ آثَامِهِمْ شَيْئًا

„Кој ќе повикува кон заблуда, ќе има грев сличен на гревовите на оние кои ќе го следат без да им се намали нешто од нивните гревови.“ (**Муслим, 6980**)

Пренесува Енес ибн Малик, р.а., дека Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., рекол: „Седум работи му течат на човекот како награда после неговата смрт иако се наоѓа во гроб: знаењето со кое ги поучил другите, река која ја протекол, палма која ја посадил, џамијата која ја изградил, доброто дете кое го оставил зад себе кое бара прошка за него по неговата смрт и Куранот што го оставил во наследство.“ (**Ибн Нуајм, Ибн Ебу Давуд**)

Ако малку се потсетиме на последниот говор на Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., во прошталниот хаџ, на собирот кој се состоеше од над 100 000 аџии, каде Ресулуллах, а.с., ги пренесе најважните пораки до својот уммет и на крајот ни остави во еманет: „Фел јубеллиг еш-шахид ел-гаиб – Нека присутниот му пренесе на отсутниот.“ Значи секој што ќе научи нешто треба да го достави до отсутниот. Замислете само кога овој верски постулат ќе го применеа муслиманите. Кога нашите хутби, говори, ва’зови, дерсови се пренесуваа до нашите блиски, фамилијата, роднината... Послушајте ги следниве хадиси:

“Боже мој, смилуј им се на моите наследници!“ Асхабите рекле: „Кои се твои наследници, Аллахов Пратенику?“ Рече: „Оние кои ќе дојдат после мене и ќе ги пренесуваат моите зборови и ќе им ги поучуваат на луѓето.“ **(Таберани)** И зборовите: „Пренесете од мене барем еден ајет.“ **(Муслим)** Исто така и зборовите: „Кој упатува на добро ќе има награда како оној што ќе го работи.“ **(Муслим, Ебу Давуд)**

**Второ:** Под дела или траги се мисли на чекорите кон доброто или лошото дело. Хасан и Катаде велат дека „нивните траги или дела“ се однесува на нивните чекори. Во таа смисла се наведува хадисот каде племето Бену Селеме сакало да се пресели во близина на џамијата на Пратеникот, а.с. Кога слушнал тој за нивната намера им рекол: „Слушнав дека сакате да се преселите до близината на џамијата?“ Рекле: „Да, Аллахов Пратеniче!“ Тогаш им рекол: „О, Бену Селеме, од вашите куќи до џамија се пишуваат вашите траги, од вашите куќи до џамија се пишуваат вашите траги (чекори).“ (**Ахмед, Муслим**) И потоа се откажале од намерата.

Луѓето после смртта се делат на два вида според трајните добри или лошите дела кои ќе течат после нивната смрт:

Прв вид: Оној кој ќе умре и му престанат добрите и лошите дела подеднакво, тоа значи дека тој со себе на идниот свет ќе го понесе само она што го спечалил на овој свет.

Втор вид: човек кој ќе умре а трагите од неговите добри или лоши дела ќе продолжат да течат и после смртта.

Темата за добри и лоши дела е неизбежна за секој од нас, бидејќи неминовно на Судниот ден ќе постои полагање на сметка за делата на човекот и ќе биде поставена терезија/вага за остварување на Аллаховата правда. Возвишениот вели:

﴿وَنَضَعُ الْمَوَازِينَ الْقِسْطَ لِيَوْمِ الْقِيَامَةِ فَلا تُظْلَمُ نَفْسٌ شَيْئًا وَإِنْ كَانَ مِثْقَالَ حَبَّةٍ مِنْ خَرْدَلٍ أَتَيْنَا بِهَا وَكَفَى بِنَا حَاسِبِينَ﴾

**„Ние на Судниот ден терезиите на правдата ќе ги поставиме, па никому неправда нема да му биде направена: ако нешто биде тешко дури и колку зрно синап, Ние за тоа ќе казниме или ќе наградиме. А доста е тоа што Ние за сметките ќе испрашуваме**.“ (Ел-Енбија, 47)

Многу луѓе се рамнодушни кога се во прашање трајните лоши дела кои имаат константен карактер, т.е. последицата од лошото дело тече на овој свет а исто така и после смртта на сторителот тоа сеуште е штетно и последиците се трајни. Имено, постојат некои лоши дела кои и по смртта на човекот тие не престануваат, нивните лоши траги и последици продолжуваат и кај другите луѓе. Како што постојат лоши дела кои со смртта на човекот и тие лоши дела престануваат. Поради ова Ебу Хамид ел-Газали рекол: „Блазе на оној кој кога ќе умре му умираат и неговите гревови, а тешко на оној кој кога ќе умре неговите гревови остануваат сто или двеста години или повеќе после него, а тој ќе биде казнуван за нив во својот гроб сé додека не исчезне делото.“ (**Ихја, 2/74**)

Се наведуваат и бројни верски текстови кои предупредуваат од овој вид на лоши дела, меѓу тие текстови спаѓа и кур'анскиот ајет:

﴿لِيَحْمِلُوا أَوْزَارَهُمْ كَامِلَةً يَوْمَ الْقِيَامَةِ وَمِنْ أَوْزَارِ الَّذِينَ يُضِلُّونَهُمْ بِغَيْرِ عِلْمٍ أَلَا سَاءَ مَا يَزِرُونَ﴾

**„За на Судниот ден да го носат сиот товар свој и дел од товарот на тие кои несвесно во заблуда ги донеле. А грозно е тоа што тие ќе го носат**!“ (Ен-Нахл, 25)

И зборовите на Аллаховиот Пратеник с.а.в.с.:

مَنْ دَعَا إِلَى ضَلاَلَةٍ كَانَ عَلَيْهِ مِنَ الإِثْمِ مِثْلُ آثَامِ مَنْ تَبِعَهُ لاَ يَنْقُصُ ذَلِكَ مِنْ آثَامِهِمْ شَيْئًا

„Кој ќе повикува кон заблуда, ќе има грев слично на гревовите на оние кои ќе го следат без да им се намали нешто од нивните гревови.“ (**Муслим, 6980**)

И преданието: „Кој ќе воведе во ислам лош обичај, ќе го понесе гревот и гревот на оние кои ќе работат после него без да им се намали нешто од нивните гревови.“ (**Муслим, 2398**)

Од причина што ние живееме во време на лесни телекомуникациски врски, брзо ширење на информации од огромно значење е потсетување на муслиманите од опасноста на лошите дела кои се со постојан и траен карактер.

Драги браќа! Ќе ви раскажам една вистинита случка, која ја пренесува шејх Мухаммед ел-Арифи, дека бил еден младич кој паѓал често во гревови, влегувал во еротски страници и симнувал порно фотографии и видео

записи и потоа се фалел пред другарите, па кога ќе го прашале од каде ги снабдил, им кажувал дека бил вешт и професионалец во управување со компјутер и интернет и постои страница во која не може секој да влезе во неа, меѓутоа тој со својата способност успеал да влезе и да се претплати. Така еден ден тие побарале од него да им ги испраќа тие валкани работи преку мејл, и тој се имал претплатено на таа веб-страници за пет години соработка, па така овој младич секоја недела кога ќе дојдела некоја нова фотографија или видео, тој автоматски преку својот компјутер им ги испраќал на своите другари. Тоа потраило околу шест месеци, после тоа време му се случила сообраќајна несреќа каде што на лице место смртно настрадал. Но еротските слики и порно видеа продолжиле и понатаму да стигнуваат на нивните адреси, па едно момче им пишало на контакт адресата на веб-страницата дека тоа и тоа момче се преселило на ахирет и да престанат да му пуштаат фотографии и видеа, а тие му одговориле дали ја знае неговата лозинка од неговиот мејл за да го отпишат. Откако им одговорило дека не знае, тогаш автоматски уште 4 и пол години ќе продолжат да му испраќаат материјал за кој се претплатило околу петстотини ријали. И така неговиот грев и по неговата смрт почнал да се шири, а тоа момче да биде казнувано за нив. Уште почудно е што неговата мајка го видела своето дете во сон како кучиња уринираат врз неговиот гроб, па почнала да ги прашува неговите другари дали знаат нешто, па заминале кај некој учен човек да им го раскаже сонот, а учениот им го протолкувал сонот дека уринирањето на кучето значи

лошите дела кои ги правело сеуште течат и по неговата смрт. Аллах да нѐ сочува!

Затоа драги браќа и сестри! Да внимаваме што пишуваме на интернет, фејсбук, какви пораки и теми оставаме таму. Какви информации шириме, какви слики и видеа споделуваме. Имајте предвид дека сето тоа се бележи и сето тоа остава последици и додека сме живи но и после нашата смрт. Дали сме биле причина некој да се упати или пак да скршне во заблуда, да научи да клања или му внесеме двоумење во неговата вера.

# С О Д Р Ж И Н А

В О В Е Д ........................................ 5

РАЗЛИКАТА МЕЃУ ОПШТАТА И ЛИЧНАТА КОРИСТ ............7

КОИ ДЕЛА СЕ ПОВРЕДНИ? ........................................7

ПОМАГАЊЕ НА ЛУЃЕТО Е СВОЈСТВО НА ПРАТЕНИЦИТЕ И ВЕРОВЕСНИЦИТЕ ........................ 11

По овој исправен метод постапуваа и асхабите и добрите луѓе ........................................ 18

Огромната награда за делата од општа корист во Куранот и суннетот........................................19

ПРИМЕРИ НА ДЕЛА КОИ СЕ ОД ОПШТА КОРИСТ И КОЛЕКТИВЕН ИНТЕРЕС ........................................29

❁ Повикување на Аллаховиот пат........................................29

Негативни последици од оставање на да’ветот...........34

❁ Поучување на луѓето со корисно знаење..................39

Зошто животните бараат прошка за учениот човек?42

❁ БОРБА НА АЛЛАХОВИОТ ПАТ........................................45

❁ ЧУВАЊЕ СТРАЖА НА АЛЛАХОВИОТ ПАТ ........................ 47

❁ ИЗГРАДБА НА ЏАМИИ ........................................49

❁ ПРУЖАЊЕ СОВЕТ........................................50

❁ ПОСРЕДУВАЊЕ И ПОМАГАЊЕ НА ОБЕСПРАВЕНИТЕ ..61

⊛ ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ НА ЛУЃЕТО, НИВНО ПОМАГАЊЕ И ПРУЖАЊЕ ПОМОШ ПРИ НЕВОЛЈА............63
⊛ ДАВАЊЕ САДАКА НА СИРОМАШНИТЕ И НАГРАДИТЕ И УДВОЈУВАЊЕ НА СЕВАПИТЕ............................................75
⊛ ДОБАР ЗАЕМ И ИСЧЕКУВАЊЕ НА ОНОЈ КОЈ Е НЕМОЌЕН ДА ГО ВРАТИ............................................................. 81
⊛ НАХРАНУВАЊЕ СО ХРАНА..................................................86
⊛ ДОБРОЧИНСТВО КОН СИРАЦИТЕ (ЈЕТИМИТЕ)............. 87
⊛ ГРИЖА ЗА ВДОВИЦИТЕ И БЕДНИТЕ...............................90
⊛ ДОБРОЧИНСТВО КОН СОСЕДИТЕ .....................................92
КОЈА Е КАЗНАТА ЗА ОНИЕ КОИ ГИ КРШАТ ОВИЕ ПОРАКИ? ......................................................................................96
⊛ ТРОШЕЊЕ НА СВОЈАТА СОПРУГА И ДЕЦА....................100
⊛ ПОВРЗУВАЊЕ НА РОДНИНАТА.........................................101
⊛ ГРИЖА ЗА СОСТОЈБАТА НА МУСЛИМАНИТЕ................ 107
⊛ ОТСТРАНУВАЊЕ ПРЕЧКА ОД ПАТОТ ...............................112
⊛ КОРИСТЕЊЕ НА ЛУЃЕТО СО ДЕЛА КОИ ИЗГЛЕДААТ МАЛИ НО НИВНАТА НАГРАДА Е ГОЛЕМА КАЈ АЛЛАХ..................113
⊛ БЛАГО ОДНЕСУВАЊЕ КОН ЖИВОТНИТЕ ........................117
ШТО ОСТАНУВА ПО СМРТТА ................................................120
ЗАКЛУЧОК...................................................................................141
Д О Д А Т ОК...............................................................................144
ЛОШИ ТРАЈНИ ДЕЛА..............................................................144